МАКЕДОНСКИ ДИЈАЛЕКТЕН АТЛАС

ОД РИЗНИЦАТА НА КАРТОТЕКАТА – ЛЕКСИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ

Скопје 2024

INSTITUTE OF MACEDONIAN LANGUAGE "KRSTE MISIRKOV"
DEPARTMENT OF DIALECTOLOGY OF THE MACEDONIAN LANGUAGE

MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS
RESEARCH CENTER FOR AREAL LINGUISTICS "BOŽIDAR VIDOESKI"

MACEDONIAN DIALECT ATLAS

FROM THE TREASURY OF THE DIALECTAL ARCHIVE – LEXICAL MATERIALS

SKOPJE 2024

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДИЈАЛЕКТОЛОГИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
ИСТРАЖУВАЧКИ ЦЕНТАР ЗА АРЕАЛНА ЛИНГВИСТИКА „БОЖИДАР ВИДОЕСКИ“

МАКЕДОНСКИ ДИЈАЛЕКТЕН АТЛАС

ОД РИЗНИЦАТА НА КАРТОТЕКАТА – ЛЕКСИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ

СКОПЈЕ 2024

Уредници:
проф. д-р Веселинка Лаброска, доп. член на МАНУ
акад. Марјан Марковиќ

Рецензенти:
акад. Зузана Тополињска
проф. д-р Лилјана Макаријоска, доп. член на МАНУ
проф. д-р Максим Каранфиловски

Редакција:
Одделение за дијалектологија, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“
проф. д-р Еленка Стоевска-Денчова
проф. д-р Светлана Давкова-Ѓоргиева
проф. д-р Веселинка Лаброска
проф. д-р Гоце Цветановски
д-р Македонка Додевска
д-р Дарко Томовски

Истражувачки центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“, МАНУ
акад. Марјан Марковиќ
д-р Ангелина Панчевска
м-р Соња Миленковска
д-р Давор Јанкулоски

Автори:
Веселинка Лаброска
Марјан Марковиќ
Коста Пеев
Васил Дрвошанов
Еленка Стоевска-Денчова
Светлана Давкова-Ѓоргиева
Гоце Цветановски
Ангелина Панчевска
Соња Миленковска
Давор Јанкулоски
Македонка Додевска
Дарко Томовски
Ѓорѓе Геновиќ
[Аритон Поповски]
[Маријана Киш]
[Убавка Гајдова]

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

811.163.3'282(084.42)

МАКЕДОНСКИ дијалектен атлас : од ризницата на картотеката – лексички материјали = Macedonian dialect atlas : from the treasury of the dialectal archive – lexical materials / [Веселинка Лаброска ... и др.]. - Скопје : Институт за македонски јазик "Крсте Мисирков", Одделение за дијалектологија македонскиот јазик : Македонска академија на науките и уметностите истражувачки центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“ ; Skopje : Institute of macedonian language "Krste Misirkov" department of dialectology of the macedonian language : Macedonian academy of sciences and arts research center for areal linguistics "Božidar Vidoeski", 2024 (Скопје : Винсент-графика). - 250 стр. : карти; 29.7 см x 42 см

Останати автори: Марјан Марковиќ, Коста Пеев, Васил Дрвошанов, Еленка Стоевска-Денчова, Светлана Давкова-Ѓоргиева, Гоце Цветановски, Ангелина Панчевска, Соња Миленковска, Давор Јанкулоски, Македонка Додевска, Дарко Томовски, Ѓорѓе Геновиќ, [Аритон Поповски], [Маријана Киш], [Убавка Гајдова]. - Библиографија: стр. 241-244 стр.

ISBN 978-608-220-090-3 (ИМЈ)
ISBN 978-608-203-392-1 (МАНУ)

1. Лаброска, Веселинка [автор] 2. Марковиќ, Марјан [автор] 3. Пеев, Коста [автор] 4. Дрвошанов, Васил [автор] 5. Стоевска-Денчова, Еленка [автор] 6. Давкова-Ѓоргиева, Светлана [автор] 7. Цветановски, Гоце [автор] 8. Панчевска, Ангелина [автор] 9. Миленковска, Соња, [автор] 10. Јанкулоски, Давор [автор] 11. Додевска, Македонка [автор] 12. Томовски, Дарко [автор] 13. Геновиќ, Ѓорѓе [автор] 14. Поповски, Аритон [автор] 15. Киш, Маријана [автор] 16. Гајдова, Убавка [автор]

а) Македонски јазик -- Дијалекти – Атласи

COBISS.MK-ID 64845317

ПРЕДГОВОР

Македонскиот дијалектен атлас е еден од капиталните проекти во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ иницира и обмислен од академик Божидар Видоески. Воведниот том на овој атлас излезе од печат во 2008 година со наслов *Македонски дијалектен атлас – пролегомена* и тој наиде во научната јавност на многу позитивни критики од страна на дијалектолозите во славистичкиот лингвистички свет.

Томот што сега го објавуваме носи наслов ***Македонски дијалектен атлас* (*од ризницата на картотеката – лексички материјали*)** и претставува на некој начин почеток на серијата лексички томови што ќе бидат објавени како резултат на многугодишната работа на дијалектолозите од Одделението за дијалектологија во Институтот за македонски јазик, како и на дијалектолозите од Истражувачкиот центар за ареална лингвистика при МАНУ. Нашата извонредна соработка на сите полиња има како резултат нов, современ пристап на обработка на дијалектниот материјал на карти – исцртани на компјутер со знаци во различна боја со што се оцртуваат и ареалите. Кон сите карти се дава и целокупниот лексички материјал од Картотеката на *Македонскиот дијалектен атлас,* којашто е собрана според *Прашалникот за Македонскиот дијалектен атлас* изработен од академик Божидар Видоески. Коментарите за различните називи за секое одделно лексичко прашање, а кои се јавуваат на целата македонска дијалектна територија се осовременети и поткрепени со етимологии од најнови етимолошки речници во словенскиот и во балканскиот регион. Овој том на *Македонскиот дијалектен атлас* истовремено е и дел од тековниот проект на проф. д-р Веселинка Лаброска пријавен во ИЦАЛ МАНУ со наслов *Дијахрониска и синхрониска обработка на македонските дијалекти.*

Овој том од атласот со наслов ***Македонски дијалектен атлас* (*од ризницата на картотеката – лексички материјали*)**, освен што прикажува одговори на 50 лексички прашања на целата македонска дијалектна територија, опремен е и со сите придружни елементи потребни за ваков вид научни проекти, а тоа се: Фонетска транскрипција, Список на сите населени места застапени во нашата картотека, Демографски описи на населените места, карта бланковка, карта со основните граници на трите дијалектни наречја според Б. Видоески, обработка на материјалот во Индекси и Карти, Список на користена литература и Список на скратеници.

Посебно е значајно тоа дека во овој том се опфатени карти што се објавени по разни поводи не само од актуелните соработници, туку и од нашите поранешни колеги, па со тоа се нагласува континуитетот во обработката на лексичките карти, а истовремено им се дава заслуженото внимание на нашите претходници, без чиешто долгогодишно залагање немаше да ја има ниту Картотеката во таков обем ниту знаењето на актуелните научни работници на полето на дијалектологијата.

Поранешни соработници коишто се јавуваат како автори во овој том се следниве: Аритон Поповски, Коста Пеев, Маријана Киш, Убавка Гајдова, Васил Дрвошанов. Нивните карти и коментари, заедно со картите и коментарите на актуелните соработници, создаваат една целина во вид на лексички том од *Македонскиот дијалектен атлас*. Соработници од *Одделението за дијалектологија* при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ се: Еленка Стоевска-Денчова, Светлана Давкова-Ѓоргиева, Гоце Цветановски, Веселинка Лаброска, Македонка Додевска, Дарко Томовски, како и надворешниот соработник-истражувач Ѓорѓе Геновиќ, а соработници од Истражувачкиот центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“ при МАНУ се: академик Марјан Марковиќ, Ангелина Панчевска, Соња Миленковска и Давор Јанкулоски.

Вака конципиран, томот со наслов ***Македонски дијалектен атлас* (*од ризницата на картотеката – лексички материјали*)** ја отсликува работата на сите претходници и современици, а со тоа исцртува не само слика за лексичкото богатство на македонската дијалектна територија, туку и слика за долгогодишната ангажираност на дијалектолозите врз овој мошне значаен проект за македонистиката и за славистиката.

Фонетската транскрипција и списокот на пунктови од македонската дијалектна територија се дадени според *Прашалникот за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас* од академик Божидар Видоески (2000).

Демографските описи со податоци за населените места од 15 до 20 век се внесени од страна на Светлана Давкова-Ѓоргиева, Веселинка Лаброска и Еленка Стоевска-Денчова, а поновите податоци од последните два пописа се внесени од страна на Дарко Томовски.

Индексите што го претставуваат целиот дијалектен материјал за дадената лексема главно се изработени од авторите на картите. Се разбира, картите и коментарите што биле објавени претходно во разни списанија од страна на колегите Аритон Поповски, Коста Пеев, Маријана Киш и Убавка Гајдова бараа целосна преработка, осовременување и проверка на податоците. Тоа беше постигнато со огромно залагање на колегите Давор Јанкулоски, Соња Миленковска, Ангелина Панчевска и Македонка Додевска, кои се јавуваат како коавтори на соодветните коментари и карти (в. Список на карти).

Македонка Додевска внесе во ексел програма и/или среди дваесетина индекси од различни автори кои недостасуваа и го дорабоги материјалот за лексемата *добиток* од колегата Аритон Поповски и се јавува како негов коавтор.

Колегата Дарко Томовски внесе во ексел програма и/или среди дваесетина индекси, а допрецизира и дорабоги индекси и коментари за две лексеми претходно обработени од Веселинка Лаброска и се јавува како нејзин коавтор.

Колегата Ѓорѓе Геновиќ, кој во периодот на подготовка на Атласот беше дел од дијалектолошкиот тим во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ благодарение на размена со Еразмус – програма, среди, прецизира и дорабоги индекси и коментари за 5 карти од Веселинка Лаброска и се јавува како коавтор на тие карти.

Коментарите и нумеричките индекси што се база за исцртување на картите ги изработија авторите на секоја обработена лексема.

Картите ги изработија соработниците од Истражувачкиот центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески“ при МАНУ: Ангелина Панчевска, Соња Миленковска и Давор Јанкулоски.

Подготовката на материјалот за печат ја направи Давор Јанкулоски.

Финалната проверка на коментарите, индексите и картите, под раководство на главните редактори – доп. член Веселинка Лаброска и акад. Марјан Марковиќ, ја направија Македонка Додевска, Дарко Томовски, Соња Миленковска и Давор Јанкулоски.

20 септември 2024 год.

Од редакцијата

ВОВЕД

Основање на Македонски дијалектен атлас – МДА. *Македонскиот дијалектен атлас* како проект е иницира̄н далечната 1959 година на Конгресот на југословенските слависти во Загреб. Раководител и главен организатор на проектот од самиот почеток до крајот на својот живот (1998 г.) беше академик Божидар Видоески. Тој ги има осмислено сите елементи на проектот, од библиографијата потребна за изработка на ваков атлас, преку мрежата на пунктови на македонската дијалектна територија, потоа Прашалникот за собирање лексички материјал на терен, фонетската транскрипција, картата бланковка, па сè до самото одење на терен и обучување на помладите колеги за оваа активност. Се разбира дека сите овие елементи битни за еден дијалектолошки проект, Видоески ги надградувал, ги усовршувал и дополнувал. За да се реализира ваков обемен проект којшто барал многу ангажман во прибирањето на дијалектен материјал на терен и потоа формирање на картотека на Проектот, Божидар Видоески иницирал во 1960 година и формирање Одделение за дијалектологија во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје. Од 1961 година ова Одделение станува официјален носител на проектот *Македонски дијалектен атлас,* а истовремено е носител и на проектот *Топономастички речник на Македонија*. Божидар Видоески се јавува како раководител на двата проекта, сè до 1965 година кога вториот проект е преземен од страна на новоформираното *Одделение за ономастика*.

Поранешни и актуелни соработници на МДА. Од далечната 1961 година до денес, во Одделението за дијалектологија при Институтот биле вработени следниве соработници: Милица Конеска (од 1961 до 1977), Аритон Поповски (од 1961 до 1979), Коста Пеев (од 1963 до 1984), Олга Иванова (од 1963 до 1965), Петре Јанкуловски (од 1963 до 1965), Тодорка Шапкалиска (од 1971 до 1980), Марјана Киш (од 1971 до 2000), Васил Дрвошанов (од 1979 до 1995, и потоа од 2011 до 2018), Билјана Маленко (од 1981 до 2004), Здравко Стаматоски (од 1986 до 2000), Убавка Гајдова (од 1993 до 2014).

Одделението за дијалектологија во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ денес брои 6 соработници: проф. д-р Еленка Стоевска-Денчова (од 1987), проф. д-р Светлана Давкова-Ѓоргиева (од 1989), проф. д-р Веселинка Лаброска (од 1990), проф. д-р Гоце Цветановски (од 1998), доц. д-р Македонка Додевска (од 2022) и доц. д-р Дарко Томовски (од 2022).

Базата на собраниот дијалектолошки материјал. Книгата со наслов *Прашалник за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас,* објавена во 2000 година во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, всушност, претставува финална верзија на *Теренскиот прашалник,* според којшто се собрани дијалектните материјали кои ја прават основната Картотека на МДА. *Прашалникот,* најновата фонетска транскрипција и финалниот список на пунктови, сите се изработени од академик Божидар Видоески и дополнети со делот што носи наслов *Преглед на проблеми за Прашалникот на МДА*, попознат како *Проблемски прашалник* и составен од академик Зузана Тополињска. Теренскиот прашалник има XXXV глави што претставуваат семантички гнезда и во кои има во просек по стотина прашања кои бараат како одговор одредена лексема од дадената семантичка област.

Во Одделението за дијалектологија денес располагаме со 3 картотеки: 1) Картотека со одделните називи распоредени според семантички полиња, собрана според *Теренскиот Прашалник* од Б. Видоески, 2) Картотека со тетратките од терен од секој пункт одделно и 3) Картотека со семинарски работи изработени под менторство на академик Божидар Видоески во кои се зафатени различни дијалектни прашања, разработени на различни начини.

Материјал претставен во овој том на МДА. Атласот што го гледате пред вас е резултат на обработка на 50 лексеми распоредени според *Теренскиот прашалник* во првата Картотека. Римскиот број што е ставен до обработената лексема го означува бројот на главата во *Прашалникот*, а арапскиот број го означува самото прашање со кое на терен се добиени одговорите за даден назив во секој пункт одделно. Во овој том од Атласот обработени се лексеми од следниве глави: пет лексеми од I глава (*црнка, трепка, мев, стапалка, слезина*), пет лексеми од II глава (*разрок, гро, лага, вистина, кодоши*), една лексема од IV глава (*пена*), седум лексеми од V глава (*балдаза, кум, макеа, очув, сестричник, стрико, вујко*), една лексема од VI глава (*јака*), две лексеми од VII глава (*сид, чад*), две лексеми од VIII глава (*толчник, аван*), пет лексеми од IX глава (*пешник, пченкарен леб, залак, колбас, тиганици*), четири лексеми од X глава (*целина, ледина, снопје, прекос*), една лексема од XI глава (*фурка*), три лексеми од XII глава (*добиток, митари (се), прле*), две лексеми од XIII глава (*овен/брав, угич/водач*), три лексеми од XIV глава (*лисица, ласица, трут*), една лексема од XV глава (*крлушка/ паринка*), две лексеми од XVI глава (*клукајдрвец, кикиришка*), четири лексеми од XVII глава (*јаболко, грав, јорган, памук*), една лексема од XVIII глава (*патека*), и една лексема од XX глава (*вампир*).

Пунктовите односно населените места од кои е собиран дијалектен материјал се нумерирани од 1 до 392, со тоа што има и броеви што не носат пункт и тие се прескокнати во нумерацијата (пр. 6, 8, или 33, 36), но има и броеви што носат ознака *а, б, в* (пример: 47а, 47б, 47в) и тие се дополнително додадени од страна на академик Видоески затоа што, според него, носат уште попрецизна информација за даден регион. Вкупно има 351 пункт. Списокот на пунктови со бројот и името на населеното место е даден на почетокот на Атласот. Пунктовите означуваат населени места на целата македонска дијалектна територија и тоа: 215 се наоѓаат на територијата на Р Македонија, 98 на територијата на Р Грција, 28 во Р Бугарија, 9 во Р Албанија и 1 пункт во Р Косово. За жал еден дел од пунктовите што не се во границите на нашата држава, не можевме да ги собереме на терен и таму недостасува материјал. Сепак, генералната слика за територијалната распространетост на даден назив е видлива од картите.

Начин на картографирање. Лексичката обработка на материјалот во овој том подразбираше упростување на фонетските разлики кај одделни називи, иако има и неколку карти каде што се видливи токму тие фонетски разлики (види карти за: *макеа, очув, вујко, фурка, лисица*).

Од друга страна зборообразувачките разновидности што сметавме дека се релевантни за дијалектната поделба на македонската територија се означени на картите на тој начин

што се дава ист знак за дадената лексема (на пример круг или квадрат), но со различна боја за различните зборообразувачки форманти (види карти за: *разрок, лаѓа, вистина, ласица, крлушка, клукајдрвец*). Подвлечените броеви во нумеричките индекси укажуваат дека во дадениот пункт се појавува повеќе од еден одговор за даденото прашање.

Единечните називи што се појавуваат кај одделни лексички прашања обработени во овој Атлас се означени со еден знак со којшто се упатува и на материјалот и на коментарот, бидејќи понекаде даваме толкување и за тие единечни називи. Графиските знаци со кои се означуваат одделните македонски гласови што се застапени во дијалектите се според фонетската транскрипција дадена од академик Божидар Видоески, која е осовременета според принципите на употреба на фонетски дијалектни кирилични знаци во славистиката и пошироко во лингвистиката. Фонетските записи на сите регистрирани лексички единици се дадени во комплетниот материјал, а со нив се означени и сите единечни називи во одделните коментари, додека во нумеричкиот индекс и во легендата на самата карта се дадени стандардни/стандардизирани форми на лексемите што се картографираат со одделни знаци.

Избор на картографирани лексеми. Поголем дел од картите што сега ги објавуваме веќе биле објавени (како коментар и карта или само како коментар) во научни монографии или списанија и зборници. Картите и коментарите од проф. д-р Коста Пеев се објавени во: Пеев, К. 1976. „Земјоделската терминологија во македонските дијалекти“ (дел 1), *Македонски јазик,* XXVII, 121–143 и „Земјоделската терминологија во македонските дијалекти“ (дел 2), *Македонски јазик,* XXVIII, 65–93; картите и коментарите од проф. д-р Васил Дрвошанов се објавени во неговата монографија: Дрвошанов, В. 2005. *Анатомската лексика за човекот во македонските говори,* Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“, картите и коментарите од проф. д-р Маријана Киш се објавени во: Киш, М. 1996. *Дијалектната лексика од областа на растителниот свет*. Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“; и Киш, М. 2010. *Лексички, зборообразувачки и морфотактички особености на македонските дијалекти,* Посебни изданија, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, кн. 69, Скопје; коментарот (без карта) за *добиток* од д-р Аритон Поповски е објавен во: Поповски, А. 1977. „Сточарската дијалектна лексика во македонскиот јазик“, АНУБиХ, *Посебна издања* 31, 5, Сарајево, 139–145; коментарот (без карта) од проф. д-р Убавка Гајдова е објавен во: Гајдова, У. 2019. *Од дијалектната синтакса и други јазични теми.* Скопје: ИМЈ „Крсте Мисирков“. Картите на актуелните соработници се објавувани во одделни монографии и зборници што се наведени во *Користена и консултирана литература*, а еден дел овде се објавуваат за првпат.

Финална обработка на картите. Сите карти што претходно биле објавени во разни научни списанија или монографии, сега се преработени со користење на сите можности што ни ги дава сегашната компјутерска техника, а тоа се две нивоа на означување: различни знаци од една страна и различна боја од друга страна. Колегите од Истражувачкиот центар за ареална лингвистика при МАНУ, со своето долгогодишно искуство од работата на картите на Меѓународните лингвистички атласи (Општословенски лингвистички атлас – ОЛА и Европски лингвистички атлас – АЛЕ), но и со работата врз одличниот *Лингвистички атлас на македонските дијалекти (според материјалите на ОЛА)* објавен во 2020 година, изработија читливи карти за лексемите што ги одбравме за објавување во овој прв том од *Македонскиот дијалектен атлас*. Сите обработки на картите беа направени под будното око на академик Марјан Марковиќ, а сугестии и проверки на коментарите добивме од академик Зузана Тополињска, како и од другите двајца рецензенти, проф. д-р Лилјана Макаријоска, дописен член на МАНУ, и проф. д-р Максим Каранфиловски. Свесни сме дека секогаш може поинаку и/или подобро, но фактот дека по долги години го објавуваме овој прв том, не прави горди и среќни што ја имаме таа чест да ја продолжиме работата на нашите претходници. Токму оваа генерација македонски дијалектолози може да ѝ покаже на целата македонска и меѓународна лингвистичка јавност колкаво нематеријално духовно богатство претставуваат македонските дијалекти.

проф. д-р Веселинка Лаброска,
дописен член на МАНУ

СПИСОК НА ИСТРАЖЕНИ И ОБРАБОТЕНИ ПУНКТОВИ

1. ЖИДИЛОВО
2. КРКЉА
3. ГРАДЕЦ/ДУРАЧКА РЕКА
4. ГАБЕР
5. ЛУКЕ
6. ОГУТ
8. РАНКОВЦИ
9. ПСАЧА
10. КРАТОВО/ШЛЕГОВО
11. КНЕЖЕВО
12. ДОЛНИ СТУБОЛ
13. СТРАЦИН
15. ШОПСКО РУДАРЕ
16. МУРГАШ
17. ЖЕГЊАНЕ
18. ЧЕТИРЦЕ
19. МЛАДО НАГОРИЧАНЕ
22. КЛЕЧОВЦЕ
23. ДУМАНОВЦЕ
23а. МАТЕЈЧЕ
24. РОМАНОВЦЕ
24а. БУЧИНЦИ/БУЈКОВЦИ
25. ОРАШАЦ
26. ПАВЛЕШЕНЦИ
29. НЕМАЊИНЦИ
30. КНЕЖЈЕ
31. ПРЕВОД
32. ДИВЛЕ
33. БЕЛИМБЕГОВО
36. ЦРЕШЕВО
37. ЉУБАНЦЕ
37а. БРОДЕЦ
38. БАРДОВЦИ
39. КУЧКОВО
40. ВРАТНИЦА
41. ЛЕШОК
42. БРЕЗНО
43. ТЕАРЦЕ
44. РАКОТИНЦЕ
45. ТЕТОВО
46. САРАЌИНЦЕ
47. МИЛЕТИНО
47а. Г. СЕДЛАРЦЕ
47б. УРВИЧ
47в. БРОД (ГОРА)
48. ЧЕЛОПЕК
49. ТУМЧЕВИШТЕ
50. ВОЛКОВИЈА
51. ПОЖАРАНЕ
52. ПЕЧКОВО
53. БАЛИН ДОЛ
54. КУНОВО
55. ЛЕУНОВО
57. МАВРОВО
58. ЖЕРНОНИЦА
59. ТРЕБИШТЕ
59а. ОБОКИ
60. РОСТУШЕ
61. ГАЛИЧНИК
64. Г. КОСОВРАСТИ
65. БАНИШТЕ
66. ДЕБАР
67. ГОРЕНЦИ
68. ГАРИ
69. ЛАЗАРОПОЛЕ
71. ЕФЛОВЕЦ
72. ГОЛЕМ ПАПРАДНИК
73. ЏЕПИШТЕ
74. КЛЕЊЕ
74а. СТЕБЛЕВО
75. МОДРИЧ
76. ЈАБЛАНИЦА
78. ЛУКОВО
79. РЖАНОВО
80. БОРОВЕЦ
81. ВЕВЧАНИ
81а. ВИШНИ
82. ГЛОБОЧИЦА
85. СТРУГА
86. РАДОЖДА
87. ВОЛИНО
88. БОТУН
89. ВРБЈАНИ
92. БЕЛЧИШТА
93. ОРОВНИК
94. ОХРИД
95. РАМНЕ
95а. КОЈНСКО
96. ПЕШТАНИ
99. ТРПЕЛЦА
100. ЉУБАНИШТА
101. ЛЕСКОЕЦ
102. СТЕЊЕ
103. ЉУБОЈНО
106. АРВАТИ
107. ПРЕТОР
108. ЦАРЕВ ДВОР
109. РЕСЕН
110. ЃАВАТО
113. КРУШЈЕ
114. РЕЧИЦА
115. СМИЛЕВО
116. ДИХОВО
117. ДРАГОШ
118. КАНИНО
120. БУКОВО
121. КУКУРЕЧАНИ
122. ЖИВОЈНО
123. СКОЧИВИР
124. ПАРАЛОВО
125. ДОБРОМИР
127. ПУТУРОС
128. ТОПОЛЧАНИ
129. КРУШОВЈАНИ
130. СЛЕПЧЕ (Д. ХИС.)
131. Д. ДИВЈАЦИ
134. ПРОСТРАЊЕ
135. ВРАНЕШТИЦА
136. КНЕЖИНО
137. ДУШЕГУБИЦА/ПОПОЕЦ
138. ЛЕШНИЦА
141.ТАЈМИШТА
142. БУКОЈЧАНИ
143. ТУИН
144. СВЕТОРАЧА
145. М. БРОД
146. ТОПОЛНИЦА
147. ЗВЕЧАН
148. САМОКОВ
149. Г. БЕЛИЦА
149а. БРЕЗНИЦА
150. ЗДУЊЕ
151. Н. БРЕЗНИЦА
152. НЕРЕЗИ
155. РАКОТИНЦИ
156. ДРАЧЕВО
157. ЗЕЛЕНИКОВО
158. ДРЖИЛОВО
159. КАТЛАНОВО
162. ЛУГУНЦИ
163. БАШИНО СЕЛО
164. КАРАБУНИШТЕ
165. МЕЛНИЦА
166. ЦРКВИНО
169. ГРНЧИШТЕ
170. ИЗВОР
171. НЕЖИЛОВО
172. СТРОВИЈА
173. СЛЕПЧЕ (ПРИЛ.)
176. БОГОМИЛА
177. НИКОДИН
178. ТРОЈАЦИ
179. ВАРОШ
180. ПРИЛЕПЕЦ
183. ДУЊЕ
184. ПОДЛЕС
185. ГРАДСКО
186. ПРАВЕДНИК
187. ВИТОЛИШТЕ
190. СТАРАВИНА
191. РОЖДЕН
192. КОНОПИШТЕ
193. БАРОВО
194. ВАТАША
197. МАРЕНА
198. КЛИСУРА
199. МИРАВЦИ
200. КОНСКО
201. СТОЈАКОВО
203. ФУРКА
205. ПИРАВА
206. НИКОЛИЧ
207. ДОЈРАН
208. КОСТУРИНО
209. МУРТИНО
210. НОВО СЕЛО
211. ГАБРОВО
212. МОКРИЕВО
213. СМОЛАРЕ
214. СТИНЕК
215. ПИПЕРОВО
216. РОБОВО
218. НИВИЧИНО
219. ПОДАРЕШ
220. ВЕЉУСА

221. КОНЧЕ
222. ДУКАТИНО
225. ДЕДИНО
226. РАДОВИШ
227. ЉУБОТЕН
228. НИКОМАН
229. ДОЛНИ БАЛВАН
230. ШТИП
232. СУДИЌ
233. БОГОСЛОВЕЦ
234. ЛЕЗОВО
235. СПАНЧЕВО/СОКОЛАРЦИ
236. ЗЛЕТОВО
237. ЛЕСНОВО
238. ДРЕВЕНО
239. ПРИПЕЧАНИ
240. ГРАТЧЕ
241. КОЧАНИ
242. ВИНИЦА
243. КОСТИН ДОЛ
246. САСА
247. КАМЕНИЦА
248. КАЛИМАНЦИ
249. БЛАТЕЦ
250. ЛАКИ
253. КИСЕЛИЦА
254. ДЕЛЧЕВО
254а. ЗВЕГОР
255. ТРАБОТЕВИШТЕ
256. СТАР ИСТЕВНИК
257. МАЧЕВО
260. ПЕХЧЕВО
261. БЕРОВО
262. ДВОРИШТЕ
263. КРНАЛОВО
264. ГАБРЕНЕ
265. МЕНДОВО
267. РАЗДОЛ
267а. БЕЛИЦА
268. КРЕСНА
269. БРЕЖАНИ
270. ПОКРОВНИК
270а. ЛЕШКО
271. ОСЕНОВО
272. БИСТРИЦА
274. БЕЛИЦА
275. РАЗЛОГ
276. БАНСКО
276а. ЕЛЕШНИЦА
277. СТОЖА
278. КРЕМЕН
279. ДЕБРЕНЕ
280. РОЖЕН
281. ХРСОВО
282. ОСИКОВО
283. ГРМЕН
284. ДЕЛЧОВО
285. ПИРИН
286. ЛЕХОВО
287. ГАЈТАНИНОВО
288. ГОДЕШЕВО
289. ЖИЖЕВО
290. ВОЛАК
291. ЗРНОВО
291а. СТАРЧИШТЕ
292. Г. БРОДИ
293. КРУШЕВО
294. РУПЕЛ
295. БУТКОВО
296. ЧИФЛИЦИК
297. САВЕК/КУЛА
298. ФРАШТЕНИ
298а. ДЕРВИШАН
299. ПЛЕВНА
300. КАЛАПОТ
301. СКРИЖЕВО/КЛЕПУШНА
302. ЗИЉАХОВО
303. КАЛЕНДРА
304. СЕКАВЕЦ
305. СУХО
306. ВИСОКА
307. НЕГОВАН
309. БАЛИВЕЦ
310. АЈВАТОВО
311. МУТУЛОВО
312. КУКУШ
313. ПАТАРОС
313а. СНЕВЧЕ (ШТЕМНИЦА)
314. КРЕЦОВО
315. АМБАР ЌОЈ
316. ГРАДОБОР
317. КИРЕЧ ЌОЈ
318. КУЛАКИЈА
319. ВАТИЛАК
319а. ВАРДАРОВЦИ
320. ИЛИЦИЕВО
322. БАРОВИЦА
323. ГУМЕНЦЕ
324. МАЧУКОВО
325. ТУШИН
326. С’БОТСКО
327. КОРНИШОР
328. ЦРНЕШЕВО
330. В’ДРИШТА
331. ЕНИЦЕ-ВАРДАР
332. ПЛАСНИЧЕВО
333. МОНОСПИТА/ЈАНЧИШТА
334. ВРТОКОП/ЛИПОХАР
336. МАНДАЛЕВО
337. ЛУКОВЕЦ
338. ВЛАДОВО
339. САРАЌИНОВО
340. ТРЕСИНО
341. ЧЕГАН
342. СТРУПИНО
343. Г. ПОЖАРСКО
344. ПОПАДИЈА
345. ОСТРОВО
346. КАТРАНИЦА
346а. БИРИЛЦИ
347. РАНЦИ
348. ТРЕМНО
348а. ЛИПИНЦИ
349. ЕМБОРЕ
350. ЕКШИ СУ
352. ЗЕЛЕНИЧ
353. П’ТЕЛЕ
354. ВОШТАРАНИ
355. ПОП’ЛЖАНИ
356. Д. КОТАРИ
357. БУФ
359. МОКРЕНИ
360. ЗАГОРИЧАНИ
361. ГОРЕНЦИ
362. ТИОЛИШТА
363. БАПЧОР
365. ХРУПИШТА
366. БОГАТСКО
367. МАРКОВЕНИ
368. ДОБРОЛИШТА
369. ЕЗЕРЕЦ
369а. СНИЧЕНИ
370. ГАЛИШЧА
373. НЕСТРАМ
374. ГРАТЧЕ
375. Д’МБЕНИ
376. КРЧИШТА
376а. ЛОБАНИЦА
377. В’МБЕЛ
377а. ВРБНИК
380. ВИШЕНИ
381. КОНОМЛАДИ
381а. ГАБРЕШ
382. РУЉА
383. ОШЧИМА
384. ГЕРМАН
385. ГЛОМБОЧАНИ
386. ЛЕСКА
386а. ПУСТЕЦ
387. Л’К
388. НИВИЦИ
389. ШУЛИН
390. ГРАЖДЕНО
391. БОБОШЧИЦА
391а. ДРЕНОВЕНИ
392. СЛИМНИЦА

НАСЕЛЕНИЕТО ВО МАКЕДОНИЈА
Осврт на демографската состојба од 15 до 20 век

Македонските дијалекти, развивајќи се низ вековите слободно, без ограничувања од стандард, претставуваат вистинско богатство на јазични особености и најуверлив запис за промените во времето и во просторот. Се разбира, македонските дијалекти ги следеле тенденциите на внатрешен развој на јазикот, но трпеле и странични влијанија кои на овие балкански простори биле неминовни, не само за македонскиот туку и за другите балкански јазици. За да се добие попрецизна слика за јазичните влијанија и правците на развој на македонскиот јазик, сметаме дека е важно да се прикаже составот на населението и неговите промени во последните пет века. Во оваа статија ќе презентираме дел од достапните податоци за демографската состојба на населените места што влегуваат во границите на македонската јазична територија. Свесни сме дека, поради недостаток на соодветна литература, дел од територијата нема да биде покриена со информации за постариот историски период.

За реализација на зацртанава задача ги користевме следниве трудови: 1. *Население по народност и населби во СРМ* (според административно-територијална поделба од 9-II 1962), Скопје 1964; 2. Попис '94, Податоци за сегашноста и иднината, први резултати, Скопје 1994; 3. Александар Стојановски и Драги Ѓоргиев, *Населби и население во Македонија – XV и XVI век*, дел 1, Скопје 2001; 4. Василъ Кънчовъ, *Македония, Етнография и статистика*, София 1900; 5. Тодор Симовски, *Населените места во Егејска Македонија*, книга прва, Скопје 1978; 6. Тодор Симовски, *Населените места во Егејска Македонија*, книга 1 и 2, Скопје 1998.

При давање на податоците поаѓаме од состојбата во нашите градови (заедно со околните населени места) прикажана во два пописа направени во дваесеттиот век, во 1961 и во 1994 година. Податоците од пописот од 1961 година се дадени на три нивоа: ниво на околија, ниво на општина, ниво на самиот град (без околните населени места). Потоа следуваат податоци за бројот на населението во петнаесеттиот и шеснаесеттиот век според турските пописни дефтери (обработени во книгата од Стојановски и Ѓоргиев, види погоре). Тука се дава бројот на семејства, христијански и муслимански, а под христијански семејства се подразбира, секако, во најголем дел македонското население. Бидејќи во пописните дефтери покрај бројот на семејствата кај христијанското население е регистриран и бројот на вдовиците, во нашиов прилог бројот што ги прикажува христијанските семејства ги опфаќа и семејствата на вдовиците. На крајот ги даваме податоците за бројот на населението кон крајот на деветнаесеттиот век според Васил К'нчов, дополнети со понови податоци од трудот на Т. Симовски. За жал, во делот што се однесува на територијата надвор од границите на Република Македонија располагаме само со податоци од понов период, но се надеваме дека и тие се доволно репрезентативни за процентот на македонско население кое ја населувало Егејска и Пиринска Македонија.

Битолската околија според пописот од 1961 година ја населувале вкупно 235.382 жители. Од нив Македонци се 210.043, Албанци се 2.694, Турци 14.387. Во општината Битола биле населени вкупно 54.982, Македонци 49.061, Албанци 378 и Турци 3.269. Само во градот Битола имало вкупно 49.001, од нив Македонци 43.108, Албанци 378, Турци 3.265. Според пописот од 1994 година општината Битола ја населувале вкупно 106.012, од нив Македонци 96.358, Албанци 3.970, Турци 1.835, Роми 1.678, Власи 922, Срби 565.

Според пописот од 1468 година Битола ја населувале 175 христијански семејства, 278 муслимански, а според пописот од 1544-45 во Битола имало 185 христијански и 387 муслимански семејства. По дваесетина години бројниот сооднос на жителите се променил: 135 христијански семејства, муслимански 618 и еврејски семејства 285.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Битола имало Македонци 10.000, Турци 10.500, Албанци муслимани 1.500, Власи 7.000, Евреи 5.500, Роми 2.000*.

Општината Демир Хисар според пописот од 1961 година ја населувале вкупно 16.673 жители. Од нив Македонци се 16.266, Албанци се 75, Турци 238. Според пописот од 1994 година општината Демир Хисар ја населувале вкупно 10.321, од нив Македонци се 10.019, Албанци 204, Турци 27, Власи 2, Срби 8.

Според пописот од 1468 година Демир Хисар го населувале само христијански семејства вкупно 117, според пописот од 1544-45 имало 35 христијански семејства, а во 1568 год. бројот паднал на 24 христијански семејства.

Според К'нчов во Демир Хисар имало вкупно 13.119 Македонци, со исклучок на три села каде имало и мал број муслиманско население.

Според пописот од 1961 година **општината Дихово** ја населувале вкупно 7.913 жители. Од нив Македонци се 6.465, Албанци се 411, Турци 169. Само во Дихово биле населени вкупно 686 жители од кои Македонци се 679.

Според пописот од 1468 година Дихово го населувале само 90 христијански семејства, според пописот од 1544-45 имало 61 христијанско семејство, а 1568 година бројот се намалил на 32 семејства, само христијани.

Според К'нчов во Дихово кон крајот на 19 век имало 200 Македонци и 280 Албанци муслимани.

Според пописот од 1961 година **општината Крушево** ја населувале вкупно 9.100 жители. Од нив Македонци се 5.673, Албанци се 125, Турци 2.190 и Власи 1.059. Само во градот Крушево биле населени вкупно 4.099 жители, од кои Македонци 3.012 и Власи 1.057. Според пописот од

* При давање податоци за бројот на населението на територијата на Македонија, К'нчов се служи со термините Бугари христијани и Бугари муслимани. Познат е фактот дека во дадените општествено-политички услови, македонското население намало можност слободно да ја изразува својата национална определба и повеќето истражувачи го третираат како дел од населението на соседните држави. Затоа сметаме дека посочените термини од К'нчов со право можеме да ги замениме со Македонци.

1994 година општината Крушево ја населувале вкупно 11.981, од нив Македонци 6.671, Албанци 2.757, Турци 664, Роми 27, Власи 889, Срби 39.

Според К'нчов во градот Крушево кон крајот на 19 век имало 4.950 Македонци, 400 Албанци христијани и 4.000 Власи. Во целата крушевска околија имало Македонци 6.435, Албанци христијани 400 и 95 Власи кои се регистрирани само во селото Трстеник, а вкупниот број на жители е 10.530.

Прилепската општина според пописот од 1961 година ја населувале вкупно 49.276 жители. Од нив Македонци се 45.270, Албанци се 68, Турци 893. Само во градот Прилеп биле населени вкупно 37.459, од нив Македонци 33.608, Албанци 38 и Турци 884. Според пописот од 1994 година општината Прилеп ја населувале вкупно 93.248 жители, од нив Македонци 82.032, Албанци 1.657, Турци 3.901, Роми 3.735, Власи 8 и Срби 194.

Според пописот од 1468 година Прилеп го населувале 328 христијански семејства и 21 муслиманско семејство, а според пописот од 1568-69 имало 328 христијански семејства и 279 муслимански семејства.

Според К'нчов во Прилепската каза (во која е опфатена и Мариовската нахија) имало вкупно 73.146 жители, од кои 57.213 Македонци, 1.740 Македонци муслимани, 3.525 Албанци муслимани, Турци 8.150, Власи имало 745 и Роми 1.773. Само градот Прилеп имал 16.900 Македонци, 6.200 Турци, 480 Власи и 960 Роми.

Мариово според пописот од 1961 година брои вкупно 11.567 жители. Од нив Македонци се 11.507, Албанци се 1 и Турци 7.

Според пописот од 1468 година, селата што припаѓале на Мариовската нахија (Витолишта, Старавина, Градешница, Рожден) ги населувале само христијански семејства, а според пописот од 1544-45, освен христијанските, имало и 6 муслимански семејства (едно во Витолишта и 5 во Старавина).

Охридската околија според пописот од 1961 година ја населувале вкупно 187.088 жители. Од нив Македонци се 123.578, Албанци се 40.412, Турци се 18.848. Во општината Охрид во 1961 година биле населени вкупно 23.390 жители, од кои Македонци 18.083, Албанци 1.880, Турци 2.590. Само во **градот Охрид** имало вкупно 16.492 жители, од кои Македонци 11.222, Албанци 1.866, Турци 2.590. Според пописот од 1994 година општината Охрид ја населувале вкупно 60.841, од нив Македонци 52.643, Албанци 2.789, Турци 2.374, Роми 58, Власи 252, Срби 375. Со пописот од 1536-39 година во Охрид се регистрирани 349 христијански семејства и 93 муслимански, а според пописот од 1583 во Охрид имало 261 христијанско семејство и 249 муслимански.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Охридската каза (во која спаѓале нахијата Дебарца и Струшката нахија) имало вкупно 60.305 жители. Од нив Македонци христијани биле 41.208, Македонци муслимани биле 3.026, Турци 6.000, Албанци христијани 300, Албанци муслимани 6.991, Власи 1.960 и Роми 820. Само во градот Охрид имало 8.000 Македонци, Албанци христијани 300, Албанци муслимани 500, 5.000 Турци, Власи 460 и Роми 600.

Според пописот од 1961 година **општината Струга** ја населувале вкупно 47.058 жители. Од нив Македонци биле 28.833, Албанци 14.925, а Турци 1.782. Само градот Струга брои вкупно 6.857 жители, од кои Македонци 3.423, Албанци 1.649 и Турци 994. Според пописот од 1994 година општината Струга ја населувале вкупно 62.305, од нив Македонци 28.259, Албанци 27.840, Турци 3.268, Роми 104, Власи 530, Срби 124.

Според пописот од 1536-39 година Струга ја населувале 220 христијански семејства и 8 муслимански, а според пописот од 1583 имало 241 христијанско семејство, а 58 муслимански.

Според К'нчов во градот Струга кон крајот на 19 век имало 3.000 Македонци, 1.000 Турци, 350 Албанци муслимани и 220 Роми.

Според пописот од 1961 година **општината Дебар** ја населувале вкупно 15.729 жители. Од нив Македонци се 2.746, Албанци 6.916, Турци 5.402. Само Дебар го населувале вкупно 6.323, од нив Македонци 1.009, Албанци 4.507, Турци 195. Според пописот од 1994 година општината Дебар ја населувале вкупно 26.449, од нив Македонци се 5.449, Албанци 12.138, Турци 6.865, Роми 1.110, Срби 31.

Според пописот од 1536-39 година Дебар (порано Раховник) го населувале 189 христијански семејства и 58 муслимански, а според пописот од 1583, во Дебар имало 145 христијански семејства и 132 муслимански.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Дебарската каза имало вкупно 53.505 жители, од нив Македонци христијани 15.438, Македонци муслимани 10.292, Турци 3.380, Албанци Муслимани 23.695 и Роми 700. Само во Дебар имало вкупно 15.500, од нив Македонци христијани 4.500, Албанци муслимани 10.500 и Роми 500.

К'нчов, кон крајот на 19 век во Реканската каза (Жерноница, Мала Река, Требишта, Ростуше, Битуше, Скудриње, Косоврасти, Галичник, Јанче и др.) регистрирал вкупно 25.539 жители, од нив 12.015 Македонци христијани, 6.565 Македонци муслимани, Албанци христијани 3.221, Албанци муслимани 3.738.

Според пописот од 1961 година **општината Ресен** ја населувале вкупно 23.730 жители. Од нив Македонци се 17.658, Албанци 2.343 и Турци 3.496. Само Ресен броел вкупно 5.824, од нив Македонци 3.845, Албанци 293, Турци 1.555. Според пописот од 1994 година општината Ресен ја населувале вкупно 17.467, од нив Македонци се 13.297, Албанци 1.694, Турци 1.891, Роми 117, Власи 30 и Срби 68.

Според К'нчов во градот Ресен кон крајот на 19 век имало 2.400 Македонци, 800 Македонци муслимани, 30 Турци, 300 Албанци муслимани, 570 Власи и 350 Роми.

Според пописот од 1961 година **општината Кичево** ја населувале вкупно 39.883 жители. Од нив Македонци 21.194, Албанци 14.316, Турци 3.468. Само Кичево било населено со вкупно 10.324 жители, од нив Македонци 6.809, Албанци 681, Турци 2.079. Според пописот од 1994 година општината Кичево ја населувале вкупно 53.044, од нив Македонци се 20.829, Албанци 26.310, Турци 3.840, Роми 1.393, Власи 12, Срби 107.

Според пописот од 1467-68 година Кичево го населувале 173 христијански семејства и 37 муслимански, а според пописот од 1568-69 имало: христијански семејства 41, а муслимански 77.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Кичевската каза (во која спаѓала и Поречка нахија) имало вкупно 39.590 жители. Од нив Македонци христијани 25.476, Македонци муслимани 7.660, Албанци муслимани 6.190 и Роми 264. Само во градот Кичево имало вкупно 4.844 жители. Од нив Македонци христијани 1.200, Македонци муслимани 3.560 и Роми 84.

Според пописот од 1961 година **општината Брод** ја населувале вкупно 18.034 жители. Од нив Македонци се 15.870, Албанци 15 и Турци 2.088. Само Брод имал 947 жители, од нив Македонци 931, Албанци 4. Според пописот од 1994 година општината Брод ја населувале: вкупно 10.912, од нив Македонци 7.463, Албанци 14, Турци 3.362, Роми 1, Власи 1 и Срби 14.

Според пописот од 1467-68 година Брод го населувале 15 христијански семејства, а според пописот од 1568-69 во Брод имало 16 христијански семејства и 1 муслиманско.

Според К'нчов во Брод кон крајот на 19 век имало само 350 Македонци.

Тетовската околија според пописот од 1961 година ја населувале вкупно 173.826 жители. Од нив Македонци се 50.981, Албанци се 95.535, Турци 24.091. Во **општината Тетово** во 1961 година биле населени вкупно 43.124 жители, од кои Македонци 13.421, Албанци 21.693 и Турци 6.474. Само градот Тетово имал вкупно 25.357, од нив Македонци 11.631, Албанци 6.435, Турци 5.864.

Според пописот од 1994 година општината Тетово ја населувале вкупно 174.748 жители, од нив Македонци 35.816, Албанци 130.880, Турци 3.821, Роми 2.407, Власи 20, Срби 1.109.

Според пописот од 1467-68 година Тетово го населувале: 223 христијански семејства, 41 муслиманско семејство, а според пописот од 1568-69 имало: христијански семејства 112, а муслимански 320.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Тетовската каза (во која спаѓала и Гостиварската нахија) имало вкупно 79.509 жители. Од нив Македонци христијани биле 31.897, Македонци муслимани биле 1.554, Турци 15.680, Албанци христијани 874, Албанци муслимани 27.793, Власи 50 и Роми 1661.

Само во градот Тетово според К'нчов имало вкупно 19.200. Од нив 8.500 биле Македонци христијани, 9.000 Турци, Албанци муслимани 500 и Роми 1.200.

Во **општината Гостивар** во 1961 година биле населени вкупно 50.708, Македонци 12.769, Албанци 27.973 и Турци 945. Само градот Гостивар имал вкупно 12.787, од нив Македонци 5.092, Албанци 2.904, Турци 4.349. Според пописот од 1994 година општината Гостивар ја населувале: вкупно 108.189, од нив Македонци 19.682, Албанци 69.610, Турци 13.565, Роми 2.092, Власи 11, Срби 263.

Според пописот од 1467-68 година Гостивар го населувале 51 христијанско семејство, а според пописот од 1568-69 имало само 10 христијански семејства.

Градот Гостивар според К'нчов кон крајот на 19 век имал вкупно 3.735 жители, од нив 310 биле Македонци христијани, 3.100 Турци, Албанци муслимани 100, Власи 25 и Роми 200.

Скопската околија според пописот од 1961 година ја населувале вкупно 270.299 жители. Од нив Македонци се 165.270, Албанци се 34.790, Турци 31.939. Во **Скопје** (Скопје дел I, II, III и IV) биле населени вкупно 165.529 жители, од нив Македонци биле 109.799, Албанци 11.172 и Турци 14.610. Со пописот од 1994 година во градот Скопје (сите градски општини заедно) се регистрирани вкупно 541.280 жители, од нив Македонци 354.377, Албанци 112.914, Турци 12.639, Роми 20.966, Власи 2.229 и Срби 19.664.

Според пописот од 1467-68 година Скопје го населувале 363 христијански семејства и 666 муслимански семејства, а според пописот од 1568-69 во Скопје имало 547 христијански семејства и 1485 муслимански.

К'нчов, кон крајот на 19 век во Скопската каза запишал вкупно 68.122 жители. Од нив Македонци христијани биле 34.862, Македонци муслимани 2.455, Турци 17.024, Албанци христијани 150, Албанци муслимани 9.032, Власи 450, Евреи 800 и Роми 2.469. Само во Скопје имало вкупно 31.900 жители, од нив 13.000 Македонци христијани, 15.000 Турци, Албанци христијани 150, Власи 450, Евреи 800 и Роми 1.920.

Кумановската околија според пописот од 1961 година ја населувале вкупно 148.064 жители. Од нив Македонци се 105.483, Албанци 7.211, Турци 17.295. Во **општината Куманово** биле населени вкупно 48.688, Македонци 30.805, Албанци 2.572 и Турци 4.634. Само во градот Куманово има 30.762 вкупно, од нив Македонци 20.323, Албанци 1.893, Турци 2.512. Според пописот од 1994 година општината Куманово ја населувале: вкупно 126.543, од нив Македонци 65.004, Албанци 45.637, Турци 398, Роми 3.121, Власи 134, Срби 11.612.

Со пописот од 1519 година во Куманово се забележани 34 христијански семејства и 19 муслимански семејства, а според пописот од 1573 имало 13 христијански семејства и 33 муслимански.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Кумановската каза имало вкупно 48.421 жители. Од нив Македонци христијани 34.191, Македонци муслимани 500, Турци 6.150, Албанци муслимани 6.166, Власи 50, Евреи 30 и Роми 1.034. Само во Куманово имало вкупно 14.530, од нив 7.700 Македонци христијани, 5.800 Турци, Албанци муслимани 600, Власи 50, Евреи 30 и Роми 350.

Во **општината Крива Паланка** во 1961 година има вкупно 31.536 жители, од кои Македонци 30.657, Албанци 3, Турци 18. Само градот Крива Паланка има 2.844 жители, Македонци 2.360, Албанци 1, Турци 12. Според пописот од 1994 година општината Крива Паланка ја населувале вкупно 25.112 жители, од нив Македонци 24.388, Турци 1, Роми 565, Власи 2, Срби 92.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Кривопаланечката каза имало вкупно 27.572 жители. Од нив Македонци биле 24.162, Турци 2.500, Власи 220 и Роми 690. Само во Крива Паланка имало вкупно 4.340, од нив 1.500 биле Македонци, 2.500 Турци, Власи 20 и Роми 320.

Во **општината Кратово** во 1961 имало вкупно 15.912 жители, од кои Македонци 15.591, Албанци 6, Турци 92. Само Кратово во 1961 година има вкупно 2.411, Македонци 2.229, Албанци 4, Турци 89. Според пописот од 1994 година општината Кратово ја населувале вкупно

10.855 жители, од нив Македонци 10.676, Турци 7, Роми 138, Срби 22.

Според пописот од 1519 година Кратово го населувале 1.047 христијански семејства и 155 муслимански, а според пописот од 1573, имало 408 христијански семејства, а муслимански 293.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Кратовската каза имало вкупно 23.850 жители. Од нив Македонци биле 19.385, Турци 3.805, Власи 340 и Роми 320. Само во Кратово имало вкупно 4.500, од нив 1.900 Македонци, 2.500 Турци и 100 Роми.

Штипската околија според пописот од 1961 година ја населувале вкупно 253.601 жители. Од нив Македонци се 227.547, Албанци се 800, Турци 14.278. Во **општината Штип** биле населени вкупно 36.444 жители, од кои Македонци 29.794, Албанци 194 и Турци 2.075. Само градот Штип во 1961 го населувале вкупно 20.269 жители, од кои Македонци 17.527, Албанци 71 и Турци 783. Според пописот од 1994 година општината Штип ја населувале вкупно 50.531 жител, од нив Македонци 44.246, Албанци 26, Турци 2.029, Роми 1.465, Власи 2.201, Срби 291.

Со пописот од 1519 година во Штип биле регистрирани 353 христијански семејства и 201 муслиманско семејство, а со пописот од 1573 имало 276 христијански семејства и 447 муслимански.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Штипската каза имало вкупно 49.607 жители. Од нив Македонци се 22.492, Турци 25.675, Евреи 800 и Роми 640. Само во Штип имало вкупно 20.900, од нив 10.900 биле Македонци, 8.700 биле Турци, Евреи биле 800 и Роми 500.

Според пописот од 1961 во **општината Свети Николе** имало вкупно 22.473 жители. Од нив Македонци 19.472, Албанци 405, Турци 811. Само Св. Николе во 1961 година имало вкупно 4.420 жители, Македонци 4.227 и Турци 63. Со пописот од 1994 година во општината Свети Николе биле забележани вкупно 21.391 жител, од нив Македонци 20.558, Албанци 58, Турци 224, Роми 50, Власи 322, Срби 112.

Според пописот од 1519 година Свети Николе го населувале 160 христијански семејства, а според пописот од 1573 бројот се зголемил на 260 христијански семејства.

Свети Николе според записите на К'нчов кон крајот на 19 век имало вкупно 1.910 жители. Од нив 1.110 Македонци и 800 Турци.

Кочанската општина според пописот од 1961 година ја населувале вкупно 38.136 жители. Од нив Македонци се 35.813, Албанци се 5, Турци 895. Само во градот Кочани биле населени вкупно 11.011, Македонци 9.412, Албанци 3 и Турци 832. Според пописот од 1994 година општината Кочани ја населувале вкупно 48.105 жители, од нив Македонци 46.066, Турци 529, Роми 1.084, Власи 242, Срби 86.

Кочани во 1519 имало 53 христијански семејства и едно муслиманско. Во 1573, Кочани имало 50 христијански семејства и 1 муслиманско.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Кочанската каза (заедно со Виница) имало вкупно 36.043 жители. Од нив Македонци биле 20.736, Турци 11.820, Власи 2.020, Албанци муслимани 45 и Роми 1.402. Само во Кочани имало вкупно 5.950 жители, од нив 2.800 биле Македонци, 2.600 Турци, Албанци муслимани 40, Власи 150 и Роми 360.

Пробиштипската општина во 1961 имала вкупно 15.283 жители, од нив Македонци биле 14.848, Албанци 5 и Турци 27. Само Пробиштип во 1961 имал вкупно 549 жители, од нив Македонци 540, Турци 3. Според пописот од 1994 година општината Пробиштип ја населувале вкупно 16.373 жители, од нив Македонци 16.171, Турци 5, Роми 14, Власи 36, Срби 101.

Пробиштип во 1519 година имал 58 христијански семејства и едно муслиманско, а во 1573 имал 59 христијански семејства и 1 муслиманско.

Според податоците на К'нчов, Пробиштип спаѓа во Кратовската каза и кон крајот на 19 век броел вкупно 233 жители само Македонци.

Виничката општина во 1961 имала вкупно 14.455 жители, од нив Македонци 12.392, Албанци 1 и Турци 1.369. Само Виница во 1961 имала вкупно 4.048, од нив Македонци 3.388, Турци 201. Според пописот од 1994 година општината Виница ја населувале вкупно 19.010 жители, од нив Македонци 17.676, Турци 244, Роми 877, Власи 155, Срби 29.

Виница спред пописот од 1519 година била населена со 22 христијански семејства и со 2 муслимански, а според пописот од 1573 имала 57 христијански семејства и 5 муслимански.

Според К'нчов кон крајот на 19 век Виница спаѓала во кочанската каза и имала вкупно 1.320 жители, од нив 840 биле Македонци, 300 Турци и 180 Роми.

Радовишката општина според пописот од 1961 имала вкупно 22.358 жители, од нив Македонци биле 18.670, Албанци 168 и Турци 2.917. Само Радовиш во 1961 година имал вкупно 6.246 жители. Од нив Македонци биле 5.183, Албанци 2, Турци 592. Според пописот од 1994 година општината Радовиш ја населувале вкупно 30.378 жители, од нив Македонци биле 25.946, Албанци 24, Турци 4.234, Роми 45, Власи 14, Срби 70.

Радовиш според пописот од 1519 имал 196 христијански семејства и 22 муслимански. Според пописот од 1573 имало 196 христијански, 28 муслимански и 51 јуручко семејство.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Радовишката каза имало вкупно 20.494 жители. Од нив Македонци биле 9.043, Турци 11.061 и Роми 390. Само во Радовиш имало вкупно 6.230, од кои 2.030 биле Македонци, 4.000 Турци и 200 Роми.

Струмичка општина според пописот од 1961 имала вкупно 33.269 жители. Од нив Македонци биле 30.245, Албанци 9 и Турци 2.217. Само Струмица во 1961 година имала вкупно 15.949 жители. Од нив Македонци се 14.405, Албанци 7, Турци 866. Според пописот од 1994 година општината Струмица ја населувале вкупно 89.759 жители, од нив Македонци се 83.586, Албанци 7, Турци 5625, Роми 191, Власи 1 и Срби 207.

Струмица според пописот од 1519 имала 294 христијански семејства и 266 муслимански. Според пописот од 1573 Струмица имала 231 христијанско и 442 муслимански семејства.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Струмичката каза имало вкупно 40.882 жители. Од нив Македонци биле 23.602, Турци 14.930, Евреи 700 и Роми 1.650. Само во Струмица имало вкупно 10.160, од кои 6.200 биле Македонци, 3.100 Турци, 700 Евреи и 160 Роми.

Беровската општина според пописот од 1961 имала вкупно 14.050, од кои Македонци се 13.695, Албанци 3 и Турци 188. Само Берово во 1961 година има вкупно 4.289 жители. Од нив Македонци се 3.995, Албанци 3, Турци 134. Според пописот од 1994 година општината Берово ја населувале вкупно 19.737 жители, од нив Македонци 18.567, Албанци 1, Турци 425, Роми 684, Власи 2, Срби 42.

Берово според пописот од 1519 имало 563 христијански семејства и 3 муслимански. Според пописот од 1573 во Берово имало 184 христијански и 6 муслимански семејства.

Во Берово, според К'нчов, кон крајот на 19 век имало вкупно 2.940 жители, од нив 2.300 биле Македонци христијани, 600 Македонци муслимани и 40 Роми.

Пехчевската општина според пописот од 1961 имала вкупно 5.998 жители, од нив Македонци 5.215, Албанци 3, Турци 580. Само Пехчево 1961 имало 1.827 вкупно, од нив Македонци 1.696, Албанци 3, Турци 60.

Пехчево според пописот од 1519 имало 126 христијански семејства и 1 муслиманско. Според пописот од 1573 имало 100 христијански и 12 муслимански.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Пехчевската каза имало вкупно 29.266 жители. Од нив Македонци христијани биле 19.751, Македонци муслимани биле 8.065, Турци 425 и Роми 485. Само во Пехчево имало вкупно 4.070 жители, од нив 700 биле Македонци христијани, 3.300 Македонци муслимани и Роми 70.

Делчевската општина според пописот од 1961 имала вкупно 18.913 жители, од нив Македонци 17.740, Албанци 4, Турци 875. Само Делчево 1961 имало 3.147 вкупно, од нив Македонци 2.645, Турци 318. Според пописот од 1994 година, општината Делчево ја населувале вкупно 25.052 жители, од нив Македонци 24.156, Албанци 9, Турци 153, Роми 628, Срби 74.

Делчево, според пописот од 1519, имало 69 христијански семејства и 6 муслимански. Според пописот од 1573 Делчево имало 35 христијански и 13 муслимански семејства.

Само Делчево (т.е. Царево Село) според К'нчов имало вкупно 1.610 жители, од нив 520 биле Македонци христијани, 575 Македонци муслимани, 425 Турци и 90 Роми.

Велешката околија според пописот од 1961 имала вкупно 137.743 жители, од кои Македонци се 117.963, Албанци 1.666 и Турци 10.643. **Општината Велес** во 1961 имала вкупно 36.304 жители. Од нив Македонци се 30.216, Албанци 429, Турци 3.900. Само градот Велес имал вкупно 27.050, од нив Македонци 24.570, Албанци 69, Турци 1.532. Според пописот од 1994 година општината Велес ја населувале вкупно 65.523 жители, од кои Македонци биле 54.547, Албанци 4.281, Турци 2.367, Роми 501, Власи 293 и Срби 612.

Велес според пописот од 1467-68 имал 243 христијански семејства и 12 муслимански. Според пописот од 1568-69 во Велес имало 248 христијански и 76 муслимански.

К'нчов кон крајот на 19 век во Велешката каза регистрирал вкупно 55.104 жители. Од нив Македонци христијани биле 35.734, Македонци муслимани биле 1.900, Турци 15.110, Албанци муслимани 1.159, Власи 500 и Роми 710. Само во Велес имало вкупно 19.700, од кои 12.000 биле Македонци христијани, 6.600 Турци, 500 Власи и 600 Роми.

Кавадаречката општина според пописот од 1961 имала вкупно 22.913, од кои Македонци биле 21.644, Албанци 50 и Турци 544. Само Кавадарци во 1961 имало вкупно 11.409 жители. Од нив Македонци се 10.634, Албанци 5, Турци 421. Според пописот од 1994 година општината Кавадарци ја населувале вкупно 41.801 жител, од кои Македонци биле 40.056, Турци 186, Роми 466, Власи 17 и Срби 794.

Во Кавадарци според пописот од 1519 имало 28 христијански семејства. Според пописот од 1573 имало само 15 христијански семејства.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Тиквешката област имало вкупно 47.203 жители. Од нив Македонци христијани биле 26.575, Македонци муслимани 17.961, Турци 2.076, Албанци христијани 24, Власи 122 и Роми 535. Само во Кавадарци имало вкупно 5.092 жители, од нив 1.940 Македонци христијани, 3.000 Македонци муслимани, 32 Власи и 120 Роми.

Неготинската општина според пописот од 1961 имала вкупно 15.682 жители, од кои Македонци биле 13.198, Албанци 165 и Турци 819. Само Неготино во 1961 година имало вкупно 4.087 жители. Од нив Македонци се 3.920, Албанци 1 и Турци 15. Според пописот од 1994 година општината Неготино ја населувале вкупно 23.094 жители, од нив Македонци 21.273, Албанци 35, Турци 620, Роми 138, Власи 21, Срби 872.

Во Неготино според пописот од 1519 имало 64 христијански семејства. Според пописот од 1573 имало 93 христијански семејства и 5 муслимански.

Според К'нчов во Неготино имало вкупно 2.395 жители. Од нив 1.925 биле Македонци христијани, 320 Македонци муслимани, 90 Власи и 60 Роми.

Гевгелиската општина според пописот од 1961 имала вкупно 14.139. Од нив Македонци 13.755, Албанци 3 и Турци 16. Само Гевгелија 1961 има вкупно 7.332 жители. Од нив Македонци се 7.013, Албанци 1, Турци 16[†]. Според пописот од 1994 година општината Гевгелија ја населувале вкупно 34.767, од нив Македонци 32.637, Албанци 45, Турци 697, Роми 51, Власи 121, Срби 1.059.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Гевгелиската каза имало вкупно 49.315 жители. Од нив Македонци биле 20.643, Турци 14.900, Власи христијани 9.430, Власи муслимани 350 и Роми 655. Само во Гевгелија имало вкупно 4.175, од нив 3.000 Македонци христијани, 650 Турци, Власи 120 и Роми 230.

Стар Дојран во 1961 година имал вкупно 107 жители, од нив Македонци 77. Нов Дојран во 1961 година

[†] Податоци за Гевгелиско и Дојранско за 15–16 век во книгите што ги користевме нема, поради тоа што тие градови спаѓале во Солунскиот санџак.

брои вкупно 1.116 жители, од кои Македонци се 1.052 и Албанци 6.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во Дојранската каза имало вкупно 29.588 жители. Од нив Македонци биле 9.618, Турци 17.492, Евреи 160 и Роми 1.048. Само во Дојран имало вкупно 6.780 жители, од нив 4.000 Македонци, 2.300 Турци, 160 Евреи и 320 Роми.

Валандовската општина според пописот од 1961 имала вкупно 8.784 жители. Од нив Македонци биле 6.800, Албанци 17 и Турци 1.347. Само Валандово во 1961 година има вкупно 2.201 жител. Од нив Македонци се 2.097, Албанци 1, Турци 20. Според пописот од 1994 година општината Валандово ја населувале вкупно 12.049, од нив Македонци 9.882, Албанци 14, Турци 1456, Роми 26 и Срби 624.

Валандово според пописот од 1519 имало 184 христијански семејства и 35 муслимански. Според пописот од 1573 во Валандово имало 152 христијански семејства и 38 муслимански семејства.

Валандово според К'нчов имало вкупно 1.195 жители, од нив христијани 820, Турци 285 и Роми 90.

Со Лозанската конвенција од 24 јули 1923 година, односно со принудното иселување на христијанското население од Турција во Грција, како и поновото иселување на Македонците во Бугарија и делумно во Вардарска Македонија (која беше во составот на Кралството на СХС) и во прекуокеанските земји, од основа се изменила етничката структура на Егејска Македонија. Сепак, и покрај присилните миграции и иселувањата на Македонците од Егејска Македонија од 1912 до 1940 година, кои ја достигнале бројката од околу 90.000, бројот на Македонците пред почетокот на Втората светска војна останал голем. Земајќи го предвид природниот прираст на Македонците, кој, за периодот 1928–1940, во просек изнесувал 24%, нивниот број во 1940 година бил исто толку колку што бил и во периодот пред Балканските војни, односно се движел меѓу 300.000 и 320.000. И покрај сите миграции, сепак, во округзите Воден, Лерин и Костур процентот на македонското население и натаму останал релативно висок и се движел од 55% во Воденско до 85 % во Леринско (Симовски 1 1998: XVII).

Според К'нчов кон крајот на 19 век во **Солунската каза** имало вкупно 156.956 жители. Од нив Македонци христијани 27.164, Турци 31.978, Грци 30.761, Евреи 55.000 и Роми 3.553. Само во Солун имало вкупно 118.000, од нив 10.000 Македонци христијани, 26.000 Турци, Грци 16.000, Евреи 55.000 и Роми 2.500. Во 1928 година во градот Солун се населиле вкупно 117.031 грчки и други колонисти, а муслиманското население по сила на Лозанската конвенција се иселило во Турција. Истата година градот Солун со приградските населби подигнати од грчки колонисти броел вкупно 236.524 жители (Симовски 1 1978: 448).

Според К'нчов кон крајот на 19 век во **Енивардарската каза** имало вкупно 48.760 жители. Од нив христијани Македонци биле 24.789, Македонци муслимани 12.170, Турци 9.485, Грци 25, Власи 274, Евреи 90 и Роми 1.827. Само во Енице Вардар имало вкупно 9.599, од нив 4.000 биле Македонци, 5.100 Турци, Грци 25, Власи 24, Евреи 90 и Роми 300. Во 1971 година градот брои 18.151 жител, од кои околу 13.000 бегалци Грци, а другите се Македонци и извесен број Власи (Симовски 1 1978: 197).

Според К'нчов кон крајот на 19 век во **Воденската каза** имало вкупно 43.180 жители. Од нив Македонци христијани биле 25.839, Македонци муслимани 7.940, Турци 8.098, Власи 430 и Роми 873. Само во Воден имало вкупно 11.070 жители, од кои 7.000 христијани Македонци, 4.000 Турци, Власи 30 и Роми 40. Во 1940 година градот брои 12.377 жители, од кои 3.377 се Македонци, 400 Власи и 3.600 Грци претежно бегалци (Симовски 1 1978: 165).

Според К'нчов кон крајот на 19 век во **Кукушката каза** имало вкупно 43.178 жители. Од нив Македонци биле 21.408, Турци 19.928 и Роми 1.782. Само во Кукуш имало вкупно 7.750 жители, од кои 7.000 Македонци и 750 Турци. Во 1971 година градот брои 18.151 жител, од кои околу 13.000 бегалци Грци, а другите се Македонци и извесен број Власи (Симовски 1 1978: 197).

К'нчов кон крајот на 19 век во **Серската каза** регистрирал вкупно 107.684 жители. Од нив христијани Македонци биле 40.316, муслимани Македонци 220, Турци 23.220, Грци 28.665, Власи 1.800, Евреи 2.500 и Роми 4.563. Само во Серес имало вкупно 28.100, од нив 2.200 биле христијани Македонци, 11.500 Турци, Грци 11.000, Евреи 2.500 и Роми 500. До Балканските војни Серес бил еден од најголемите градови во југоисточна Македонија со претежно турско, грчко и мешано население. Во пописот од 1913 евидентиран е со само 18.668 жители, а во 1920 година со 14.486 жители (Симовски 2 1998: 264–265).

Според К'нчов кон крајот на 19 век во **Демирхисарската каза (Валовишта)** имало вкупно 51.470 жители. Од нив христијани Македонци биле 30.890, муслимани Македонци 1.150, Турци 14.690, Грци 350, Власи 2.165 и Роми 1.575. Само во Демир Хисар имало вкупно 5.840, од кои 1.200 биле христијани Македонци, Грци 350, 3.300 Турци, Власи 120 и Роми 420.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во **Петричката каза** имало вкупно 41.088 жители. Од нив христијани Македонци 27.773, муслимани Македонци 865, Турци 11.310, Евреи 40 и Роми 1.100. Само во Петрич имало вкупно 7.190, од нив 2.450 христијани Македонци, 4.600 Турци, Власи 40 и Роми 100.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во **Мелничката каза** имало вкупно 28.271 жител. Од нив христијани Македонци биле 16.998, муслимани Македонци 700, Турци 5.551, Грци 2.500, Власи 1.150 и Роми 1.222. Само во Мелник имало вкупно 4.330, од нив 500 христијани Македонци, Грци 2.650, 950 Турци, Власи 30 и Роми 200.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во **Горноџумајската каза** имало вкупно 31.478 жители. Од нив христијани Македонци биле 21.282, муслимани Македонци 3.900, Турци 4.575, Грци 60, Власи 1.130, Евреи 180 и Роми 351. Само во Горна Џумаја имало вкупно 6.440, од нив 1.250 христијани Македонци, Грци 60, 4.500 Турци, Власи 250, Евреи 180 и Роми 200.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во **Разлошката каза** имало вкупно 33.350 жители. Од нив христијани Македонци биле 23.100, муслимани Македонци 8.870, Турци 80, Власи 650 и Роми 650.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во **Неврокопската каза** имало вкупно 77.645 жители. Од нив христијани Македонци биле 35.310, муслимани Македонци 26.962, Турци 12.500, Грци муслимани 620, Власи 988, Евреи 110 и Роми 1.155. Само во Неврокоп имало вкупно 6.215, од нив 850 христијани Македонци, 5.000 Турци, Власи 190, Евреи 110 и Роми 65.

Според К'нчов кон крајот на 19 век во **Драмската каза** имало вкупно 55.877 жители. Од нив христијани Македонци биле 9.092, муслимани Македонци 10.502, Турци 26.450, Грци 4.600, Власи 1.270, Евреи 150 и Роми 3.613. Само во Драма имало вкупно 9.040, од нив 350 христијани Македонци, Грци 1.500, 6.300 Турци, Власи 300, Евреи 150 и Роми 240. Драма е релативно нов град формиран по доаѓањето на Турците. Во 1923 година по сила на Лозанската конвенција тука биле сместени претежно бегалски семејства. Според статистиката од 1928 во Драма биле сместени 22.601 бегалец од Мала Азија и источна Тракија и од Понд (Симовски1 1998: 159).

Според К'нчов кон крајот на 19 век во **Костурската каза** имало вкупно 75.022 жители. Од нив христијани Македонци биле 46.783, муслимани Македонци 4.340, Турци 3.925, Грци 9.415, Грци муслимани 175, Албанци христијани 910, Албанци муслимани 3.434, Власи 4.280, Евреи 750 и Роми 1.010. Само во Костур имало вкупно 6.190, од нив 300 христијани Македонци, 1.600 Турци, Грци 3.000, Албанци христијани 300, Евреи 750 и Роми 240. Во 1913 во Костур имало 7.800 жители. Според Милоевиќ броел 2.000 куќи, од кои 900 грчки куќи и асимилирани од Грците, 800 турски, 150 еврејски, 50 македонски, 50 влашки и 50 ромски (Симовски1 1978: 67).

Според К'нчов кон крајот на 19 век во **Леринската каза** имало вкупно 60.025 жители. Од нив христијани Македонци биле 37.781, Турци 11.410, Грци 9.415, Грци муслимани 175, Албанци христијани 2.344, Албанци муслимани 2.000, Власи 3.424, Евреи 20 и Роми 2.746. Само во Лерин имало вкупно 9.824, од нив 2.820 христијани Македонци, 5.000 Турци, Албанци христијани 100, Албанци муслимани 200, Власи 84, Евреи и Роми 1.600. Според Милоевиќ во Лерин имало 950 македонски куќи, 1.400 турски, 25 албански, 30 влашки и 175 ромски (Симовски1 1978: 129).

Според К'нчов кон крајот на 19 век во **Кајларската каза** имало вкупно 38.001 жител. Од нив христијани Македонци биле 7.916, Турци 27.135, Грци 1.800, Власи 1.730. Само во Кајлари имало вкупно 3.000 жители, од нив сите 3.000 биле Турци. По иселувањето на турското население во 1924 година во Кајлари се населиле 5.079 бегалци, така што во 1928 година тоа е речиси чисто бегалска градска населба во која се населени и извесен број македонски, влашки и грчки семејства и брои вкупно 6.442 жители, а во 1940 година брои 7.719 жители (Симовски1 1978: 247).

Следува преглед на демографската состојба на пунктовите опфатени во МДА‡ во XV и XVI век (во државните граници на РМ) според податоците во трудот од Стојановски, Ѓоргиев: *Населби и население во Македонија – XV и XVI век,* дел 1, Скопје 2001.

1. ЖИДИЛОВО, христијанско село, 1519 г. – 32 семејства; 1573 г. – 45 семејства;
2. КРКЉА, христијанско село, 1519 г. – 37 семејства; 1573 г. – 40 семејства;
3. ДУРАЧКА РЕКА
4. ГАБЕР, христијанско село, 1519 г. – 23 семејства; 1573 г. – 25 семејства;
5. ЛУКЕ, христијанско село, 1519 г. – 15 семејства; 1573 г. – 28 семејства;
6. ОГУТ, христијанско село, 1519 г. – 13 семејства; 1573 г. – 40 семејства;
8. РАНКОВЦИ, христијанско село, 1519 г. – 61 семејство; 1573 г. – 49 семејства;
9. ПСАЧА, христијанско село, 1519 г. – 98 семејства; 1573 г. – 75 семејства;
10. КРАТОВО
11. КНЕЖЕВО, христијанско село, 1519 г. – 55 семејства; 1568/69 г. – 35 семејства;
12. ДОЛНИ СТУБОЛ
13. СТРАЦИН, христијанско село, 1519 г. – 75 семејства; 1573 г. – 168 семејства;
15. ШОПСКО РУДАРЕ, претежно христијанско село, 1519 г. – 87 христијански семејства; 1573 г. – 88 христијански семејства и 3 муслимански семејства;
16. МУРГАШ, христијанско село, 1519 г. – 7 семејства; 1573 г. – 45 семејства;
17. ЖЕГЉАНЕ, христијанско село, 1519 г. – 4 семејства; 1573 г. – 18 семејства;
18. ЧЕТИРЦЕ, претежно христијанско село, 1519 г. – 43 христијански семејства и 2 муслимански семејства; 1573 г. – 63 христијански семејства и 3 муслимански семејства;
19. МЛАДО НАГОРИЧАНЕ, претежно христијанско село, 1519 г. – 177 христијански семејства; 1573 г. – 253 христијански семејства и 9 муслимански семејства;
22. КЛЕЧОВЦЕ, претежно христијанско село, 1519 г. – 35 христијански семејства и 5 муслимански; 1573 г. – 70 христијански семејства и 11 муслимански семејства;
23. ДУМАНОВЦЕ, христијанско село, 1519 г. – 7 семејства; 1573 г. – 9 семејства;
23а. МАТЕЈЧЕ, претежно христијанско село, 1519 г. – 89 христијански семејства и 3 муслимански семејства; 1573 г. – 116 христијански семејства и 5 муслимански семејства;
24. РОМАНОВЦЕ, муслиманско село, 1528/29 г. – 26 семејства; 1568/69 г. – 24 семејства;
24а. БУЈКОВЦИ, мешано село, 1519 г. – 4 муслимански семејства и 3 христијански семејства; 1573 г. – 4 муслимански семејства;
25. ОРАШАЦ, христијанско село, 1519 г. – 58 христијански семејства и 1 муслиманско семејство; 1573 г. – 73 христијански семејства;
26. ПАВЛЕШЕНЦИ, христијанско село, 1519 г. – 52 семејства; 1573 г. – 42 семејства;
29. НЕМАЊИНЦИ, претежно христијанско село, 1519 г. – 135 христијански семејства; 1573 г. – 227 христијански семејства и 8 муслимански;
30. КНЕЖЈЕ, христијанско село, 1519 г. – 72 семејства; 1573 г. – 80 семејства;
31. ПРЕВОД, христијанско село, 1528 г. – 56 семејства; 1573 г. – 73 семејства;

‡ Податоците за пунктовите што претставуваат градски населби се наведени во погорниот текст.

32. ДИВЛЕ, христијанско село, 1467/68 г. – 16 семејства; 1568/69 г. – 63 семејства;
33. БЕЛИМБЕГОВО
36. ЦРЕШЕВО, христијанско село, 1452/53 г. – 65 семејства; 1568/69 г. – 116 семејства;
37. ЉУБАНЦИ, христијанско село, 1452/53 г. – 54 семејства; 1568/69 г. – 64 семејства;
37а. БРОДЕЦ, христијанско село, 1452/53 г. – 20 семејства; 1544 г. – 10 семејства; 1568/69 селото е регистрирано без жители;
38. БАРДОВЦИ, муслиманско село, 1467/68 г. – 6 семејства; 1568/69 г. – 4 семејства;
39. КУЧКОВО, христијанско село, 1452/53 г. – 7 семејства; 1568/69 г. – 43 христијански семејства и 4 муслимански семејства;
40. ВРАТНИЦА, христијанско село, 1452/53 г. – 63 семејства; 1568/69 г. – 82 семејства;
41. ЛЕШОК, христијанско село, 1452/53 г. – 172 семејства; 1568/69 г. – 116 семејства;
42. БРЕЗНО, христијанско село, 1452/53 г. – 11 семејства; 1568/69 г. – 7 семејства;
43. ТЕАРЦЕ, претежно христијанско село, 1467/68 г. – 4 христијански семејства; 1568/69 г. – 42 христијански семејства и 5 муслимански семејства;
44. РАКОТИНЦЕ, христијанско село, 1452/53 г. – 17 семејства; 1568/69 г. – 64 семејства;
45. ТЕТОВО
46. САРАЌИНЦЕ, христијанско село, 1452/53 г. – 10 семејства; 1568/69 г. – 4 семејства;
47. МИЛЕТИНО, мешано село, 1452/53 г. – 96 христијански семејства; 1568/69 г. – 84 христијански семејства и 20 муслимански семејства;
47а. Г. СЕДЛАРЦЕ, христијанско село, 1452/53 г. – 42 семејства; 1568/69 г. – 15 христијански семејства и 1 муслиманско семејство;
47б. УРВИЧ, христијанско село, 1452/53 г. – 70 семејства; 1568/69 г. – 30 семејства;
47в. БРОД (ГОРА)
48. ЧЕЛОПЕК, христијанско село, 1452/53 г. – 90 семејства; 1568/69 г. – 58 христијански семејства и 3 муслимански семејства;
49. ТУМЧЕВИШТЕ, христијанско село, 1452/53 г. – 95 семејства; 1568/69 г. – 57 семејства;
50. ВОЛКОВИЈА, претежно христијанско село, 1452/53 г. – 27 христијански семејства; 1467/68 г. – 39 христијански семејства и 5 муслимански семејства; 1568/69 г. – 49 христијански семејства;
51. ПОЖАРАНЕ, христијанско село, 1452/53 г. – 32 семејства; 1544/45 г. – 50 семејства;
52. ПЕЧКОВО, христијанско село, 1452/53 г. – 17 семејства; 1568/69 г. – 37 семејства;
53. БАЛИН ДОЛ, христијанско село, 1452/53 г. – 11 семејства; 1568/69 г. – 8 семејства;
54. КУНОВО, христијанско село, 1519 г. – 32 семејства; 1568/69 г. – 26 семејства;
55. ЛЕУНОВО, христијанско село, 1452/53 г. – 14 семејства; 1568/69 г. – 68 христијански семејства и 2 муслимански семејства;
57. МАВРОВО, христијанско село, 1519 г. – 75 семејства; 1568/69 г. – 94 семејства;
58. ЖЕРНОНИЦА (ЖИРОВНИЦА), мешано село, 1467 г. – 22 христијански семејства; 1583 г. – 20 христијански семејства и 69 муслимански семејства;
59. ТРЕБИШТЕ, христијанско село, 1467 г. – 15 семејства; 1583 г. – 40 христијански семејства и 3 муслимански семејства;
59а. ОБОКИ
60. РОСТУШЕ, христијанско село, 1467 г. – 15 семејства; 1583 г. – 7 семејства;
61. ГАЛИЧНИК, христијанско село, 1536-39 г. – 33 семејства; 1583 г. – 32 семејства;
64. Г. КОСОВРАСТИ, христијанско село, 1467 г. – 12 семејства; 1583 г. – 10 христијански семејства и 1 муслиманско семејство;
65. БАНИШТЕ, претежно христијанско село, 1467 г. – 12 христијански семејства; 1583 г. – 15 христијански семејства и 2 муслимански семејства;
66. ДЕБАР
67. ГОРЕНЦИ, христијанско село, 1467 г. – 2 семејства; 1583 г. – 20 христијански семејства и 1 муслиманско семејство;
68. ГАРИ, христијанско село, 1536-39 г. – 62 семејства; 1583 г. – 40 семејства;
69. ЛАЗАРОПОЛЕ, христијанско село, 1536-39 г. – 84 семејства; 1583 г. – 60 семејства;
71. ЕФЛОВЕЦ, христијанско село, 1467/68 г. – 20 семејства; 1568/69 г. – 50 семејства;
72. ГОЛЕМ ПАПРАДНИК, христијанско село, 1536-39 г. – 46 семејства; 1583 г. – 20 христијански семејства и 1 муслиманско семејство;
73. ЏЕПИШТЕ, христијанско село, 1583 г. – 30 семејства;
74. КЛЕЊЕ
74а. СТЕБЛЕВО
75. МОДРИЧ, христијанско село, 1467 г. – 7 семејства; 1583 г. – 64 семејства;
76. ЈАБЛАНИЦА, христијанско село, 1536-39 г. – 49 семејства; 1583 г. – 50 христијански и 1 муслиманско семејство;
78. ЛУКОВО, христијанско село, 1467 г. – 11 семејства; 1583 г. – 60 семејства;
79. РЖАНОВО, христијанско село, 1536-39 г. – 56 семејства; 1583 г. – 32 семејства;
80. БОРОВЕЦ, христијанско село, 1536-39 г. – 19 семејства; 1583 г. – 30 семејства;
81. ВЕВЧАНИ, христијанско село, 1536-39 г. – 120 семејства; 1583 г. – 174 семејства;
81а. ВИШНИ, христијанско село, 1536-39 г. – 42 семејства; 1583 г. – 70 семејства;
82. ГЛОБОЧИЦА, христијанско село, 1536-39 г. – 16 семејства; 1583 г. – 34 семејства;
85. СТРУГА
86. РАДОЖДА, христијанско село, 1536-39 г. – 54 семејства; 1583 г. – 50 семејства;
87. ВОЛИНО, претежно христијанско село, 1536-39 г. – 51 семејство; 1583 г. – 15 христијански семејства и 5 муслимански;
88. БОТУН, христијанско село, 1536-39 г. – 42 семејства; 1583 г. – 27 семејства;

89. ВРБЈАНИ, христијанско село, 1536-39 г. – 69 семејства; 1583 г. – 48 семејства;
92. БЕЛЧИШТА, христијанско село, 1536-39 г. – 69 семејства; 1583 г. – 47 семејства;
93. ОРОВНИК, претежно христијанско село, 1536-39 г. – 61 христијанско семејство; 1583 г. – 39 христијански семејства и 4 муслимански семејства;
94. ОХРИД
95. РАМНЕ, христијанско село, 1536-39 г. – 28 семејства; 1583 г. – 36 христијански семејства и 2 муслимански семејства;
95а. КОЈНСКО, христијанско село, 1536-39 г. – 21 семејство; 1583 г. – 26 семејства;
96. ПЕШТАНИ, христијанско село, 1536-39 г. – 79 семејства; 1583 г. – 68 семејства;
99. ТРПЕЈЦА, христијанско село, 1583 г. – 49 христијански семејства и 1 муслиманско семејство;
100. ЉУБАНИШТА, претежно христијанско село, 1583 г. – 62 христијански семејства и 3 муслимански;
101. ЛЕСКОЕЦ, претежно христијанско село, 1536-39 г. – 46 христијански семејства; 1583 г. – 39 христијански семејства и 6 муслимански семејства;
102. СТЕЊЕ, христијанско село, 1536-39 г. – 157 семејства; 1583 г. – 90 семејства;
103. ЉУБОЈНО
106. АРВАТИ
107. ПРЕТОР
108. ЦАРЕВ ДВОР, христијанско село, 1536-39 г. – 112 семејства; 1583 г. – 52 христијански семејства и 1 муслиманско семејство;
109. РЕСЕН
110. ЃАВАТО, христијанско село, 1568-69 г. – 88 семејства;
113. КРУШЈЕ, христијанско село, 1536-39 г. – 35 семејства; 1583 г. – 28 семејства;
114. РЕЧИЦА, христијанско село, 1536-39 г. – 28 семејства; 1583 г. – 21 семејство;
115. СМИЛЕВО, христијанско село, 1468 г. – 69 семејства; 1568 г. – 20 семејства;
116. ДИХОВО, христијанско село, 1468 г. – 90 семејства; 1568 г. – 32 семејства;
117. ДРАГОШ, претежно христијанско село, 1468 г. – 38 христијански семејства; 1568 г. – 38 христијански семејства и 3 муслимански семејства;
118. КАНИНО, христијанско село, 1468 г. – 24 семејства; 1568 г. – 24 семејства;
120. БУКОВО, христијанско село, 1481/82 г. – 67 семејства; 1568 г. – 189 семејства;
121. КУКУРЕЧАНИ, претежно христијанско село, 1468 г. – 153 христијански семејства; 1568 г. – 92 христијански семејства и 11 муслимански семејства;
122. ЖИВОЈНО
123. СКОЧИВИР, христијанско село, 1468 г. – 11 семејства; 1568 г. – 12 семејства;
124. ПАРАЛОВО, христијанско село, 1468 г. – 34 семејства; 1568 г. – 28 семејства;
125. ДОБРОМИР, претежно христијанско село, 1468 г. – 66 христијански семејства; 1568 г. – 44 христијански семејства и 11 муслимански семејства;
127. ПУТУРОС, христијанско село, 1519 г. – 28 семејства; 1573 г. – 45 семејства;
128. ТОПОЛЧАНИ, христијанско село, 1467/68 г. – 69 семејства; 1544/45 г. – 77 христијански семејства и 1 муслиманско;
129. КРУШОВЈАНИ, христијанско село, 1467/68 г. – 70 семејства; 1568/69 г. – 70 семејства;
130. СЛЕПЧЕ (Д. ХИС.), христијанско село, 1468 г. – 68 семејства; 1568 г. – 86 христијански семејства и 1 муслиманско семејство;
131. Д. ДИВЈАЦИ, христијанско село, 1468 г. – 100 семејства; 1568 г. – 108 семејства;
134. ПРОСТРАЊЕ, христијанско село, 1468 г. – 64 семејства; 1568 г. – 34 семејства;
135. ВРАНЕШТИЦА, христијанско село, 1467/68 г. – 49 семејства; 1568/69 г. – 75 христијански семејства и 2 муслимански семејства;
136. КНЕЖИНО, христијанско село, 1467/68 г. – 19 семејства; 1568/69 г. – 24 христијански семејства и 1 муслиманско семејство;
137. ПОПОЕЦ, христијанско село, 1467 г. – 4 семејства; 1568/69 г. – 5 семејства;
138. ЛЕШНИЦА, христијанско село, 1467/68 г. – 15 семејства; 1568/69 г. – 35 семејства;
141. ТАЈМИШТА, христијанско село, 1467/68 г. – 62 семејства; 1568/69 г. – 35 семејства;
142. БУКОЈЧАНИ, христијанско село, 1467/68 г. – 73 семејства; 1568/69 г. – 39 семејства;
143. ТУИН, христијанско село, 1467/68 г. – 82 семејства; 1568/69 г. – 92 семејства;
144. СВЕТОРАЧА, христијанско село, 1467/68 г. – 56 семејства; 1568/69 г. – 19 христијански семејства и 1 муслиманско семејство;
145. М. БРОД
146. ТОПОЛНИЦА, христијанско село, 1467/68 г. – 34 семејства; 1568/69 г. – 43 семејства;
147. ЗВЕЧАН, христијанско село, 1467/68 г. – 19 семејства; 1568/69 г. – 12 семејства;
148. САМОКОВ
149. Г. БЕЛИЦА, христијанско село, 1467/68 г. – 19 семејства; 1568/69 г. – 46 семејства;
149а. БРЕЗНИЦА, христијанско село, 1467/68 г. – 8 семејства; 1568/69 г. – 32 семејства;
150. ЗДУЊЕ, христијанско село, 1467/68 г. – 20 семејства; 1568/69 г. – 35 семејства;
151. Н. БРЕЗНИЦА, христијанско село, 1467/68 г. – 24 семејства; 1544/45 г. – 9 семејства;
152. НЕРЕЗИ, претежно христијанско село, 1467/68 г. – 85 христијански семејства; 1568/69 г. – 120 христијански семејства и 4 муслимански;
155. РАКОТИНЦИ, христијанско село, 1467/68 г. – 21 семејство; 1568/69 г. – 64 семејства;
156. ДРАЧЕВО, претежно христијанско село, 1467/68 г. – 63 христијански семејства; 1481/82 г. – 88 христијански семејства и 5 муслимански семејства; 1568/69 г. – 149 христијански семејства.
157. ЗЕЛЕНИКОВО, христијанско село, 1467/68 г. – 22 семејства; 1544/45 г. – 57 семејства;
158. ДРЖИЛОВО, христијанско село, 1467/68 г. – 13 семејства; 1568/69 г. – 10 семејства;

159. КАТЛАНОВО
162. ЛУГУНЦИ, христијанско село, 1467/68 г. – 11 семејства; 1519 г. – 41 семејство;
163. БАШИНО СЕЛО, христијанско село, 1467/68 г. – 52 семејства;
164. КАРАБУНИШТЕ, христијанско село, 1467/68 г. – 15 семејства; 1568/69 г. – 49 семејства;
165. МЕЛНИЦА, христијанско село, 1519 г. – 42 семејства; 1544/45 г. – 25 семејства;
166. ЦРКВИНО, претежно христијанско село, 1467/68 г. – 19 христијански семејства; 1568/69 г. – 15 христијански семејства и 12 муслимански семејства;
169. ГРНЧИШТЕ, христијанско село со повремена појава на муслимани, 1467/68 г. – 38 христијански семејства и 1 муслиманско семејство; 1544/45 г. – 44 христијански семејства;
170. ИЗВОР, христијанско село, 1467/68 г. – 40 семејства; 1568/69 г. – 110 семејства;
171. НЕЖИЛОВО, христијанско село, 1467/68 г. – 16 семејства; 1568/69 г. – 32 семејства;
172. СТРОВИЈА, христијанско село, 1467/68 г. – 38 семејства; 1568/69 г. – 28 семејства;
173. СЛЕПЧЕ (ПРИЛ.), христијанско село, 1467/68 г. – 37 семејства; 1568/69 г. – 51 семејство;
176. БОГОМИЛА, христијанско село, 1467/68 г. – 54 семејства; 1568/69 г. – 41 христијанско семејство и 2 муслимански семејства;
177. НИКОДИН, христијанско село, 1467/68 г. – 42 семејства; 1544/45 г. – 60 семејства;
178. ТРОЈАЦИ, христијанско село, 1467/68 г. – 17 семејства; 1568/69 г. – 10 семејства и 1 муслиманско семејство;
179. ВАРОШ
180. ПРИЛЕПЕЦ, христијанско село, 1467/68 г. – 7 семејства; 1568/69 г. – 8 семејства;
183. ДУЊЕ, христијанско село, 1467/68 г. – 13 семејства; 1568/69 г. – 53 семејства;
184. ПОДЛЕС, претежно христијанско село, 1467/68 г. – 50 христијански семејства; 1568/69 г. – 53 христијански семејства и 1 муслиманско семејство;
185. ГРАДСКО, христијанско село, 1481/82 г. – 26 семејства; 1568/69 г. – 15 семејства;
186. ПРАВЕДНИК
187. ВИТОЛИШТЕ, христијанско село, 1468 г. – 90 семејства; 1568/69 г. – 56 семејства;
190. СТАРАВИНА, претежно христијанско село, 1568/69 г. – 36 христијански семејства и 5 муслимански семејства;
191. РОЖДЕН, христијанско село, 1467/68 г. – 37 семејства; 1568/69 г. – 100 семејства;
192. КОНОПИШТЕ, христијанско село, 1519 г. – 29 семејства; 1573 г. – 43 семејства;
193. БАРОВО, христијанско село, 1519 г. – 54 семејства; 1573 г. – 75 семејства;
194. ВАТАША, претежно христијанско село, 1519 г. – 146 христијански семејства и 10 муслимански семејства; 1573 г. – 75 христијански семејства и 22 муслимански семејства;
197. МАРЕНА, христијанско село, 1519 г. – 17 семејства; 1573 г. – 18 христијански семејства и 3 муслимански;
198. КЛИСУРА
199. МИРАВЦИ, христијанско село, 1519 г. – 40 христијански семејства и 1 муслиманско; 1573 г. – 52 христијански семејства;
200. КОНСКО
201. СТОЈАКОВО
203. ФУРКА, христијанско село, 1519 г. – 63 семејства; 1573 г. – 120 семејства;
205. ПИРАВА, претежно христијанско село, 1519 г. – 34 христијански семејства и 15 муслимански семејства; 1573 г. – 47 христијански семејства и 17 муслимански семејства. Тогаш во атарот на Пирава биле населени два јуручки хемаати со вкупно 26 семејства;
206. НИКОЛИЧ, претежно христијанско село, 1519 г. – 35 христијански семејства и 4 муслимански семејства; 1573 г. – 20 христијански семејства и 3 муслимански семејства;
207. ДОЈРАН
208. КОСТУРИНО, христијанско село, 1519 г. – 47 семејства; 1573 г. – 63 семејства;
209. МУРТИНО, претежно христијанско село, 1519 г. – 39 христијански семејства и 4 муслимански семејства; 1573 г. – 41 христијанско семејство и 7 муслимански семејства;
210. НОВО СЕЛО, христијанско село, 1519 г. – 84 семејства; 1573 г. – 91 семејство;
211. ГАБРОВО, христијанско село, 1519 г. – 62 христијански семејства и 1 муслиманско; 1573 г. – 55 христијански семејства и 1 муслиманско семејство;
213. СМОЛАРЕ, христијанско село, 1519 г. – 97 семејства; 1573 г. – 65 семејства;
214. СТИНЕК
215. ПИПЕРЕВО, претежно христијанско село, 1519 г. – 59 христијански семејства и 4 муслимански семејства; 1573 г. – 74 христијански семејства;
216. РОБОВО, христијанско село, 1519 г. – 161 семејство; 1573 г. – 111 семејства;
218. НИВИЧИНО, претежно христијанско село, 1519 г. – 45 христијански семејства и 3 муслимански семејства; 1573 г. – 35 христијански семејства и 3 муслимански семејства;
219. ПОДАРЕШ, претежно христијанско село, 1519 г. – 54 христијански семејства и 12 муслимански семејства; 1573 г. – 150 христијански семејства и 7 муслимански семејства. Во негова близина имало населено четири јуручки хемаати со вкупно 19 семејства;
220. ВЕЉУСА, претежно христијанско село, 1519 г. – 253 христијански семејства и 5 муслимански семејства; 1573 г. – 320 христијански семејства и 15 муслимански семејства;
221. КОНЧЕ, претежно христијанско село, 1519 г. – 110 христијански семејства и 4 муслимански семејства; 1573 г. – 113 христијански семејства и 4 муслимански семејства;
222. ДУКАТИНО, христијанско село, 1519 г. – 13 семејства; 1573 г. – 29 семејства;
225. ДЕДИНО, христијанско село, 1519 г. – 22 семејства; 1573 г. – 57 семејства;
226. РАДОВИШ
227. ЉУБОТЕН, отпрвин христијанско, а потоа муслиманско село, 1519 г. – 11 христијански семејства; 1573 г. – 21 муслиманско семејство;
228. НИКОМАН, христијанско село, 1519 г. – 26 семејства; 1573 г. – 39 семејства;
229. ДОЛНИ БАЛВАН, претежно христијанско село, 1519 г. – 57 христијански семејства и 14 муслимански семејства;

1573 г. – 59 христијански семејства и 20 муслимански семејства;
230. ШТИП
232. СУДИЌ, христијанско село, 1519 г. – 20 семејства; 1573 г. – 35 семејства;
233. БОГОСЛОВЕЦ, претежно христијанско село, 1519 г. – 38 христијански семејства; 1573 г. – 60 христијански семејства и 32 муслимански семејства; Оваа година во селото биле забележани и околу 30 привремено населени јуруци.
234. ЛЕЗОВО, христијанско село, 1519 г. – 39 христијански семејства и 1 муслиманско; 1573 г. – 43 христијански семејства и 2 муслимански;
235. СПАНЧЕВО, христијанско село, 1519 г. – 102 семејства; 1573 г. – 108 семејства; / СОКОЛАРЦИ, христијанско село, 1519 г. – 39 семејства; 1573 г. – 49 семејства;
236. ЗЛЕТОВО, претежно христијанско село, 1519 г. – 65 христијански семејства и 2 муслимански семејства; 1573 г. – 90 христијански семејства и 2 муслимански семејства;
237. ЛЕСНОВО, христијанско село, 1519 г. – 79 семејства; 1573 г. – 61 семејство;
238. ДРЕВЕНО, христијанско село, 1519 г. – 70 семејства; 1573 г. – 41 семејство;
239. ПРИПЕЧАНИ, христијанско село, 1519 г. – 19 семејства; 1573 г. – 25 семејства;
240. ГРАТЧЕ
241. КОЧАНИ
242. ВИНИЦА
243. КОСТИН ДОЛ, христијанско село, 1519 г. – 19 семејства; 1573 г. – 7 семејства;
246. САСА, христијанско село, 1530 г. – 32 семејства; 1573 г. – 43 семејства;
247. КАМЕНИЦА, христијанско село, 1519 г. – 73 христијански семејства и 2 муслимански семејства; 1573 г. – 81 христијанско семејство и 2 муслимански семејства;
248. КАЛИМАНЦИ, претежно христијанско село, 1519 г. – 134 христијански семејства; 1573 г. – 145 христијански семејства и 8 муслимански семејства;
249. БЛАТЕЦ, претежно христијанско село, 1519 г. – 166 христијански семејства и 5 муслимански семејства; 1573 г. – 91 христијанско семејство и 18 муслимански;
250. ЛАКИ
253. КИСЕЛИЦА, христијанско село, 1519 г. – 31 семејство; 1573 г. – 35 семејства;
254. ДЕЛЧЕВО
254а. ЗВЕГОР, христијанско село, 1519 г. – 108 христијански семејства и 3 муслимански семејства; 1573 г. – 56 христијански семејства;
255. ТРАБОТЕВИШТЕ, христијанско село, 1519 г. – 225 семејства; 1573 г. – 126 христијански семејства и 4 муслимански семејства;
256. СТАР ИСТЕВНИК, христијанско село, 1573 г. – 162 христијански семејства и 1 муслиманско семејство;
257. МАЧЕВО, христијанско село, 1519 г. – 52 семејства; 1573 г. – 35 семејства;
260. ПЕХЧЕВО
261. БЕРОВО
262. ДВОРИШТЕ

Осврт на демографската состојба во РС Македонија во 21 век според пописите од 2002 година и 2021 година[§]

1. ЖИДИЛОВО, според пописот од 2002 година, во селото живееле вкупно 302 жители, од кои 299 Македонци и 3 останати. Според пописот од 2021 година, во селото живееле вкупно 239 жители, од кои 231 Македонец и 8 лица без податоци.

2. КРКЉА, според пописот од 2002 година, во селото живееле вкупно 227 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, живееле вкупно 136 жители, од кои 112 Македонци и 24 лица без податоци.

3. ГРАДЕЦ, според пописот од 2002 година, во селото живееле 318 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 283 жители, од кои 266 Македонци, 1 Србин, 3 останати и 13 лица без податоци.

/ ДУРАЧКА РЕКА, според пописот од 2002 година, во селото живееле вкупно 290 жители, од кои 289 Македонци и 1 Влав. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 250 жители, од кои 237 Македонци, 1 Србин и 12 лица без податоци.

4. ГАБЕР, според пописот од 2002 година, во селото живееле 67 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 12 жители, од кои 9 Македонци и 3 лица без податоци.

5. ЛУКЕ, според пописот од 2002 година, во селото живееле 338 жители, од кои 337 Македонци и 1 Србин. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 220 жители, од кои 202 Македонци, 1 Србин и 17 лица без податоци.

6. ОГУТ, според пописот од 2002 година, во селото живееле 152 жители, од кои 147 Македонци и 5 Срби. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 46 жители, од кои 44 Македонци и 2 лица без податоци.

8. РАНКОВЦИ, според пописот од 2002 година, во селото живееле 1 192 жители, од кои 1 133 Македонци, 53 Роми, 1 Србин и 5 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 1 337 жители, од кои 1 113 Македонци, 1 Турчин, 137 Роми, 4 Срби, 4 останати и 78 лица без податоци.

9. ПСАЧА, според пописот од 2002 година, селото имало 539 жители, од кои 538 Македонци и 1 од друга етничка припадност. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 438 жители, од кои 358 Македонци, 1 Ром, 2 Срби, 1 од друга етничка припадност и 76 лица без податоци.

10. КРАТОВО, според пописот од 2002 година, во градот живееле вкупно 6 924 жители, од кои 6 724 Македонци, 8 Турци, 151 Ром, 1 Влав, 39 Срби и 13 останати. Според последниот попис од 2021 година, во градот живееле вкупно 5 401 жител, од кои 5 011 Македонци, 3 Албанци, 99 Роми, 1 Влав, 11 Срби, 17 останати и 259 лица без податоци.

/ ШЛЕГОВО, според пописот од 2002 година во селото живееле 373 жители, од кои 372 Македонци и 1 Србин. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 221 жител, од кои 219 Македонци и 2 лица без податоци.

11. КНЕЖЕВО, според пописот од 2002 година, во селото живееле 64 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 12 жители, сите Македонци.

12. ДОЛНИ СТУБОЛ, според пописот од 2002 година, во селото живееле 168 жители, од кои 167 Македонци и 1 од друга етничка припадност. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 99 жители, од кои 95 Македонци, 1 Албанец и 3 лица без податоци.

13. СТРАЦИН, според пописот од 2002 година, во селото Страцин живеат 185 жители, од кои 182 Македонци и 3 Срби. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 130 жители, од кои 125 Македонци, 1 Албанец, 1 од друга етничка припадност и 3 лица без податоци.

15. ШОПСКО РУДАРЕ, според пописот од 2002 година во селото живееле 143 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 42 жители, од кои 29 Македонци и 13 лица без податоци.

16. МУРГАШ, според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 11 жители, од кои 8 Македонци и 3 лица без податоци.

17. ЖЕГЊАНЕ, според пописот од 2002 година, во селото имало 86 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 48 жители, од кои 45 Македонци и 3 лица без податоци.

18. ЧЕТИРЦЕ, според пописот од 2002 година, во селото живеат 249 жители, од кои 215 Срби и 34 Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 165 жители, од кои 31 Македонец, 94 Срби, 2 останати и 38 лица без податоци.

19. МЛАДО НАГОРИЧАНЕ, според пописот од 2002 година, во селото имало 1 292 жители, од кои 1 273 Македонци, 1 Албанец, 17 Срби и 1 од друга етничка припадност. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 1 094 жители, од кои 968 Македонци, 2 Албанци, 12 Срби, 4 останати и 108 лица без податоци.

22. КЛЕЧОВЦЕ, според пописот од 2002 година, селото имало 573 жители, од кои 555 Македонци, 17 Срби и 1 од друга етничка припадност. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 472 жители, од кои 440 Македонци, 1 Албанец, 2 Роми, 4 Срби, 1 од друга етничка припадност и 24 лица без податоци.

23. ДУМАНОВЦЕ, според пописот од 2002 година, во селото немало ниеден жител. Истото било потврдено и на пописот од 2021 година.

[§] Сите податоци се дадени само за селата од пункт бр. 1 до пункт бр. 262, коишто се наоѓаат во границите на Р Македонија. Мал број пунктови во овој список се надвор од оваа територија и за нив нема податоци. Се работи за официјално достапни податоци на *Државниот завод за статистика* од последните два пописа. Точноста на податоците од последниот попис не е проверена на терен.

23а. МАТЕЈЧЕ, според пописот од 2002 година, селото има 3 394 жители, од кои 17 Македонци, 3 012 Албанци, 325 Срби и 39 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 2 961 жител, од кои 1 Македонец, 2 855 Албанци, 4 Срби, 1 Бошњак и 100 лица без податоци.

24. РОМАНОВЦЕ, според пописот од 2002 година во селото живееле 2 794 жители, од кои 716 Македонци, 2 028 Албанци, 35 Турци, 6 Срби и 9 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 2 566 жители, од кои 569 Македонци, 1 804 Албанци, 11 Турци, 3 Срби, 1 Бошњак, 7 останати и 171 лице без податоци.

24а. БУЧИНЦИ, според пописот на населението на Македонија од 2002 година, селото има 226 жители, од кои 225 Македонци и 1 од друга етничка припадност. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 235 жители, од кои 220 Македонци, 5 Срби, 2 останати и 8 лица без податоци.

/ БУЈКОВЦИ, според пописот од 2002 година, во селото имало 946 жители, од кои 641 Македонец, 295 Роми, 5 Срби и 5 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 946 жители, од кои 504 Македонци, 349 Роми, 1 Влав, 17 Срби, 7 останати и 40 лица без податоци.

25. ОРАШАЦ, според пописот од 2002 година, селото има 387 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 290 жители, од кои 268 Македонци, 3 Албанци, 3 Срби, 3 останати и 13 лица без податоци.

26. ПАВЛЕШЕНЦИ,според пописот од 2002 година, во селото живееле 77 жители, од кои 76 Македонци и 1 Србин. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 26 жители, од кои 23 Македонци и 3 лица без податоци.

29. НЕМАЊИНЦИ, според пописот од 2002 година, во селото живееле 201 жител, од кои 199 Македонци и 2 Срби. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 75 жители, од кои 65 Македонци и 10 лица без податоци.

30. КНЕЖЈЕ, според пописот од 2002 година, во селото живееле 86 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 57 жители, од кои 53 Македонци и 4 лица без податоци.

31. ПРЕВОД, според пописот од 2002 година, во селото живееле 44 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 25 жители, од кои 6 Македонци и 19 лица без податоци.

32. ДИВЛЕ, според пописот од 2002 година, во селото живеле 28 жители, од кои 25 Македонци и 3 Срби. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 3 жители, сите Македонци.

33. БЕЛИМБЕГОВО (ИЛИНДЕН), според пописот од 2002 година, селото има 4 931 жител, од кои 4 285 Македонци, 2 Турци, 31 Ром, 1 Влав, 176 Срби и 96 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 5 161 жител, од кои 4 230 Македонци, 326 Албанци, 4 Турци, 21 Ром, 3 Власи, 111 Срби, 2 Бошњаци, 50 останати и 414 лица без податоци.

36. ЦРЕШЕВО, според пописот од 2002 година, селото имало 1 278 жители, од кои 1 263 Македонци, 1 Влав, 12 Срби и 2 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 982 жители, од кои 911 Македонци, 8 Срби, 1 од друга етничка припадност и 62 лица без податоци.

37. ЉУБАНЦЕ, според пописот од 2002 година, во селото живееле 928 жители, од кои 912 Македонци, 9 Роми, 6 Срби и 1 од друга етничка припадност. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 1 075 жители, од кои 981 Македонец, 2 Турци, 10 Роми, 1 Влав, 8 Срби, 2 останати и 71 лице без податоци.

37а. БРОДЕЦ, според пописот од 2002 година, во селото имало 3 жители, Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 11 жители, од кои 7 Македонци, 1 Србин и 3 лица без податоци.

38. БАРДОВЦИ, според пописот од 2002 година, селото Бардовци брои 1472 жители, од кои 1 432 Македонци , 2 Роми, 31 Србин и 7 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 2 291 жител, од кои 2 075 Македонци, 9 Албанци, 8 Турци, 3 Роми, 5 Власи, 42 Срби, 1 Бошњак, 39 останати и 109 лица без податоци.

39. КУЧКОВО, според пописот од 2002 година, во селото имало 138 жители, од кои 122 Македонци, 15 Роми и 1 Србин. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 148 жители, од кои 107 Македонци, 1 Влав, 5 Срби, 6 останати и 29 лица без податоци.

40. ВРАТНИЦА, според пописот од 2002 година, селото имало 505 жители, од кои 482 Македонци, 20 Срби и 3 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 364 жители, од кои 301 Македонец, 1 Албанец, 10 Срби, 1 од друга етничка припадност и 52 лица без податоци.

41. ЛЕШОК, според пописот од 2002 година, селото броело 440 жители, од кои 435 Македонци, 1 Србин и 4 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 696 жители, од кои 381 Македонец, 280 Албанци, 2 Роми, 1 Србин, 11 останати и 21 лице без податоци.

42. БРЕЗНО, според пописот од 2002 година, селото имало само 8 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 3 жители, сите Македонци.

43. ТЕАРЦЕ, според пописот од 2002 година, селото имало 3 974 жители од кои 1 085 Македонци, 2 310 Албанци, 512 Турци, 54 Роми, 4 Срби и 9 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 3 038 жители, од кои 778 Македонци, 1 748 Албанци, 376 Турци, 39 Роми, 7 Срби, 3 останати и 87 лица без податоци.

44. РАОТИНЦЕ, според пописот од 2002 година, во селото живееле 565 жители, од кои 559 Македонци, 4 Албанци, 1 Србин и 1 останат. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 482 жители, од кои 443 Македонци, 11 Албанци и 28 лица без податоци.

45. ТЕТОВО, според пописот од 2002 година, во градот имало 52 915 жители, од кои 18 555 Македонци, 28 897 Албанци, 1 878 Турци, 2 352 Роми, 13 Власи, 587 Срби, 156 Бошњаци, 477 останати. Според последниот попис од 2021 година, во градот живееле 63 176 жители, од кои 14 116 Македонци, 41 356 Албанци, 1 745 Турци, 1 877 Роми, 10 Власи, 248 Срби, 188 Бошњаци, 310 останати и 3 326 лица без податоци.

46. САРАЌИНЦЕ, според пописот од 2002 година селото има 1 087 жители. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 1 153 жители, од кои 791 Македонец, 277 Албанци, 8 Роми, 2 Срби, 4 останати и 71 лице без податоци.

47. МИЛЕТИНО, според пописот од 2002 година, во селото живееле 1 986 жители, од кои 642 Македонци, 1 336 Албанци, 2 Срби и 6 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 1 674 жители, од кои 501 Македонец, 1 105 Албанци, 1 Србин, 3 останати и 64 лица без податоци.

47а. Г. СЕДЛАРЦЕ, според пописот од 2002 година, во селото имало 1 776 жители, од кои 1 773 Албанци и 3 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 1 521 жител, од кои 2 Македонци, 1 482 Албанци, 1 Србин и 36 лица без податоци.

47б. УРВИЧ, според пописот од 2002 година, во селото живееле 756 жители, од кои 1 Македонец, 113 Албанци, 640 Турци и 2 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 746 жители, од кои 101 Албанец, 627 Турци, 8 останати и 10 лица без податоци. Инаку, најголем дел од жителите се Македонци муслимани – Горанци, но од различни политичко-верски причини на двата пописа се изјасниле како Турци и Албанци.

47в. БРОД (ГОРА)**

48. ЧЕЛОПЕК, според пописот од 2002 година, во селото имало 5 287 жители, од кои 463 Македонци, 4 803 Албанци, 2 Турци, 1 Србин и 18 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 4 459 жители, од кои 395 Македонци, 3 898 Албанци, 5 Бошњаци, 4 останати и 157 лица без податоци.

49. ТУМЧЕВИШТЕ, според пописот од 2002 година, во селото живееле 235 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 250 жители, од кои 235 Македонци и 15 лица без податоци.

50. ВОЛКОВИЈА, според пописот од 2002 година, во селото имало 270 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 188 жители, од кои 179 Македонци, 1 Албанец и 8 лица без податоци.

51. ПОЖАРАНЕ, според пописот од 2002 година, во селото имало 26 жители, од кои 22 Македонци и 4 Албанци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 28 жители, од кои 20 Македонци, 7 Албанци и 1 лице без податоци.

52. ПЕЧКОВО, според пописот од 2002 година, во селото имало 48 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото имало 21 жител, од кои 7 Македонци и 14 лица без податоци.

53. БАЛИН ДОЛ, според пописот од 2002 година, во селото имало 2 501 жител, од кои 337 Македонци, 2 156 Албанци, 3 Срби, 1 Бошњак и 4 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 2 059 жители, од кои 319 Македонци, 1 651 Албанец, 13 Турци, 1 Влав, 2 Срби, 1 од друга етничка припадност и 72 лица без податоци.

54. КУНОВО, според пописот од 2002 година, во селото имало 11 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 6 жители, од кои 5 Македонци и 1 лице без податоци.

55. ЛЕУНОВО според пописот од 2002 година, во селото живееле само 6 жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото имало 31 жител, од кои 27 Македонци и 4 лица без податоци.

57. МАВРОВО, според пописот од 2002 година, во селото живееле 166 жители, од кои 163 Македонци и 3 Срби. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 212 жители, од кои 200 Македонци, 2 Албанци, 2 Турци, 1 Србин, 1 Бошњак, 4 останати и 2 лица без податоци.

58. ЖЕРНОНИЦА, според пописот од 2002 година, во селото живееле 1 608 жители, од кои 1 314 Македонци, 258 Албанци, 20 Турци, 4 Бошњаци, 12 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 714 жители, од кои 274 Македонци, 83 Албанци, 63 Турци, 8 Бошњаци, 205 останати и 81 лице без податоци.

59. ТРЕБИШТЕ, според пописот од 2002 година, во селото Требиште живееле 765 жители, од кои 303 Македонци, 159 Албанци, 277 Турци, 18 Бошњаци и 8 останати. Жителите кои се изјасниле како Албанци, Турци и Бошњаци, всушност се Македонци со исламска вероисповед, бидејќи најголем дел од нив се изјасниле дека македонскиот јазик им е мајчин. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 498 жители, од кои 34 Македонци, 55 Албанци, 144 Турци, 19 Бошњаци, 204 останати и 42 лица без податоци.

59а. ОБОКИ

60. РОСТУШЕ, според пописот од 2002 година, во селото живееле 872 жители, од кои 397 Македонци, 41 Албанец, 427 Турци, 2 Бошњаци и 5 останати. Најголем дел од жителите се изјасниле дека македонскиот јазик им е мајчин јазик. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 708 жители, од кои 197 Македонци, 22 Албанци, 323 Турци, 1 Ром, 1 Србин, 129 останати и 35 лица без податоци.

** Селата за коишто нема дадени демографски податоци се наоѓаат надвор од границите на нашата држава.

61. ГАЛИЧНИК, според пописот од 2002 година, забележани се само 3 постојани жители, сите Македонци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 48 жители, од кои 47 Македонци и 1 Влав.

64. Г. КОСОВРАСТИ, според пописот во 2002 во селото живееле 818 жители, од кои како Македонци се изјасниле 578, како Турци 222 лица и 18 останати. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 653 жители, од кои 172 Македонци, 16 Албанци, 324 Турци, 116 останати и 25 лица без податоци.

65. БАНИШТЕ, според пописот од 2002 година, во селото живееле 90 жители, од кои 10 Македонци и 80 Албанци. Според последниот попис од 2021 година, во селото живееле 35 жители, од кои 3 Македонци, 28 Албанци и 4 лица без податоци.

66. ДЕБАР, според пописот од 2002 година, во градот имало 14 561 жител, од кои 1 054 Македонци, 10 768 Албанци, 1 415 Турци, 1 079 Роми, 2 Власи, 22 Срби, 2 Бошњаци и 219 останати. Според пописот од 2021 година во градот живееле 11 735 жители, од кои 419 Македонци, 8 194 Албанци, 911 Турци, 1 140 Роми, 2 Власи, 4 Срби, 5 Бошњаци, 146 останати и 914 лица без податоци.

172	грт, грдио
173	грт // грдомасен
174–175	
176	грт // грозен
177	грт
178	грт
179	
180	грт
---	---
181–182	
183	грт
184	грт
185	грт
186	грт
187	грд
188–189	
190	грт
191	гр̆дом'асен
192	
193	грт
194	гр'упаф
195–196	
197	грт, н'еуб'аф
198	грт
199	груп, гр'озӑн
200	г^{ӑ}р̆т
201	груп
202	
203	груп
204	
205	гр'озӑн
206	груп
207	грозӑн
208	гр'озӑн
209	гр'озӑн
210	г'рд
211	гр'озен
212	
213	гр'озен
214	лош
215	
216	груб
217	
218	гр'озен
219	гр'озен
220	гр'оза$^{(е)}$н
221	гр'озен
222	гр'озен
223–224	
225	груп, гр'озен
226	грозен
227	грт, гр'озен
228–229	гр'озен
230	груп // грозен
231	
232	груп, гр'озен
233	гр'озен
234–235	гр'озен
235а	гр'озен
236	гр'озен
237	груп
---	---
238	гр'озан
239	гр'озен
240	гр'озен
241	
242	гр'озен
243	гр'озен
244–245	
246–248	гр'озен
249	грозен
250	гр'озен
251–252	
253	гр'озен
254	
255	гр'озен
256	гр'озен
257	гр'озен
258	
259	
260	гр'озен
261	гр'озен
262	гр'озен
263–266	
264	
265	
266	
267	гр'озен, гр'озна
267а	гр'озен
268–299	
269	
270–299	
300	гр'озӑн
301–306	
307	н'епӑрлиж'ит
308–310	
311	груп, гр'озин
312	
313	груп
314	гр'озин
315	груп
316	гр'озин, н'еприлиг'ат
317–322	
323	гр'озин
324	
325	г'рд, гр^{у}озен
326	гр'озин
327	
328	гр'озин
329–336	
337	грду
338	
339	гр'озин, грт
---	---
340	гӑрт
341	гӑрт
342	гр'озин
343	гӑрт
344–346	
347	гн'усен
348	гнусе^{ӑ}н
348а	
349	гн'усен
350–351	
352	грт // гн'усен
353	грт
354	
355–356	грт
357	грт // неубаф
358–360	
361	грт
362	г^{ӑ}рт // гнӑсен
363–364	
365	гӑрт
366	
367	грт // гр'озен
368	гӑрд
369	грт // гн'усен
370–375	
376	грт
377	грт
378–382	
383	грд
384	
385	гӑрт
386	грд
386а	нубаф // гӑрт
387	г^{ӑ}рд
388–390	грт
391	масен грозен
392	гард

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*гр̄д*	10, 25, 49–50, 58, 60–61, 64–65, 67–68, 71–74, 74a, 78–82, 85–88, 95–96, 99–103, 106–107, 108–109, 110, 113–117, 120–124, 127–131, 134–138, 141, 143–145, 149–152, 155–156, 158–159, 162–164, 166, 170, 172–173, 176–178, 180, 183–187, 191, 193, 197–198, 200, 210, 227, 325, 337, 339–341, 343, 352–353, 355–357, 361–362, 365, 367, 369, 376–377, 383, 385–386, 386a, 387–390, 392
■	*гр̄озен*	1–2, 4–5, 8, 11, 13, 15, 18–19, 22–23, 24a, 26, 29, 31–33, 36–38, 40, 44, 54, 56, 71, 85, 86, 100–101, 107, 110, 115, 127, 135–138, 144, 166, 176, 199, 205, 207–209, 211, 213, 218–219, 220–222, 225–227, 229–230, 232–236, 238–240, 242–243, 246–250, 253, 255–257, 260–262, 267–267a, 300, 311, 314, 316, 323, 325–326, 328, 339, 342, 367, 391
▲	*гр̄уб*	6, 9, 12, 13, 17–18, 24, 24a, 29, 37, 46–48, 50–52, 54, 56, 141–142, 156–157, 194, 199, 201, 203, 206, 216, 225, 230, 232, 237, 311, 313, 315
◆	*гн̄асен*	347–349, 352, 362, 369
▬	*гађен*	39–42
⬟	*нејрилегаш̄*	307, 316
*	види материјал и коментар	52, 74, 173, 191, 194

На картата се претставени ареалите на називите за ‘грд (човек)’ на македонската дијалектна територија, коишто се опфатени со прашањето бр. 36 од глава II *Физички и психички особини на човекот* од *Прашалникот за собирање материјал* за МДА (Видоески 2000: 93). Според ТРМЈ (I 2003: 375), лексемата *гр҆д* се дефинира: 1. Што е по својот надворешен изглед неубав, непривлечен, непријатен; убав. Грда жена. Грд маж. Грдо куче. Грда куќа.; 2. Што е лош, страшен, непристоен. Вчера слушнав една грда вест.

Според материјалите од Индексот бр. II-36 од картотеката на МДА, се среќаваат неколку лексеми: *гр҆д, гр҆озен, гр҆уб, гаѳен, гнасен, неприлегат.*

гр҆д

Лексемата *гр҆д* се среќава во фонетските варијанти: *гъ́рт, горт гъ́рд, гъ́рд,* како и во сложените форми: *гъ́рдлоф,* 74. Клење*, гъ́рф,* 74а. Стеблево, *гр҆домасен,* 173. Слепче, 191. Рожден. Оваа лексема ја зафаќа скоро целата територија на западното наречје, со исклучок на горнополошкиот (гостиварскиот) говор каде што се јавува само во два пункта. Така, 'грд' доминира во скопско-велешките, поречко-кичевските, прилепско-битолските, дебарските, охридско-струшките, и во преспанските говори. Лексемата 'грд' се јавува и на територијата на југоисточното наречје, поточно во крајните југозападни говори – долнопреспанските, леринските и костурските, а преку Островското Езеро се доближува и до воденските говори. На другата територија на југоисточното наречје се јавува само во неколку пункта.

Лексемата *гр҆д* која го зафаќа најголемиот дел од западната и југозападната македонска дијалектна територија, во значењето 'човек со непријатен надворешен изглед' не се јавува често во другите словенски јазици и дијалекти. Со таква форма и значење не се сретнува во западнословенските и источнословенските јазици, додека од јужнословенските јазици со тоа значење најзастапена е во македонскиот, бугарскиот (гръд, гръдомазен) и во словенечкиот (grd). Според Етимолошкиот речник на Безлај (Bezlaj I 1976: 172), *гр҆д* значи: *nelep, slab, umazan.* Според Скок (Skok I 1971: 613), лексемата *гр҆д* (*gъrdъ) е прасловенска и сесловенска со значење: 1. горделив, надуен. 2. страшен. 3. изобличен, неприкладен, непријатен, грд. Во македонскиот јазик се сочувале само неколку деривати: *по҆гр҆ден, свето҆гр҆дие, гр҆досија,* додека глаголските образувања од типот: *grditi, izgrditi, do(zlo)grditi, nagrditi,…* не се сочувани. Според првото значење (*гор҆делив, наѳуен*), во македонскиот се јавуваат формите *гор҆д, гор҆делив, гор҆дост,....*, а тоа значење преку формите *гор҆дий, hordy, hardy, hrdy,..* се среќава и во другите словенски јазици. Индоевропскиот корен е **gher-* со значење 'трие, дроби'. Етимолозите не се сосема согласни дали и двете форми (*гр҆д* и *гор҆д*) потекнуваат од прасловенското **gъrdъ,* но сепак можеме да сметаме дека постои извесна заедничка семантичка компонента кај двете форми. Имено, можеме да претпоставиме дека оној кој е горделив, надуен, не побудува пријатни чувства во однос на неговиот надворешен изглед.

гр҆озен

Лексемата *гр҆озен* се среќава со неколку фонетски варијанти: *гр҆озан, гр҆озăн, гр҆озин.* Таа зазема најголем ареал и ја опфаќа територијата на централните и на источните северни говори, потоа целата територија на источните говори и голем дел од јужните македонски говори. На територијата на западното наречје се среќава во десетина пункта.

Лексемата *гр҆озен* е интересна и од етимолошки и од семантички аспект. Според Скок (Skok I 1971: 625), основното значење на *гр҆озен е* ‘страшен, гаден’ и е прасловенски збор со балтословенски паралели (ст.сл. *groza* ‘ужас, страв, грозотија, гадост’). Во македонскиот јазик твори богато зброобразувачко јадро: *гр҆оза, гр҆озо҆тија, гр҆озница, гр҆ози (се), заг҆рози, ...* Индоевропскиот корен е **garį-* і **grag-* 'што предизвикува страв'. Семантичката нишка на страв може да ја видиме и преку другите јазици. Во грчкиот се јавува γοργός, 'страшен, див'. Балтичките наспоредници се: лит. *gražoju, gražoti,* лет. *grìzuot '*се заканува'. Покрај балтичките, таа нишка ја има и во келтските: ст. ирски *garg*, *gargg,* 'груб, див', ирски grāin (<*gragnis) 'безобразие' (Фасмер I 1986: 459-460).

гр҆уб

Лексемата *гр҆уб* се среќава во соодветната форма, а во два пункта се среќаваат форми со наставката и *-ав:* 52. Печково – *гр҆убав* и 194. Ваташа – *гр҆уп҆аф*. Оваа лексема зафаќа компактен ареал само на територијата на горнополошките (гостиварски) говори, како и во еден помал ареал на дојранско-кукушките говори. Во другите говори на западното наречје лексемата *гр҆уб* не се среќава. Застапена е самостојно или почесто во конкуренција со *гр҆озен* во дел од северните и источните говори во околу дваесетина пункта.

Лексемата *гр҆уб* потекнува од прасловенскиот период и има значење на 'дебел, недоделкан, грд, голем'. Според Скок (Skok I 1971: 624) 'голем' е првобитното значење на *grub*. Литванската наспоредница е *grubus '*нерамен*'*. Во маке-донскиот јазик се јавуваат формите: *гр҆уб, гр҆убост, гр҆уби (гл.), о҆гр҆уби, гр҆убијан...* Семантичката поврзаност на 'груб' со 'грд' можеме да ја согледаме преку значењата дадени во ДРМЈ: 1. Што е рапав, што не е мазен.; 2. Што е строг, нечувствителен, неучтив.; 3. Што е грд, со неправилни црти.; 4. За глас – што е непријатен, немелодичен, рапав.; 5. Што е приближен, општ.; 6. Што е тежок, недопустлив.; 7. Што е тежок, суров.

гаѳен

Лексемата *гаѳен* се јавува само во четири пункта во северниот дел на долнополошките (тетовските) говори кои сочинуваат компактен ареал.

Произлегува од зборот *гаѳ* кој е сесловенски и прасловенски збор со значење '1. гадење/повраќање, 2. влекач, змија' (Skok I 1971: 542). Во македонскиот јазик лексемата *гаѳ* (според ДРМЈ) се јавува со следниве значења: 1. нечистотија, валканица, гадотија; 2. (зб. мн.) инсекти, животинки, гадинки. Слично со: гадинка (ж.); 3. Никаквец, подлец, лош, зол, одвратен човек. Интересно е да се напомене дека превојните форми од **gad* се јавуваат во повеќето словенски јазици. Се работи за превојот а>у кој се јавува во формите **gydъ* и **gyzdъ*. Формите од **gydъ* се јавуваат во рускиот, украинскиот и чешкиот. Формите од **gyzdъ* имаат различни семантички патишта во словенските јазици. Имено, во чешкиот *hyzd* значи 'одвратност', а во полскиот *gizd* значи 'нечист, валкан човек'. За разлика од источно и од западнословенските јазици, во јужнословенските јазици лексемата **gyzdъ* означува сосема обратно – 'гордост, елеганција, наки-теност'. Според Етимолошкиот речник на Сној (Snoj 2016: 201), во словенечкиот *gizda* значи 'раскош, сјај', а тој го сведува до прасловенското **gyzdъ, *gyzditi (se)* – се мачка со кал. Во ДРМЈ се јавуваат следниве деривати: *гиз҆ѳи* (1. Кити, дотерува, украсува. 2. (се гизди) Се кити, се дотерува.), *гиз҆ѳав//гиз҆ѳаво// гиз҆ѳавост* (Што е дотеран, накитен). Од семантички аспект, и тука можеме да подвлечеме нишка како и меѓу 'семантичките антоними' грд-горд. Така, она што во источно и западнословенските јазици претставува 'гнасно, нечисто', во јужнословенските добива сосема обратно значење. Можеби во постарите времиња мачкањето со кал (бои, пигменти, земја, глина) претставувало дел од некој ритуал.

гнасен

Во пет пункта во јужните говори, поточно во Кајларско, се среќава лексемата *гнасен* со варијантите *гнусен* и *гнăсен*.

Лексемата *гнасен* е прасловенска лексема која е изведена од прасловенската основа **gni-* (*гние, гној*), и се јавува во неколку вокални превојни степени. Уште од прасловенскиот период означува 'измет, нечистотија'. Во македонскиот јазик се јавуваат неколку деривати: *гнас, гнаси (гл.), изгнаси, згнаси (се), гнаса, гнасо҆тија, гнасо҆тилак...* Според Скок (Skok I 1971: 580), не се утврдени паралели ниту во балтичките ниту во индоевропските јазици, што значи дека ова основа е типично словенска.


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Куманово
Кратово
Крива Паланка
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Св. Николе
Велес
Штип
Кочани
Делчево
Неготино
Кавадарци
Радовиш
Струмица
Берово
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Санденски
(Св.Врач)
Петрич
Валовиште
Драма
Серез
Дојран
Гевгелија
Струмица
Кукуш
Лагадина
Гумениџе
Ениџе-Вардар
Воден
Лерин
Кајлар
Костур
Корча
Негуш
Бер
Солун
Брегалница
Црна Р.
Вардар
Струма
Места
Голик
Радика
Трешка
Шишка
Бистрица
ЛЕГЕНДА
грд
грозен
груб
гнасен
гаден
неприлегат
* види материјал и коментар

1	лăж'а
2	
3	л'ăжа
4	лăж'а
5	лăжа
6	л'ăжа
8	л'ăжа
9–10	л'ăга
11	
12–13	л'ăжа
15	л'ăжа
16	
17–19	л'ăжа
22–23	л'ăжа
23a	
24	л'ăжа
24a	л'ăж'офчина
25–26	л'ăжа
29–31	л'ăжа
32	л'ăжба
33	
36	л'ăга
37	лăжа
37a	
38	лăга
39–40	лăжа
41	л'ăжа
42	лăжа
43	л'ăжа
44	лăжа
45	
46–47	лăга
47	лăга
47a	
47б	мам'еница
47в	мам'еница
48–52	лăга
53	
54	лăга
55	
57	лăга
58–59	
59a	
60–61	лога
64	лăга
65	мăмешка
66	
67	мом'е"нца
68	лога
69	
71	лога
72	мăм'е"нца
73–74	мэменица
74a	мэменица
75	момеi̯нца
76	
78	мэм'ejнца
79	мăмejнца
80	момеi̯нца
81	мэм'еi̯нца
81a	
82	мамejнца
85	лага
86	мэмеi̯нца
87	л'ага
88	мамешко
89	
92–94	
95	мам'еi̯нца
95a	
96	мăмел'ejнца
99	мăмejне
100	мăм'ejнца
101–102	мамеi̯нца
103	мам'еi̯нца
106–109	мам'еi̯нца
110	лага
113	мам'еi̯нца
114	мамejнца
115	лога
116–117	лага
118	
120	ўага
121–124	лага
125	
127–131	лага
134–138	лага
141	л'ога
142–143	лога
144	лага
145–148	
149	лага
149a	
150	лага
151–152	
155	л'ага
156–159	лага
162–164	лага
165	
166	лага
169	
170	лага
171	
172–173	лага
176–178	лага
179	
180	лага
183–187	лага
190	ўага
191	л'ага
192	
193	лага
194	л'ага
197	лага
198–199	л'ажа
200–201	л'ăжа
203	л'ăжа
205–207	л'ăжа
208–211	л'ажа
209	л'ажа
210	л'ажа
212	
213–214	лаж'а
215	
216	л'ажа
218	л'ага
219–221	л'ажа
222	лажа
225	л'ажа
226	лажа
227–228	л'ажа
229	л'ăжа
230	л'ажа
232–234	л'ăжа
235	л'ажа
236–238	л'ăжа
239	л'ажа
240	лаж'а
241	
242	л'ажа
243	лаж'а // ў
246	ўаж'а
247–248	лаж'а
249	лага
250	ўаж'а
253	лаж'а
254	
254a	лаж'а
255	
256–257	лаж'а
260–261	лаж'а
262	
263	лаж'а
264–265	
267	л'ажа
267a	лаж'а
268–270	
270a	
271–272	
274–276	
276a	
277–283	
284	л'ăже
285–291	
291a	
292–296	
297	лăж'а
298	
298a	
299–304	
305	лăнж'а
306	ланж'а
307	л'ăжа
309–310	
311	лăжа
312	
313	л'ăжа
313a	
314–316	л'ăжа
317	
318–319	
319a	
320	
322	
323	л'ăжă//л'ăгă
324	
325–326	л'ăжа
327	
328	л'ăжа
330–334	
336	
337	л'ăже
338	
339	л'ăга
340	л'ăжă
341	лăга
342–343	лăжа
344–346	
346a	
347	л'ăга
348	лăгă
348a	л'ăга
349	л'ăга
350	
352–353	л'ăга
354	
355–356	л'ага
357	лага
359–360	
361–362	мамен'ица
363	
365–366	
367	мамен'ица
368	
369	мамен'ица
369a	
370	
373–375	
376	мамен'ица
376a	
377	мамен'ица
377a	
380–381	
381a	
382	
383	м'аменца
384	
385	мамеi̯нца
386	лага
386a	мам'ejнца
387	мамеi̯нца
388	м'аме:i̯нца
389–390	мам'еница
391	мамешчина
391a	
392	мамен'ица

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*лаѓа*	9, 10, 36, 38, 46, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 54, 57, 60, 61, 64, 68, 71, 85, 87, 110, 115, 116, 117, 120, 121, 122, 123, 124, 127, 128, 129, 130, 131, 134, 135, 136, 137, 138, 141, 142, 143, 144, 149, 150, 155, 156, 157, 158, 159, 162, 163, 164, 166, 170, 172, 173, 176, 177, 178, 180, 183, 184, 185, 186, 187, 190, 191, 193, 194, 197, 218, 249, 323, 339, 341, 347, 348, 348а, 349, 352, 353, 355, 356, 357, 386
●	*лажа*	1, 3, 4, 5, 6, 8, 11, 12, 13, 15, 17, 18, 19, 22, 23, 24, 24а, 25, 26, 29, 30, 31, 32, 37, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 198, 199, 200, 201, 203, 205, 206, 207, 208, 209, 210, 211, 213, 214, 216, 219, 220, 221, 222, 225, 226, 227, 228, 229, 230, 232, 233, 234, 235, 236, 237, 238, 239, 240, 242, 243, 246, 247, 248, 250, 253, 254а, 255, 256, 257, 260, 261, 262, 263, 267, 267а, 284, 297, 305, 306, 307, 311, 313, 314, 315, 316, 317, 323, 325, 326, 328, 337, 340, 342, 343
■	*маменица*	47б, 47в, 64, 65, 67, 72, 73, 74, 74а, 75, 78, 79, 80, 81, 82, 85, 86, 88, 95, 96, 99, 100, 101, 102, 103, 106, 107, 108, 109, 113, 114, 361, 362, 367, 369, 376, 377, 383, 385, 386а, 387, 388, 389, 390, 391, 392

На картата се дава преглед на називите за лексемата ‘лага’ на македонската дијалектна територија. Овие називи претставуваат одговор на прашањето бр. 83 од глава II *Физички и психички особини на човекот* од *Прашалникот за собирање материјал* за МДА (Видоески 2000: 95).

Според ТРМЈ (III 2006: 9), лексемата *лаг̑а* го има следното значење: „1. Исказ што не е вистинит, што не е точен.; 2. Измама, намерно искривување на вистината; невистина. *Го фатија во лаг̑а – откри̏ја ѳека лаже. Со аг̑а лаг̑а не биѳува – (по̏сл.) лаг̑ата брзо се о̏ткрива. Лаг̑ата има куси нозе – лаг̑ата брзо се о̏ткрива*“.

Со значење ‘лага’ на македонската дијалектна територија се изделуваат називите *лаг̑а/лажа* и *маменица*, во повеќе фонетски и зборообразувачки варијанти.

лаг̑а/лажа

По потекло, апстрактните именки *лаг̑а/лажа* се сврзани со словенскиот глагол **lъgati* (**lъžǫ*,**lъžeši*), којшто преку германските паралели (сп. гот. *liug*, *liungan*, герм. *lügen*, англ. (*to*) *lie*) се поврзува со ие. корен **leiǵʰ*- ‘лаже’ (сп. ЭССЯ XVII 1990: 233–237, Skok II 1972: 260, Snoj 2016: 373). На подлабоко рамниште од овој ие. корен се изведуваат и литв. *lūgóti*, латв. *lùgt* ‘моли, повикува’, како и герм. *locken* ‘мами, повикува’ и алб. *lutem* (< **lugtio*) ‘моли, бара’.

Во поглед на зборообразувањето, именките *лаг̑а* и *лажа* потекнуваат од ист корен и во двата случаи ја во-општиле наставката *-а* од женски род. Во првиот случај (називот *лаг̑а*) се работи за поствербал од слов. глагол **lъgati*, додека во случајот на именката *лажа* станува збор за изведенка изградена со помош на суфиксот *-j-*. Освен во македонскиот, во другите словенски јазици лексемата *лага* не се забележува, додека лексемата *лаж(а)* е карактеристична за повеќето од нив: сп. буг. *лъжа*, срп. *лаж*, хрв., слн. *laž*, чеш. *lež*, слч. *lož*, рус. *ложь*. Исклучок во оваа смисла претставуваат пол. *kłamstwo*, блр. *хлусня*, како и укр. *брехня*.

На македонскиот дијалектен простор во поглед на називите за *лаг̑а/лажа* јасно се изделуваат два ареала. Еден од нив создава именката *лаг̑а* (со свои фонетски варијанти *лӑг̑а*, *лог̑а*), којашто е карактеристична за поголем дел од говорите на западното наречје, при што исклучок прават дел од периферните западни говори (в. *маменица*), како и низа пунктови во западниот дел на Егејска Македонија, приближно до линијата Сараќиново (Воденско) – Ранци (Кајларско). Од друга страна, за источните говори, како и за најголемиот дел на северните говори посвојствен е називот *лажа*, заедно со своите фонетско-зборообразувачки варијанти *лӑжа* и *лӑжофчина*.

маменица

Освен изведенките од коренот **leiǵʰ*-, на македонската дијалектна територија со значење ‘лага’ се среќаваат и изведенките од глаголот *мами* < псл. **mamiti*. Заедно со својата источнословенска разновидност **maniti* (рус. *манить*, укр. *манити*, но и блр. *маніць* ‘лаже’,сп. мак. *обмане*) овој глагол се сведува на псл. **matъ* (ЭССЯ XVII 1990: 190–191), коешто се сврзува со ие. корен **mā*- ‘мава со рака давајќи знак’ (сп. горе со значењето на герм. *locken* < ие. **leiǵʰ*-).

Именките со коренот *мам*- со сите свои фонетски и зборообразувачки варијанти прават затворен ареал во крајниот западен дел од македонската дијалектна територија на пограничјето со Албанија, во Гора, па од Дебар до крајните костурски говори. На најголемиот дел на назначената територија на основата *мам*- ѝ се додава суфиксот *-еница* (сп. и *мамен'ица*, *мамејнца*, *моменица*, *момејнца* (*моме̨јнца*), *мӑмејнца*), но се бележат и зборообразувачките варијанти како *мамешч'ина* во Бобошчица (п. 391, Корча), *м'амешко* во Ботун (п. 88, Охридско), *м'ӑмешка* во Баниште (п. 65, Дебарско), *мӑмел'ејнца* во Пештани (п. 96, Охридско) и *м'ӑмејне* во Трпејца (п. 99, Охридско).


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Кумановo
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Св. Николе
Велес
Штип
Кочани
Делчево
Радовиш
Берово
Струмица
Неготино
Кавадарци
Брод
Кичево
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Лерин
Костур
Кајлар
Негуш
Воден
Ениче-Вардар
Гевгелија
Дојран
Валовиште
Серез
Драма
Кукуш
Лагадина
Гумендже
Бер
Солун
Петрич
Разлог
Банско
Благоевград
(Г.Џумаја)
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Места
Струма
Вардар
Црна р.
Пчиња
Брегалница
Треска
Радика
Црн Дрим
Бистрица
Голик
ЛЕГЕНДА
лага
лажа
маменица

1	'истина	59–59а	
2		60–65	вистина
3–6	истина	66	
9–10	истина	67–68	вистина
11–12		69	
13–15	истина	71–74а	вистина
16		75–76	вистина
17	истина	78	
18	ист'ина	79	вистина
19	истина	80	
22–23	ист'ина	81	в'истина
23а		81а	
24	истина	82–86	вистина
24а	н'ајстина	87	истина
25	ист'ина	88	вистина
26	на'истина	89–94	
29	н'а"стина	95–95а	вистина
30	истина	96–102	вистина
31	н'аистина	103–106	в'истина
32–33	в'истина	107	вистина
36	вистина	108	в'истина
37	истина	109–110	вистина
37а		113	истина
38	вистина	114–117	вистина
39	истина	118	
40	наj̣стина	120–121	вистина
41	н'аистина	122–123	вист'ина
42	истина	124	вистина
43	в'истина	125	
44	н'аj̣стина	127–136	вистина
45		137	истина
46–47	вистина	138	вистина
47а		141	в'истина
47б		142–144	вистина
47в		145–148	
48–52	вистина	149	вистина
53		149а	
54	вистина	150	вистина
55		151	в'истина
57–58	вистина	152	вистина
155	в'истина	277–283	
156–165	вистина	284	х'истинă
166–169		285–291а	
170	вистина	292–296	
171		297	нăистин'ата
172–179	вистина	298–298а	
180		299–306	
183–184	вистина	307	нăист'ина
185	вист'ина	309–310	
186	в'истина	311	н'аистина
187	наистина	312	
190	ист'ина	313	истина
191–192	истина	313а	
193		314	истина
194	'истина	315	н'аисна
197–198	истина	316	истина
199–200	н'аистина	317	
201	истина	318	истина
203	н'аистина	319–319а	
205	(на)'истина	320	ист'инạ
206–211	истина	322	
212		323	ист'интă
213–214	истина	324	каж'увă
215		325	в'истина
216–232	истина	326	истина
233	н'аистина	327	
234–240	истина	328	ист'ина
241		330–336	
242	истина	337	истина
243	(на)'истина	338	
246–253	истина	339	ист'ина
254–254а		340	ист'инă
255–256	истина	341–343	ист'ина
257	н'истина	344–346а	
260–261	истина	347	ист'ина
262	н'истина	348	ист'инạ
263–265		348а–349	ист'ина
267–267а	истина	350	
268–270а		352–353	ист'ина
271–276а		354	
355–356	вист'ина		
357	вистина		
359–360			
361–362	ист'ина		
363			
365	ист'ина		
366			
367	ист'ина		
368			
369	ист'ина		
369а			
370–375			
376	ист'ина		
376а			
377	ист'ина		
377а–381			
381а	ист'ина		
382			
383	в'истина		
384			
385–386а	вистина		
387	вистина		
388	в'истина		
389–390	вистина		
391	ист'ина		
391а			
392	ист'ина		

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
🔴	*истина*	1, 3–6, 8–13, 15, 17–19, 22–25, 30, 37, 39, 42, 87, 113, 137, 190, 191–194, 197–198, 201, 206–211, 213, 214, 216, 218–222, 225, 226, 227–230, 232, 234–240, 242, 246–250, 253, 255–256, 260–261, 267, 267a, 284, 313, 314, 316, 318, 320, 323, 326, 328, 337, 339–343, 347–348, 348a, 349, 352–353, 361–362, 365, 367, 369, 376–377, 381a, 391, 392
🟢	*вистина*	32–33, 36, 38, 43, 46–52, 54, 57–58, 60–61, 64–65, 67–68, 71–74, 74a, 75–76, 78–79, 81–82, 85–86, 88, 95, 95a, 96, 99–103, 106–110, 114–117, 120–124, 127–131, 134–136, 138, 141–144, 149–152, 155–159, 162–166, 170, 172–173, 176–180, 183–186, 325, 355–357, 383, 385–386, 386a, 387–390
🟡	*наистина*	24a, 26, 29, 31, 40–41, 44, 187, 190, 199–200, 203, 205, 214, 233, 243, 257, 262, 297, 300, 307, 311, 315

На картата се дава преглед на називите за лексемата ‘вистина’ на македонската дијалектна територија. Овие називи претставуваат одговор на прашањето бр. 84 од глава II *Физички и психички особини на човекот* од *Прашалникот за собирање материјал* за МДА (Видоески 2000: 95).

Според ТРМЈ (I 2003: 254), лексемата *вистина* е опишана на следниов начин: „Тоа што одговара на стварноста, тоа што е реален приказ на објективната стварност, спрот. лага – *Жива (гола) вистина – беспорна, непобитна вистина. Болна вистина – непријатна вистина*“.

На македонската дијалектна територија се изделуваат следниве називи за ‘вистина’, во повеќе фонетски варијанти: *вистина*, *истина*, *наистина*.

вистина

Лексемата *вистина* се изведува од придавката со прасловенско потекло *ист* којашто настанала од ие. сложенка **ēi̯sth$_2$o-*, при што првиот дел на сложенката претставува лична заменка *ēi̯* ‘тој’, а вториот дел е индоевропскиот партицип *sth$_2$o-*‘стојеќи’ од коренот **stah$_2$-* ‘stopiti, stati’ (Snoj 2009: 227). Претпоставка е дека зборот првично значел ‘што стои до него’, со понатамошен развој ‘тој што стои до првиот од обата, еднаков на првиот’ > ‘ист’ (Snoj 2009: 227). Именски образувања со суфиксот *-ина* главно се јавуваат на територијата на јужнословенските јазици каде што речиси на целиот простор именката го има значењето на латинското ‘veritas’ (Skok I 1971: 732). На другиот дел од словенската јазична територија значењето на ‘вистина’ го покрива главно именката *правда* (чешки, словачки, полски, руски, украински, белоруски; исклучок е слн. облик *resnica*).

Специфицичност на македонската јазична територија е обликот *вистина*, којшто е составен од префиксот *въ* и именката *истина*, за разлика од останатиот дел на јужнословенскиот простор, каде што се употребува формата *истина*. Територијата што ја опфаќа лексемата *вистина* (со антепенултимски акцент) се протега од крајната северна граница на западното македонско наречје, вклучително со регионите на градовите Тетово и Скопје, сè до Леринско на југозапад, заедно со македонските говори во Корчанско и во Мала Преспа. Истата форма, само со пенултимски акцент (*вист'ина*), главно е присутна во преодните тиквешко-мариовски и во костурските говори.

истина

Лексемата *истина*, без присуство на префиксот *въ*, доминира на другиот дел на македонската дијалектна територија, и тоа во две фонетски варијанти: првата, почеста, со антепенултимски акцент – *'истина* и втората, поретка, со акцент на пенултима – *ист'ина*. Втората варијанта главно се врзува за појасот на северните источни говори и кајларските и костурските говори во Егејска Македонија и Бобошчица во Албанија каде што има фиксиран акцент на пенултима.

Покрај акцентските варијации на лексемата *истина*, во еден пункт во Пиринска Македонија (Делчово, п. 284) се забележува и облик со протеза од придишниот глас *х* – *х'истинă*.

наистина

Освен со префиксот *въ*, како зборообразувачки формант кај лексемата *истина*, на помал дел од македонската дијалектна територија се јавува и префиксот/предлогот *на*, и тоа во повеќе фонетски варијанти: *н'аистина*, *на'истина*, *н'ајстина*, *н'истина*, *најст'ина*, т.е. *(на)'истина*, како и *н'аисна*. Ареалот на лексемата *наистина* се протега како клин помеѓу ареалите на лексемите *вистина* и *истина*, почнувајќи од Тетовско, Скопско, преку Светониколско и Кратовско до јужните долновардарски македонски говори.


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Св. Николе
Велес
Штип
Кочани
Делчево
Радовиш
Берово
Струмица
Неготино
Кавадарци
Брод
Кичево
Дебар
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Лерин
Костур
Кајлар
Негуш
Бер
Гевгелија
Дојран
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Санданski
(Св.Врач)
Петрич
Валовиште
Драма
Серез
Кукуш
Гумендже
Лагадина
Воден
Енидже-Вардар
Солун
Струмица
Вардар
Црна Гора
Радика
Треска
Пчиња
Брегалница
Места
Струма
Бистрица
Голик
ЛЕГЕНДА
истина
вистина
наистина

1 комс'исуе
2
3 комс'ишуе
4 клев'ети
5 клевети
6 клев'ети / код'оши
8 клев'ети
9–10 комсис'уе
11 клев'ете
12 комсис'уе
13 клев'ети га млого
15 комсис'уе
16
17 клев'ети
18 к'уди
19 клев'ети / код'оше / нап'ада / огов'ара
22–23 клев'ети
23а
24 клев'ети / код'оши
24а огов'ара
25 клев'ети / код'оши / набед'ује
26 комсис'уе
29 клев'ете
30 код'оше / комсис'уе
31 комсис'уе / код'оше
32 комс'иса / код'оша
33 к'одоши
36 клев'ети
37 кодоши / клевети
37а
38 кодоши
39 клевети
40 кодоши / комсиса
41 кл'евети / нак'одоши
42 к'одоши
43 к'омсија
44 кодоши / клевети
45
46 клевети / кодоши
47 клевети
47а
47б
47в
48 кодоши
49 клеветит / кодошит
50 клеветит
51 клеветит / кодошит
52 клеветит
53
54 клеветит / кодошит
55
57 клеветит / кодошит; клеветчија
58 шпотат
59
59а
60 кодошет / клеветет / шпионет
61 клеветит / кодошит
64 клеветит / кодошит / шпиунит
65 кодошит / шпионит
66
67 кодошит / клеветит /музаварит
68 клеветит / кодошит
69
71 клеветит / кодошит
72 шпиунет
73 шпиунит
74 кажвет лошо
74а зборвит лошо
75 мунафичит / кодошит / клеветит
76
78–79 кодошит
80 кодошит / клеветит
81 к'одошит
81а
82 кодошит
85 кодошвит
86 кодошит
87 к'одоши
88 кодошит
89
92–94
95 кодоши
95а кодошит
96 кодошит
99 кодошвит
100 клеветит / кодошит
101 кодошит / клеветит
102 кодошит
103 к'одоши
106 к'одоши
107 кодошит
108 к'одошит
109 зборвит лошо / кодошит / муз'авирит
110 клеветит
113 к'одошит / кл'еветит
114 кодошит
115 клеветит / кодошит
116–117 кодоши
118
120–121 клевети / кодоши
122 код'оше
123 клевете / кодоше
124 кодоше
125
127 кодоши
128 клевети / кодоши
129 кодошит / клеветит
130 клеветит / кодошит
131 кодошит / клеветит
134–138 клеветит / кодошит
141 кл'еветит / к'одошит / н'абедит
142–144 клеветит / кодошит
145–149
149а
150 клеветит / кодошит
151 кл'еветит / к'одошит
152 к'одоши / кл'евети
155 комц'исуе
156 кодоши / клевети
157 (го) клевети
158 мунафачит
159 кодоши
162 код'оше
163 кодоши / клевети
164 клевети / кодоши
165
166 кодоши / клевети
169
170 клевети / кодоши
171
172 клеветит / кодошит
173 клевети(т) / кодоши(т)
176 кодоши / клевети
177 код'оши
178 кодоши
179
180 кодоши / клевети
183 кодоши / клевети
184–185 клев'ете / код'оше
186 клевете
187 кодоши / клевети
190 кодоше
191 клев'ете / кодоше
192
193–194 клев'ете
197–198 клев'ете
199 клив'ете
200 клев'ете
201 кле"в'ете
203 шпијунд'исăве
205 клęв'ете
206 кл'ă˚в'ете
207 клив'ете
208 наб'утува
209 клив'ете
210–211 клев'ете
212
213–214 клев'ете
215
216 клев'ете
218–220 клев'ете
221 кл'евете
222 клев'ета
225–229 клев'ете
230 шпијондис'ува
232–233 клев'ете
234 комсис'уе
235 клев'ете
236 комсис'уе
237 комсис'ује
238 клев'ета
239 клев'ете
240 ногу комсису(в)а
241
242 клев'ете
243 клев'ети
246 клев'ети
247–248 клев'ети
249 клев'ети / наклевет'и
250 клев'ети
253 клев'ети
254
254а
255 клев'ети / од'умува
256 клев'ети / од'умува
257 клевети / одумува
260 клев'ети / од'умува
261 клев'ети / одумува
262 клев'ети
263–265
267 од'умува
267а клев'ети
268–270
270а
271–272
274–276
276а
277–291
291а
292–296
297 клив'ет’ạ
298
298а
299–306
307 шпиун'ира
309–310
311 шпијундис'уве / клив'ете / м'ушке
312
313 клив'ете
313а
314 клив'ете
315
316 прид'ава
317–319
319а
320
322
323 шпијондис'ува
324
325 шпиунис'уве
326 шпи'оне
327
328 шпи'оне / код'оше
330–334
336
337 куд'оше / шпи'оне
338
339 клив'ете / куд'оше
340 клив'ети / д'упи
341
342 шпи'оне
343 клев'ете / кọд'оше
344–346
346а
347 куд'оше
348 спионот ногу прăдоксва
348а куд'оше
349 куд'оше
350
352 клев'ете / код'оше
353 дупе/ код'оше / клев'ете
354
355 код'оше
356 ме код'оши
357 кодоши
359–360
361 наклев'ети / код'оши
362 код'оши
363
365–366
367 код'оши
368
369 код'оши / напад'инви
369а
370
373–375
376 код'оши
376а
377 код'оши
377а
380–381
381а
382
383 кодоши
384
385 кодошит
386 кодоши
386а клевети / кодошва
387 клевети / кодоши
388 кл'ебе꞉ти / к'одо꞉ши
389 к'одоши
390 кодоши
391 к'ара / код'ошви
391а
392

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*клевети*	4–5, 6, 8, 11, 13, 17, 19, 22–23, 24, 25, 29, 36, 37, 39, 41, 44, 46, 47, 49, 50, 51, 52, 54, 57, 60, 61, 64, 65, 67, 68, 71, 75, 80, 100, 101, 110, 113, 115, 120, 121, 123, 128, 129, 130, 131, 134, 135, 136, 137, 138, 141, 142, 143, 144, 150, 151, 152, 156, 157, 163, 164, 166, 172, 173, 176, 180, 183, 184, 185, 186, 187, 191, 193–194, 197–201, 205–207, 209–211, 213–214, 216, 218–222, 225–229, 232–233, 235, 238–239, 242–243, 246–250, 253, 255, 256, 257, 260, 261, 262, 267a, 297, 311, 313, 314, 339, 340, 343, 352, 353, 361, 386a, 387, 388
▲	*кодоши*	6, 18, 19, 24, 25, 30, 31, 32, 33, 37, 38, 40, 41, 42, 44, 46, 48, 49, 51, 54, 57, 60, 61, 64, 65, 67, 68, 71, 75, 78, 79, 80, 81, 82, 85–88, 95, 95a, 96, 99, 100, 101, 102–103, 106–108, 109, 113, 114, 115, 116–117, 120, 121, 122, 123, 124, 127, 129, 130, 131, 134, 135, 136, 137, 138, 141, 142, 143, 144, 150, 151, 152, 156, 159, 162, 163, 164, 166, 170, 172, 173, 176,177–178, 180, 183, 184, 185, 187, 190, 328, 337, 339, 343, 347, 348a, 349, 352, 353, 355–356, 357, 361, 362, 367, 369, 376, 377, 383, 385–386, 386a, 387, 388, 389–390, 391
■	*шиунира*	60, 64, 65, 72, 73, 203, 230, 307, 311, 323, 325, 326, 328, 337, 342
⬟	*комси-ја(-суе)*	1, 3, 9–10, 12, 15, 26, 30, 31, 32, 40, 43, 155, 234, 236–237, 240
◆	*одумува*	255, 256, 257, 260, 261, 267
▬	*зборува (кажува) лошо*	74, 74a, 109
*	види материјал и коментар	19, 24a, 25, 58, 67, 75, 109, 141, 158, 208, 311, 316, 340, 348, 353, 369, 391

Картата донесува преглед на називите за глаголот ‘клевети, кодоши’ на македонската дијалектна територија. Овие називи претставуваат одговор на прашањето број 90 од глава II во Прашалникот за МДА (Видоески 2000: 95), а тоа е како се нарекува дејството кога некој ‘зборува за некого лошо’.

Според ТРМЈ, лексемата *клевети* примарно се дефинира како ‘измислува и шири клевети’, а самата именка *клевета* се дефинира како ‘кажување невистини за некого со цел да се оцрни, да се урне неговиот углед’ (ТРМЈ II 2005: 525). Под заглавниот збор *кодоши* со ознака (разг.) во ТРМЈ како прво значење е регистрирано следново толкување ‘клевети, поткажува’ (ТРМЈ II 2005: 546), што значи дека глаголите *клевети* и *кодоши* во своето основно значење се сметаат како синоними.

На македонската дијалектна територија се изделуваат следниве називи за ‘клевети, кодоши’ во повеќе фонетски варијации: *клевети, кодоши, музафири, комсисува, оѓовара, одумува* и *зборува (кажува) лошо*. Како единечни називи ги регистриравме следниве: *мушке, шпотат, дупи(т), кара, куди, набутува, придава, продоксва* и *најадинви*.

клевети

Лексемата *клевети* е општословенска лексема добиена од основата **klev-* од индоевропскиот корен **kleu-* со основно значење ‘удира, чука, кове’, што, пак може да се поврзе и со рус. *клева́ть, клюю* ‘колве’, кое произлегува од основата **клев-*, па затоа може да се прифати толкувањето на Миклошич дека *клев-* е паралелна форма со *клеп-* во *клепам* но со различен коренски определувач (БЕР II 1979: 427–428). Според Сној (Snoj 2009: 279) псл. **kleveta* нема етимолошко објаснување што задоволува. Можеби овде се работи за лексема што настанала по неправилна и непредвидлива постапка, можеби од **klepeta*, за што понатаму Сној упатува на *klepet* и се повикува на руското *поклеп* со значење ‘клевета’ (Snoj 2009: 279). Индикативна е во нашиот материјал и формата *клебети* регистрирана во Нивици (Егејска Македонија во регионот на Преспа). Според Скок, *клевети* произлегува од цсл. *kleveta*, којашто се среќава во буг., срп., хрв., чеш., укр. и во рус. (Skok II 1972: 98).

кодоши

Лексемата *кодоши* доаѓа од турското *kodoş* ‘клеветник’ (сп. ТРС 2007: 353) и се јавува на голем ареал во западниот и југозападниот дел на Македонија, но главно паралелно со словенското *клевети*.

Лексемата *кодош* со сите нејзини разновидности е балкански турцизам, сп. тур. *kodoş*, буг. *кодо̀ш*, срп. и хрв. *ко̀дош*, аром. *codóşŭ, cudóşú*, алб. *kodósh*, ром. *codóş* (БЕР II 1979: 517; Škaljić 1966: 411).

комсисува

Во североисточниот дел и во неколку пункта во северозападниот дел на Македонија е забележан глаголот *комсисуе(ва)* како единствена лексема со ова значење. Потеклото на оваа лексема е најверојатно словенско и можеме да го поврземе со прасловенската придавка **kom* со значење ‘стрмен’ (сп. го глаголот *komiti* со значење ‘забодува, закачува, се нафрла на некого’; Skok II 1972: 131). Кај Скок уште сретнуваме именка *накомица* изведена од овој глагол што значи човек што се расправа, т.е. човек што боцка со своето зборување. Иако семантиката на глаголот *окомити* се поклопува со значењето на глаголот *комсисуе,* не е едноставно да се објасни како основата *ком-* се проширила во *комсис*. Можеме да претпоставиме и некое латинско влијание од глаголот *commiterre* (ит. партицип *commesso*; Skok II 1972: 133), па преку грчкиот јазик за да се добие и вториот глас *с* како специфичен за грчкиот аорист, а за што индикативни се формите од северозападните пунктови од типот на *комсиса* (40. Вратница, 43. Теарце).

шпионира

На мала територија се регистрирани и неколку зборообразувачки варијанти на глаголот *шпионира,* кој потекнува од италијанската лексема *шпион* со нејзините разновидности, од итал. *spione, spia* > *špia*, коешто произлегува од герм. *speho*, нгерм. *Späher*. Тој италијанизам станал интернационален и балкански збор, сп. буг. *шпион(ин),* срп. и хрв. *špijūn, spìjūn*, алб. *spjún*, аром. *spjunu*, нгрч. *σπιοῦνος* (Младеновъ 1941: 695; Skok 1973: 311).

оѓовара

Лексемата *оѓовара* е регистрирана само во два пункта во северните македонски говори (19. Младо Нагоричане, и 24а. Бујковци), а е со словенска етимологија од псл. **govorъ*, изведено од ие. корен **geuh$_2$-* ‘вика, повикува’ (Snoj 2009: 185).

одумува

Лексемата *одумува* прави еден мал ареал во источниот дел на македонската дијалектна територија, а потекнува од зборот *дума* ‘слово, збор’ за кој се претпоставува дека е стара заемка од германскиот јазик (БЕР I 1971: 446; Skok 1971: 456).

зборува (кажува) лошо

Глаголот *зборува* е регистриран само во неколку пункта во југозападна Македонија, а е со словенска етимологија и доаѓа од прсл. глагол **sъbъrati* составен од **съ* ‘заедно’ и **bъrati* ‘бере, збира’ (БЕР VI 2002: 529–530; Snoj 2009: 851).

Глаголот *кажува* во основата го има псл. глагол **kazati*, сроден со стинд. *kā́śate* ‘кажува се, свети се’. Изведено од ие. корен **k^{u}ек’- (*k^{u}ok’-)* (Snoj 2009: 266– 267).

дупи

Глаголот *дупи* произлегува од псл. глагол **dupsti*. Зборот е ие., балтословенски, општословенски и прасловенски (БЕР I 1971: 448; Skok 1971: 457–458). Изведен е од ие. корен **d^{h}eup-* ‘длабок’ (Snoj 2009: 129). Во еден пункт (Жерноница) се сретнува и албанската заемка *шпотат* што исто така има значење *дупи, исмева* (в. https://fjalori.shkenca.org/shpotit).

музафири

Лексемата *музафири* е со турското потекло: *müzevir* ‘сплеткар, интригант’, а *müzevirlemek* ‘сплеткари, клевети’ (сп. ТРС 2007: 414) и очигледно во македонските дијалекти лексемата е позајмена со исто значење како во турскиот јазик. Оваа лексема е регистрирана во неколку пункта во западна Македонија.


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Кавадарци
Неготино
Велес
Штип
Св. Николе
Кочани
Делчево
Радовиш
Берово
Струмица
Петрич
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Валовиште
Драма
Серез
Дојран
Гевгелија
Струмица
Кукуш
Гумендже
Лагадина
Ениџе-Вардар
Воден
Лерин
Кајлар
Костур
Корча
Бер
Негуш
Солун
Брод
Демир Капија
Струмица
Радика
Треска
Пчиња
Брегалница
Црна Р.
Вардар
Струма
Места
Бистрица
Голик
ЛЕГЕНДА
клевети
кодоши
шпиунира
комси-ја(-суе)
одумува
зборува (кажува) лошо
види материјал и коментар

1–2 п'ења
3 п'ења // сапуница
4
5–6 п'ења
8 п'ена
9–10 п'ења
11 ск'ама // п'ења // сапуница
12–13 п'ења
15 п'ења
16
17–18 п'ена
19 п'ена // сапун'ица
22–23 п'ења
23а
24 п'ења
24а п'ења
25 п'ења, цеќ
26 п'ења
29 п'ења, чкама
30 ск'ама
31 ск'ама, сапун'ица
32 п'ења
33 ск'ама
36 сапун'ица
37 сапуњ'аи̯ца
37а
38 сапуница
39 п'ења // сапуница
40 п'ена // сапуњајца
41 п'ена, п'енаи̯ца
42 п'ена
43 п'ена, сапуњајца
44 сап'уњаи̯ца
45
46 п'ења // сапуница
47 п'ена, сапунојца
47а
47б
47в
48 п'ена, сапунајца

49 п'ења
50 п'ења, сапунеинца
51 п'ена // сапуница
52 сапуне"нца, п'ења
53
54 п'ења, сапуне"нца
55
57 п'ења
58 п'ена, сапуница
59
59а
60 п'ена // сапуница
61 п'ена // сапуница
64–65 сапуница
66
67 п'ена
68 сапуница
69
71 п'ена // сапуница
72 шк'ума
73–74 сапуноi̯ца
74а п'ена // сапуница
75 п'ена // сапунејнца // скама
76
78 п'ена, сапуноjца
79 п'ена, сапуноjца
80 сапуница
81 п'ена
81а
82 сапуница
85 п'ена, ск'ама, сапуноi̯ца
86 п'ена // сапуница
87 сапуница, п'ена
88 п'ена
89
92–94

95 сапуноi̯ца
95а сапунајца, ск'ама, п'ена
96 сапун'ӓјца // пена
99 сапуноi̯ца
100 п'ена // сапуноjца // ск'ама // шк'умба
101 п'ена // сапунеi̯ца
102 сапунеi̯нца
103 п'ена
106 сапуница, п'ена
107 п'ена // сапунеi̯ца
108 сапунеi̯нца
109 п'ена
110 сапунеj"ца
113 п'ена, сапунеi̯ца
114 п'ена
115 п'ена // сапуница
116 сапуница
117 с'апун"нца // сапунца
118
120 сапуница
121 п'ења // сапуница
122 п'ења
123 п'ења // сапун'ица
124 п'ења // сапуница
125
127–128 п'ења
129 п'ења // сапуница
130 сапуница // пе̯н'а
131 п'ења // сапун'е:н'ца
134 п'ења // сапујнца
135 п'ења // сапунејнца
136 п'ења // сапуница

137 п'ена // сапујнца
138 сапуненица
141 п'ења
142 п'ења // сапуне"ца
143 п'ења
144 п'ења // сапуница
145–148
149 сапуница
149а
150 п'ења
151 сапуница, п'ења
152 п'ења
155
156 п'ења // ск'ама
157 ск'ама // сапуница
158 сапуница
159 ск'ама // сапуница
162 сапун'ица
163 ск'ама
164 сапуница
165
166 ск'ама
169
170 сапуница
171
172 сапуница // п'ења
173 сапуница
176 п'ења
177 ск'ама
178 ск'ама // сапуница // п'ења
179
180 сапуница // п'ења // п'ејн'а
183 п'ења
184 ск'ама
185–186 п'ења
187 п'ејна, сапуница
190–191 п'ења
192
193 п'ења // сапун'ица
194 сапун'ица // п'ења
197 сапун'ица, п'ења
198 п'ења
199 п'ења, ск'ама
200 п'ења
201
203 п'ејна
205 п'ејна, ск'ама
206 п'ејна
207 ск'ама
208 п'ејна
209 ск'ама
210 п'ејна, сапуница, ск'ама
211 ск'ама
212
213 ск'ама
214 п'ења, ск'ама
215
216 ск'ама
218 п'ена
219–220 ск'ама, п'ејна
221–222 п'ејна, ск'ама
225 п'ејна, ск'ама
226–230 ск'ама
232 ск'ама
233 п'ења, ск'ама
234–235 ск'ама
236 п'ења
237 ск'ама
238 п'ења // ск'ама
239 сапун'ица, п'ења
240 сапуница
241
242–243 п'ена
246 п'ена
247
248 п'ена
249 п'ена // сапун'ица // ск'ама
250 п'ена
253 п'ена
254
254а
255 п'ена, пом'иа

256–257 п'ена
260–262 п'ена
263
264–265
267 п'ена
267а п'ена, ск'ама
268–270
270а
271–272
274–276
276а
277–291
291а
292–296
297 ск'ама
298
298а
299–304
305 п'ана
306 п'ана
307 ск'ама
309–310
311 ск'ама
312
313 ск'ама
313а
314 ск'ама
315 ск'ама
316 п'ена, ск'ама
317–319
319а
320
322
323 ск'ама
324
325 п'ена̯, сєпун'ица
326 п'ена
327
328 п'ена
330–334
336
337 п'ена // сапун'ица // ск'ама
338–339
340 п'енӑ, сап̆ув'анӑ
341 п'ена, сa̧пунв'ина
342–344 п'ена

345–346 // сапун'ава вода
346а
347–348 п'ена
348а п'ена // сап̆унило
349 сапун'ило // п'ена
350
352–353 п'ена
354
355–356 сапун'ица
357 сапуница
359–360
361 п'ена
362 п'ена // сапун'ило
363
365 п'ена // 'афра
366
367 п'ена // 'афра
368 шк'умба // п'ена
369 п'ена // сапун'ило
369а
370
373–375
376 п'ена
376а
377 сапун'ица
377а
380–381
381
381а
382
383 с'апунило
384
385 сапуi̯нца
386 сапунејнца
386а шк'умба // сапунејца
387 сап'унило
388 с'апуне:i̯нца
389 сапуница
390 п'ена // сапуница // шк'умба
391 пј'ана, шк'умба
391а
392 шк'умба, шкумб'ило

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*ѣена*	1–3, 5–6, 8–10, 12–13, 15, 17–19, 22–24, 24a, 25–26, 29, 32, 39–43, 46–51, 54, 57–58, 60–61, 67, 71, 74a, 75, 78–79, 81, 85–86, 88, 100, 101, 103, 107, 109, 113–115, 121–124, 127–129, 131, 134–137, 141–144, 150, 152, 156, 176, 183, 185–187, 190–191, 193, 198–200, 203, 205–206, 208, 210, 214, 221–222, 218, 225, 233, 236, 238, 242–243, 246, 248–249, 250, 253, 256–257, 260–261, 262, 267, 267a, 305–306, 316, 325–326, 328, 337, 340–344, 347–348, 348a, 352–353, 361–362, 365, 367, 369, 376, 390–391
▲	*сѣуница*	36, 38, 44, 52, 64–65, 68, 73–74, 80, 82, 87, 95, 95a, 96, 99, 102, 106, 108, 110, 116–117, 120, 130, 138, 149, 151, 158, 162, 164, 170, 172–173, 180, 194, 197, 239–240, 349, 355–357, 377, 383, 385–386, 388
■	*скама*	11, 30, 31, 33, 157, 159, 163, 166, 177, 178, 184, 207, 209, 211, 213, 216, 219, 220, 226–230, 232, 234–235, 237, 297, 307, 311, 313–315, 323
⬟	*шкумба*	72, 368, 386a, 392
*	види материјал и коментар	255

Картата донесува преглед на називите за ‘пена’ на македонската дијалектна територија. Овие називи претставуваат одговор на прашањето бр. 3 од глава IV *Хиг̄иена* од *Прашалникоѿ за собирање маѿеријал* за МДА (Видоески 2000: 100).

Во ТРМЈ (IV 2014: 60), лексемата *п̄ена* се толкува со како ‘меурчиња што се образуваат по површината на некоја течност при механичко или хемиско дејство (турање, матење, вриење, варење итн.)’.

На македонската дијалектна територија се изделуваат следниве називи за ‘пена’ во повеќе фонетски варијации: *п̄ена, сап̄уница*, *скама* и *шкумба.*

п̄ена

Именувањето *п̄ена* во македонските дијалекти се јавува во фонолошки разновидности: *п̄'ена, п̄'ења, п̄'е̯на, п̄'јена, п̄ј'ана, п̄''ӓна.*

Називот *п̄ена* во однос на именувањата *сап̄уница* и *скама* е дистрибуиран на целиот македонски дијалектен ареал.

Синтагми од типот *п̄'ења оѿ с'ап̄ун* или *сап̄ун'ава в'о̯да* во македонскиот дијасистем регистрираме спорадично во две населби во кичевскиот и во делчевскиот говор (141. Тајмишта и 255. Трботевиште).

Лексемата *п̄ена* е од прасл. **(s)pěnā,* сродно со стпрус. *spoayno* што значи ‘пена на ферментирано пиво’ (< прабалт. **spáinā*), литв. *spáė* ‘раб од пена’, ствгерм. *feim*, стангл. *fām* ‘пена’, стинд. *phéna-* ‘пена’, лат. *spūma* што значи ‘пена, ситни капки од прскање’. Овој назив со значење ‘пена’ е присутен во јужнословенските, како и во поблиските и подалечни словенски јазици. Сп.: срп. и хрв. *pena, pjena* ‘пена’, буг. *пяна* како ‘полутечна маса со воздушни меурчиња’, алб. *penak*, во струс. *пѣна*, рус. *пе́на,* укр. *пі̀на,* блр. *пе́на,* чеш. *pěna, pìna*, слч. *pena*, пол. *piana* (БЕР VI 2002: 129; Skok II 1972: 670).

сап̄уница

Лексичката разновидност *сап̄уница* со значење ‘пена од сапун’, како nomina atributiva (назив на носител на особина) е изведена од именката *сап̄ун* со суфиксот *-ица* (К. Конески, 1995: 59), а означува ‘средство за миење и перење’. Анализираниот материјал укажува дека називот сапун најчесто е забележан со определбата *свински* и како таков е дистрибуиран на целиот македонски дијалектен ареал.

Називот *сап̄уница* во македонските дијалекти го регистрираме во голем број фонетски и зборообразувачки варијации: *сап̄уница, сап̄ун'ица, сӓп̄ун'ица, сап̄'унца, сап̄'ујнца, сап̄ун'ӓјца, сап̄ун'ејнца, сӓп̄унв'ина, сӓп̄ув'анӑ, сап̄'унило, сап̄ун'ило, сӓп̄ун'ило*, деривациски модели преку кои лесно се следат промените во суфиксацијата на сиот македонскиот дијалектен ареал.

Дистрибуцијата на називот *сап̄уница* во однос на називот *скама* во македонските дијалекти покажува негова концентрираност од десната страна од р. Вардар.

Во стандардниот македонски јазик со лексемата *сап̄ун* се именува ‘хемиско средство во тврда состојба за миење, перење’, а со *сап̄уница* ‘бела пена добиена од сапун и вода’ (ТРМЈ V 2011: 298).

Лексемата *сап̄ун* е културен романизам застапен само во јужнословенските јазици, додека словенскиот назив е *milo, midlo.* Именувањето сапун за означување ‘средство за миење и перење’ е застапено во сите балкански јазици. Сп.: срп. и хрв. *сӣпӣн*, буг. *сапѫ̀н*, ром. *săpun*, алб. *sapun, sapua, -oi*, нгрч. *σαπουνι*, тур. *sapun, sabun*, унг. *szappan*, лат. *sapo-, -onis*, итал. *sapone.* Изведенки на *-ица* како *sapunica* со значење ‘пена од сапун’ се регистрирани во срп. и хрв. јазик, а во буг. дијалекти застапени се формите *сапунявица, сапинило, сапунка, съпуненцъа* (Skok III 1973: 202; БЕР VI 2002: 491).

скама

Називот *скама* е дистрибуиран од левата страна на р. Вардар, поточно во источниот дел на македонскиот дијалектен ареал.

Називот *скама* е балкански грцизам изведен од нгрч. *σκάμμα,* кое покрај другите значења е забележано и со значењето ‘сапуница која останува во коритото по перење тенки алишта; пена’. Изведено е од нгрч. *σκάπτα* ‘копа’, сп. *σκάφη* ‘копанка, корито’ (Аргировски 1998: 249). Й. Заимов, пак, тврди дека нгрч. *σκάμμα* е добиено со асимилација од итал. дијал. *scumta,* неапол. *scuta*, а ова пак, од ствгерм. *scūm*, герм. *schaum* што значи ‘пена’ (БЕР VI 2002: 722).

Со толкување ‘пена од сапун, сапуница’ именувањето скама е нотирано и во ТРМЈ (V 2011: 395).

шкумба

Лексемата *шк'умба* во дијалектната разновидности: *шк'ума* на македонската јазична територија е со ограничена употреба.

Во овој случај станува збор за адаптирана заемка од албанскиот јазик, на што укажува и самата дистрибуција на односната лексема на македонскиот дијалектен ареал. Сп.: *shkumbë-a*, *shkumë*, ‘пена, сапуница’; *shkumë deti* ‘морска пена’ *shkumë sapuni* ‘пена од сапун’(Agai 1996: 676; Пољоска 1998: 222).

На македонската дијалектна територија, спорадично, во употреба се уште два називи за ‘пена’.

афра

Називот *'афра* го регистриравме само во две населби во Костурско и тоа во заедничка употреба со називот *п̄'ена*: 365. Хрупишта и 367. Марковени. Овој назив претставува заемка од грч. јазик ἀφρός ‘пена’ (Аргировски 1998: 80).

цеꚉ

Називот *цеꚉ* во македонскиот дијасистем го нотиравме само во една населба во Светониколско, 25. Орашац, и тоа во заедничка употреба со називот *п̄'ења* со забелешка дека се работи за постар збор, што е очигледно и од неговото толкување ’вода од пепел‘.

И ТРМЈ (VI 2014: 309) ја нотира лексемата *цеꚉ* како синоним на пепелница со значење ’вода вриена со пепел и исцедена за миење садови и варење сапун; пепелница, пепелна вода‘.


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Неготино
Кавадарци
Велес
Штип
Св. Николе
Кочани
Делчево
Радовиш
Струмица
Берово
Петрич
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Дојран
Гевгелија
Валовиште
Драма
Серез
Кукуш
Гумендже
Лагадина
Воден
Ениче-Вардар
Лерин
Кајлар
Костур
Негуш
Бер
Солун
Брод
Дебар
Лагодина
Радика
Треска
Пчиња
Брегалница
Струмица
Струма
Вардар
Црна Г.
Црн Дрим
Бистрица
Места
Гоцик
Крива р.
ЛЕГЕНДА
пена
сапуница
скама
шкумба
* види материјал и коментар

1	балд'ӑза	69		141		242–243	балд'ӑза
2		71	свеска	142	балдеза,	246	бал̯д'ӑза
3	бал̯д'уза	72	бӑлдаска		балдеска	247	
4	балдӑза	73	балдоза,	143–144	свеска	248–253	балд'ӑза
5	балгӑза		балдоска	145–148		254–254а	
6	балд'ӑза	74	сестра од	149	свеска	255–260	балд'ӑза
8–9	балд'ӑза		невестата	149а		261	балд'ӑза,
10	балд'ӑза,	74а		150	свеска		шурн'а
	баўдӑза	75	свеска	151	св'еска	262	балд'ӑза,
11		76–78		152	б'алдӑза		шурн'аа
12	балд'ӑза	79	шурна	155	б'алдоза	263–292	
13		80	свастика	156	бал̯доза	293	бал̯дз'ӑ
15	балд'ӑза	81	ш'урна	157	балдоза	294–299	
16		81а		158	балтеза	300	бӑлд'ӑза
17–23	балд'ӑза	82–86	шурна	159	балдаза	301–306	
23а		87	ш'урна	162	балд'ӑза	307	бӑлд'ӑза
24–30	балд'ӑза	88	свеска	163–164	балдӑза	309–310	
31		89–92		165		311	бӑлд'ӑза
32–33	б'алдӑза	93	шурна	166	балдӑза	312	
36	балдаза	94		169		313	бӑлд'ӑза
37	свӑста	95–95а	шурна	170	балдаза,	313а	
37а		96	шурна		шурна	314–316	бӑлд'ӑза
38–39	балдӑза	99	свеска,	171		317–322	
40	свӑска		шурна	172–176	свеска	323	ш'урна
41	св'ӑска	100	свеска	177	балд'ӑза	324–325	
42	свӑска	101	шурна	178	свеска	326	ш'урна
43	св'ӑска,	102	свеска	179		327	
	ш'урња	103–106	св'еска	180–183	свеска	328	свеста
44	шурна	107	шурна	184–186	балд'ӑза	330–336	
45		108	ш'урна	187	свеска	337	шурна
46	свӑска	109	свеска,	190		338–339	
47	балдеза		шурна,	191	балд'ӑза	340	ш'уркӑ
47а–47в			балдӑза	192		341	св'еска,
48	балдаза	110	свеска	193–198	балд'ӑза		шурна
49	балдеска	113	ш'урна	199	бал̯д'ӑза	342–343	ш'урна
50	балдеза	114	шурна	200	балд'ӑза	344	свеска
51–52	балдеска	115–117	свеска	201–203	бӑлд'ӑза	345–346а	
53		118		205–206	балд'ӑза	347	сф'еска
54	балдеска	120–124	свеска	207	бӑлд'ӑза	348	свеска
55		125		208	балд'ӑза	348а	сф'еска
57	балдаза	127–131	свеска	209	бӑлд'ӑза	349	сф'еска
58	балдеза	134	сфеска,	210–211	балд'ӑза	350	
59–59а			шурна	212		352	св'еска
60	балдеза	135	свеска,	213–214	балд'ӑза	353	свеска
61	свеска		шурнејка	215		354	
64	балтеза	136	свеска	216–226	балд'ӑза	355–356	св'еска
65	шурнеј̯нца	137	свеска,	227		357	свеска
66			шурнефка	228–240	балд'ӑза	359–360	
67–68	свеска	138	свеска	241		361	св'еска
						362	свеска
						363–366	
						367–369	ш'урна
109–110	пешник
113	п'ешник
114	пешник
115	пешник, сомун
116–117	пешник
118	
120–124	пешник
125	
127	пешник
128	леп
129–130	пешник
131	леп
134–136	леп
137–138	сомун
141	с'омун
142–143	леп
144	сомун
145–148	
149	леп
149a	
150–152	леп
155	леп
156	сомун
157	сомун, леп црепњарски
158	леп
159	сомун
162	сомун
163	леп
164	сомун
165	
166	леп
169	
170	леб"
171	
172	црепнарски леп
173	леп
176	леп
177	сомун
178	леп
179	
180	леп
183	црепн'арцки
184–186	леп
187	сомун
190	п'ешник
191	с'омун
192	
193–194	леп
197–201	леп
203	сăм'ун
205	пресн'ик
206–208	леп
209	сăм'ун
210	сом'ун, та'ин
211	леп
212	
213	леп
214	леп, син'ић, сим'ит
215	
216	с'амун
218–219	леп
220	пресн'ик
221–222	леп
225–230	леп
232–237	леп
238	сам'ун
239–240	леп
241	
242–243	леп
246	леп
247	
248	леп
249	сом'ун
250	леп
253	леп
254	
254a	
255–257	леп
260	сум'ун, кором'ана
261	сум'ун, куп'ечок леп
262	леп
263–265	
267	
267a	сам'ун
268–270	
270a	
271–272	
272a	
274–276	
276a	
277–283	
284	л'ап, хл'ап, л'ъбă
285–288	
289	л'ап
290	л'ъп, хл'ап
291	
291a	
292	
293	пęш'н'ик
294	пешн'ик, сомун
295–298	
298a	
299–304	
305	пиш'н'ик, сум'ун'
306	пиш'тин'ик
307	сăм'ун
309–310	
311	сăм'ун
312	
313	леп
313a	
314	л'еп
315–316	леп
317–319	
319a	
320	
322	
323	фурнаџ'ијцки леп
324–325	
326	леп
327	
328	леп
330–334	
336	
337	сам'ун
338–339	
340	сам'ун, пешник
341	с'омун
342	лєп
343	сам'ун
344	леп
345–346	
346a	
347	с'омун
348	п'ешник, сомун
348a	с'омун
349	п'ешник
350	
352–353	п'ешник
354	
355	п'ешник
356	п'ешник, с'омун
357	погача ченкарна
359–360	
361–362	п'ешник
363	
365	п'ешник
366	
367–369	пешник
369a	
370	
373–375	
376	пешник
376a	
377	пешник
377a	
380–381	
381a	
382	
383	п'ешник
384	
385	чурек, пешник
386	чурек
386a	леп
387–388	п'ешник
389	чурек
390–391	пешник
391a	
392	п'ешник

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*леб*	1, 5, 9–10, 12, 15, 17–19, 22, 24, 26, 29–33, 36–38, 40, 43–44, 46–48, 54, 58–61, 72, 74, 74a, 95a, 128, 131, 134–136, 142–143, 149–152, 155, 158, 163, 166, 170, 173, 176, 178, 180, 184–186, 193–194, 197–201, 206–208, 211, 213–214, 218–219, 221–222, 225–230, 232–237, 239–240, 242–243, 246, 248, 250, 253, 255–257, 262, 284, 289–290, 313–316, 326, 328, 342, 344, 386a
●	*црейнарски леб*	8, 24a, 157, 172, 183
●	*фурнациски / купечки леб*	4, 8, 261, 323
■	*йешник*	64, 67, 71, 79–82, 85–88, 93, 100, 101–103, 106–110, 113–114, 115, 116–117, 120–124, 127, 129–130, 190, 293, 294, 305, 306, 340, 348, 349, 352–353, 355, 356, 361–362, 365, 367–369, 376–377, 383, 385, 387–388, 390–392
▲	*сомун*	3, 6, 23, 25, 39, 41–42, 49–51, 52, 57, 58, 65, 67, 68, 71, 75, 95–96, 99, 100, 115, 137–138, 141, 144, 156, 157, 159, 162, 164, 177, 187, 191, 203, 209, 210, 216, 238, 249, 260, 261, 267a, 294, 305, 307, 311, 337, 340, 341, 343, 347, 348, 348a, 356
⬟	*(йченкарна) йоғача*	52, 73, 357
⬬	*чурек*	385, 386, 389
*	види материјал и коментар	205, 210, 214, 220, 260

Картата ги прикажува лексичките разновидности на називите за ‘леб што е печен во фурна или во подница’, но се добиени и одговори што прикажуваат видови леб според облик, вкус или според некоја друга карактеристика или намена. Овие називи претставуваат одговор на прашањето бр. 2 од глава IX *Приго̄тувување храна* од *Прашалнико̄т за собирање ма̄теријал за Маке̄онско̄т ѓијалекто̄н а̄тлас* (Видоески 2000: 119). Според ТРМЈ (III 2006: 23) лексемата леб се толкува како ‘основен прехранбен производ што се меси од брашно (пченично, пченкарно, ’ржено итн.) и потоа се пече’.

На македонската дијалектна територија, освен основниот назив *леб* и двокомпонентните изрази *цре̄пнарски / фурнаџиски леб*, се среќаваат и називите *сомун*, *пе̄шник*, *чурек*, *по̄гача*, *пресник*, *та̄ин* и *коромана*. Во ТРМЈ се регистрирани називите *сомун* ‘леб од бело пченично брашно, обично во тркалезна форма’ (ТРМЈ V 2011: 494), *пе̄шник* ‘пченичен леб со тркалезна форма потквасен со маја’, *по̄гача* ‘пченичен леб од тесто без квасец, печен во тепсија’, *пре̄снец* (*пре̄сник*) ‘1. вид бесквасен леб; 2.вид пита со потпечени кори наредени една врз друга’ (ТРМЈ IV 2008: 81, 141, 513 – 514), *та̄ин* ‘храна, оброк што се дава на војници, на работници и сл., следување’, а називот *чурек* е регистриран како ‘1. вид зачин од растението црн ким или црно семе; Nigella sativa L., ‘2. Вид печиво, бел леб месен со маја и премачкан озгора со јајце, вид симит само поголем и посолен со овој зачин’ (ТРМЈ VI 2014: 12, 392).

леб

Називот *леб* со сите негови фонетски варијанти се среќава на целата македонска дијалектна територија. Етимологијата на овој назив е од псл. *xlěbъ преземено од герм. *hlaiba- од коешто е развиено ствгерм. hleib ‘леб’. Се употребува во: срп. *хлеб,* рус. *хлеб,*чеш. *chleb* (Snoj 2009: 206).

сомун

Називот *сомун*, со неколку фонетски варијанти: *самун*, *сӑмун*, *сумун*, е втор по фреквентност и опфаќа голем дел од македонската дијалектна територија.

Лексемата *сомун* е балкански турцизам од грчко потекло и е дел од фурнаџиската терминологија. Оваа лексема е позајмена од отомански турски *somun*, а дел од етимолозите се на мислење дека е од византиски грчки *ψωμίν* < *ψωμίον* ‘парче леб’ < старогрчки *ψωμός*, што е изведено од глаголот *ψώω*, алтернативна форма на *ψάω* ‘допира нежно, лесно; трие’, што значи дека изворната семантика би била ‘нешто што се трие, а потоа се јаде’. Се среќава во ром. *somún*, аром. *sumună, somună*, алб. *somunë, somun*, како и во буг. *сому́н* и срп. *со̀мӯн*.

Во одговорите на прашањето *Како се вика леб што̄ е пе̄чен во фурна или во по̄дница?* се забележува дека тоа е најчесто леб што се пече во фурна (*фурнаџиски леб*), но има и одговори што посочуваат дека е тоа ‘црепнарски леп’ (п. 157, Зелениково). Во дел од примерите називот *сомун* означува количество, односно парче (сп. 159, Катлановo), а се јавува и во синтагмата *купечки леп* (во селските средини каде што немало фурни лебот се печел под вршник во црепна, подница, а лебот купен во некоја градска средина бил печен во фурна со обопштен назив *сомун*). (Јашар-Настева 2001: 36–37; БЕР VII 2010: 320; Škaljić 1966: 570; Skok III 1973: 199).

пе̄шник

Називот *пе̄шник*, со фонетските варијанти: *пишник*, *пиштӣник*, е регистриран во поголемиот дел од југозападната македонска дијалектна територија со примарно значење ‘леб што е печен во фурна’, иако може да се забележат и поинакви значења ‘бел / градски / пазарски / помал леб’, или тркалезен леб за в црква.

Лексемата *пе̄шник* е изведена од стсл. **пѣшь**, од псл. *peťъ < *pektь, од прабалтословенски *péktis, од пие. *pékʷtis < *pekʷ- при што првичното значење е ‘удира, здроби, пукне (зрно)’, а подоцна се развило во ‘готви’, еквивалентно на *peťi + *-tь. (Фасмер III 1987: 256–257; Skok II 1972: 629; Derksen 2008: 393; Pokorny 1959: 798)

по̄гача

Називот *по̄гача* во пунктовите 52. Печково, 73. Џепиште и 357. Буф, е забележан со значење ‘леб печен во црепна од пченично брашно’. Според нас овој назив е дел од обредната лексика, па сметаме дека се јавува на пошироко дијалектна територија.

Лексемата *по̄гача* потекнува од средновековен латински *focacea* < *focacia*, дериват од *focus* ‘огниште, жариште’, во значење „леб од огниште“ (panis focācius), сродно со итал. *focaccia* ‘вид рамен леб со додатоци’. Заемањето во јужнословенските јазици е неизвесно, можно е од унг. *pogácsa* или герм. *Pogatsche*. Можно да е со романско посредство *pogace*, но исто така можно е и од византиски грчки *πογάτσα*, а оттаму и во отомански турски *poğaça*. Лексемата е регистрирана во буг. *пога́ча*, ср.-хр. *по̀гача* / pògača, слн. pogáča, алб. *pogaçe*, нгрч. *μπουγάτσα* и во тур. *poğaça*. (БЕР V 1996:, 421–422; Фасмер III 1987: 295; Miklosich 1862: 254).

пресник

Називот *пресник*, според ТМРЈ *пре̄снец* ‘вид бесквасен леб’ го прикажува начинот на кој се приготвува, но не и на кој се пече лебот, односно овој вид леб се подготвува без квасец и тестото не нараснува. Регистриран е само во два пункта (205, 220), што не ја отсликува вистинската состојба на терен.

Лексемата *пресник* (*пре̄снец*) е изведена од псл. *prěsnikъ < *prěsnъ (придавка) + *ikъ (наставка за супстантивизирање на придавки) ’свеж; суров; бесквасен; груб; нерафиниран’ < блтсл. *prḗ²skas ‘бесквасен’ < пие.*preyskos ‘свеж, чист’, сп. стсл. **опрѣснъкъ** ‘бесквасен леб’. Овој збор е сроден со пгерм. *friskaz (некои етимолози, на пр. Фасмер, не се согласуваат со ова), познат и во литв. préskas, но вокализмот на литванските форми е некомпатибилен со реконструкцијата *proisk. Првобитното значење на балтословенската придавка била ‘свеж’ во смисла на ‘бесквасен, неферментиран, несолен’. За словенските јазици мора да претпоставиме *prěsnъ < *prěsknъ; сп.: срп. *пресник*, чеш. *přesník*, пол. *przaśnik* (БЕР V 1996: 668–669, 674–675; Фасмер III 1987: 360; Skok III 1973: 41; Gluhak 1993: 503; ERHJ II 2021: 216).

чурек

Називот *чурек* се јавува на мал ареал во преспанските говори и означува ‘помал леб’.

Лексемата *чурек* потекнува од тур. çörek. ‘тркалезен леб, леб во кружна форма. Овој збор е изведен од старотурскиот глагол çevür- „вртење, тркалање“ со старотурска наставка +(g)ak. Истиот збор во отоманскиот турски се јавува и со значење ‘црн ким, црно семе’, што е и прво значење при толкувањето на овој збор во ТРМЈ. Го има и во буг. *чюрек, чурек*, срп. *чурек*, бос. *čurek*, ром. *ciurec*, нгрч. *τσουρέκια*. (Младенов, 689; ЭСТЯ II, 154-155; Skok I, 343).

та̄ин

Лексемата *та̄ин* е од тур. *tayın* ‘дажба, определен оброк (за денонокие); војничко следување, војнички оброк’ од арап. *taʿyīn* ‘определува, одредува’; сп.: срп. *та̄ин, та̄јин*, ром. *taín*, аром. *tăíme, tăíne*, нгрч. *ταγίνι, ταΐνι* (БЕР VII 2010: 754–755; Младенов 1941: 628; Škaljić 1966: 596-597; Skok III 1973: 431; Nişanyan 2002 [tayın, tayin]).

коромана

Називот *коромана* е забележан во Пехчево, покрај *сумун*. Доаѓа од тур. *kuruman* ‘војнички сув леб, двопек’ од глаголот *kurumak* ‘суши’, а на словенска почва преосмислено како *кор-о-мак* од слов. *кора*. Го има и во буг. *короман,* срп. *короман*, алб. *koromane* ‘војнички леб’, аром. *curamână,* нгрч. κουραμάνα. (БЕР II 1979: 643–644; Skok II 1972: 157; Škaljić 1966: 416).


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Кумановo
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Дебар
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Велес
Штип
Св. Николе
Кочани
Делчево
Неготино
Кавадарци
Струмица
Радовиш
Берово
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Петрич
Валовиште
Драма
Серез
Дојран
Гевгелија
Струмица
Кукуш
Гумениџе
Лагадина
Ениџе-Вардар
Воден
Лерин
Кајлар
Костур
Корча
Негуш
Бер
Солун
Црна Р.
Брегалница
Струма
Вардар
Бистрица
Радика
Треска
Пчиња
Места
Голик
ЛЕГЕНДА
леб
црепнарски леб
фурнациски леб
пешник
сомун
(пченкарна) погача
чурек
* види материјал и коментар

1
2
3 ц'аревишан поп'арник
4 мумур'узник
5 царевичен леп
6 мумур'узница
8–9
10 мумур'узна пог'ача
11 мумур'узница
12 момор'узна пог'ача
13
15 мумур'узница
16
17 мумур'узница
18 мумур'узница
19 мумур'узница
22 мумур'узница
23 мумур'узан леп
23а
24 мумур'узница
24а мумурузн'ица
25 мумур'узница
26 мумур'узан леп
29 мумур'узна пог'ача
30
31 мумур'узна пог'ача
32 мумур'узница
33 мур'езница
36 мумерезница
37 мумурузӑн леп
37а
38 ченкарен леп
39 мурезница
40 ченкар'ан леп
41–42 ченкар'ен леп
43–44 ченкарен леп
45
46 ченкарен леп
47 ченкарен леб[п]
47а–47в
48
49 пченкарен леп
50 пченкарен леб[п]
51 пченкар'ен леп
52 пченкарен леб[п]
53
54 пченкарен леб[п]
55
57 пченкарник
58 пченкан леп
59
59а
60 пченкан леп
61 пченкарник
64 ченканик
65 ченк'ан леп
66
67 ченкан леп
68 пченканик
69
71 пченкарник
72 ченкан леп
73 ченк'ан леп
74 пченканик
74а пченкан леп
75 пченкарник
76
78
79 пченкарница, шауленик
80 пченк'ан леп
81 пч'енкан леп
81а
82 ченка[ӓ]рник
85 ченкарница
86 мисерцки леб
87 ченк'арница, ченкар'ин леп
88 ченкарница
89
92
93 ченкарница, шалник
94
95 ченкарница
95а ченк'ӑрница
96 ченкарен, мисерен леп
99–100 мисерен леп, ченкарен леп
101 мис'ерница, пченкарница
102 мисирен леп, мисерница
103 м'исерник
106 м'исерник
107 мисерница
108 пченк'арница, мис'ерница
109 пченкарница
110 пченкарница, пченкарник
113 пченк'арница
114 ченкарница
115 пченкарник, пченкарница
116 ченкарница
117 ченкарка
118
120 ченкарка
121 пченкарница
122–123 ченк'арка
124 ченкарка
125
127 ченкарка
128 пченкарница, царевница
129 царевница
130 пченкарница
131 ц'аревница
134 пченкарница
135 пченкарник
136 пченкар'ен леп
137 пченкарен леп, пченкарник
138 пченкарен леп
141
142 пченкарник
143–144 пченкарница
145–149
149а
150 пченкарен леп
151 пч'енкарен л'еп
152 мур'езница
155 мумур'езница
156 мумурезница
157 мумур'езница
158 пченканик
159 мумурезница
162 царевна пог'ача
163 царевна погача
164 царевница
165
166 царевна погача
169
170 царевница
171
172 царевник, царевница
173 царевница, царевник
176 царевна погача, царевница
177 царев'ица
178 царевн'ица
179
180 царевница
183 цар'евно
184 цар'евна пог'ача
185 мумур'озен леп, цар'евен леп
186 мурозен леп
187 царевкарница, цревка
190 ченкарн'ица
191 мор'озен леп
192
193 мор'озник
194 мор'озен леп
197 момор'озник
198 мор'узен леп
199–201 чиничк'оф леп
203 чиничк'оф леп
205 чиничк'оф леп
206 чинчк'оф леп
207 мисирк'оф леп
208 чиничк'оф леп
209 чис леб
210 просен'ик
211 чиничк'оф леп, просен'ик
212
213 ч̣еничк'оф леп
214 чен'ичкав леп
215
216 чиничк'ов леб
218 ченичк'оф леп
219–220 чиничк'оф леп
221 ч̣еничк'оф леп
222 чиничк'оф леп
225 чиничк'ова пог'ача
226 ченичк'ова пог'ача
227 момур'узен леп
228 мор'узна пог'ача
229 момур'узен леп
230 момур'узна пог'ача
232 момур'узен леп
233 момур'узна пог'ача
234 мор'узник
235 мумур'узен леп
236 момор'узна пог'ача
237 мумур'узен леп
238 мумур'узна пог'ача
239 мур'узен леп
240 ц'аревен леп
241
242 мумур'узна пог'ача, мисирен леп
243 ц'аревен леп
246 ц'аравичин леп
247
248 ц'аревичен леп
249 мисирк'ова пог'ача
250 месирк'оф леп
253 ц'аревичен леп
254
254а
255–256 ц'аревичина пог'ача
257 ц'арев'ичен леп
260 ц'аревичина пог'ача
261 ц'аревичен леп
262 пог'ача, ц'аревичин леп
263–265
267
267а пчен'ичен леб
268–270
270а
271–272
274–276
276а
277–291
291а
292
293 мис'ирӑн л’ап
294–298
298а
299
300 мис'иркин ле[а]п
301–304
305 каз'алка
306 бастар'ӑк
307 мис'ирцки л'еп
309–310
311 мисиркина пуг'ача
312
313 мисирк'оф леп
313а
314–316 мис'иркин леп
317–320
322
323 чин'ичкина пуг'ача
324–325
326 чин'ичкин леп
327
328 чин'ичкин леп
330–334
336
337 ч'енкин леп
338–339
340 чиничкув'ица
341 ч'енкин леп
342 чин'ичкин леп
343 чен'ичкина пог'ача
344 мисерник
345–346
346а
347 чинчик'ен леп
348 прусен'ик
348а чинчик'ен леп
349 прусин'ик, ч'енкӑрен леп
350
352 ч'енкен леп
353 ч'енкин леп
354
355 ченк'арник, ч'енкен леп
356 ч'енкен леп
357 ченкарка
359
360
361 буб'ота, мис'ирна буб'ота
362 мис'ерен леп
363
365–366
367 мис'ерен леп
368 мис'ирен леп, мисерн'ик
369 мис'ерен леп
369а
370
373–375
376 мис'ерник
376а
377 мис'ерник
377а
380–381
381а
382
383 м'исерник
384
385 мисерен леп, мисерник
386 мисерен леб
386а
387 м'исерен леб
388 м'исе:рен леп
389 мисерник, пченкарник
390 мисерник
391 мис'арка, мис'арев лjӓп
391а
392 мисерн'ик

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*пченкарен леб*	38, 40–44, 46–47, 49–50, 52, 54, 57–58, 60–61, 64–65, 67–68, 71–74a, 75, 79, 81–82, 85, 87, 88, 93, 95–95a, 96, 99–101, 108, 109–110, 113–117, 120–124, 127, 128, 130, 134–138, 142–144, 150, 158, 190, 337, 341, 349, 350, 353, 355–357, 389
◆	*мумурузен леб*	1, 4, 6, 8–11–12, 15–16, 18–19, 22, 23–24a, 25–26, 29, 31–33, 36–37, 39, 152, 155–157, 159, 185, 186, 191, 193–194, 197–198, 227, 228–230, 232–239, 241
■	*пченичков леб*	199–201, 203, 205–206, 208, 211, 213–214, 216, 218–222, 225–226, 323, 326, 328, 340, 342–343, 347, 348a
⬭	*мисирен леб*	86, 96, 99–101, 107, 250, 293, 300, 307, 344, 362, 367–369, 385–388, 389, 390–392
▲	*царевен леб*	3, 5, 128, 129, 131, 162–164, 166, 170, 172–173, 176–177, 180, 183–184, 185, 187, 240, 243, 246, 248, 253, 255–257, 260–261, 262
⬟	*просеник*	210, 211, 348, 349
*	видиматеријал и коментар	79, 93, 209, 305, 306, 361

Картата донесува преглед на називите за ‘леб од пченкарно брашно’ на македонската дијалектна територија. Овие називи претставуваат одговор на прашањето бр. 14 од глава IX *Приѓотвување храна* од *Прашалникоѿ за собирање маѿеријал за МДА* (Видоески 2000: 119).

На македонската дијалектна територија се забележува диференцијација во однос на именувањето на самото растение Zea mays ‘пченка’, па оттаму и се изведуваат називите за лебот што е направен од пченкарно брашно и тоа, или како еднокомпонентни со помош на суфиксната деривација или како двокомпонентни изрази во кои првиот дел е придавка што ја содржи информацијата за ‘пченка’ а вториот дел е именката *леб* (*ѿоѓача, бубоѿа* итн.).

Според Киш (1996: 175) „во македонските говори се јавуваат следниве називи: *ѿченка*, *ѿченичка*, *мумуруз*, *мумуруска*, *муруска*, *мисир*, *мисирка*, *царевка*, *царевица* и *ѓрчка*...“, а со оглед на тоа што и називите на ‘леб од пченкарно брашно’ се изведуваат од овие лексеми, ќе дадеме преглед на називите, притоа не наведувајќи ги сите фонетски и прозодиски разновидности: 1. (деривати од пченка): (*ѿ)ченкарница, (ѿ)ченкарка, (ѿ)ченкарник, (ѿ)ченканик, (ѿ)ченкарен / (ѿ)ченкан / (ѿ)ченкен / (ѿ)ченкин леб*; 2. (деривати од пченичка): *чиничкувица, ченичков / ченичкав / ченичкин леб, ченичкова / ченичкина ѿоѓача*; 3. (деривати од мороз, мурус со редупликација на првиот слог) *морозник, моморозник, мурезница, мумерезница, мурозен / морузен / мумурозен / момурозан леб, морузна / момурозна / мумурузна ѿоѓача*; 4. (деривати од мисир, мисирка) *мисерник, мисерница, мисарка, мисерен / мисрен / мисирков / мисиркин / мисирски леб, мисиркова ѿоѓача, мисирна бубоѿа*; 5. (деривати од царевка, царевица) *царев(н)ица, царевкарница, царевник, царевен / царевичин / царевишан леб, царевна / царевичина ѿоѓача, царевишан ѿопарник*; 6. (деривати од просо) *ѿросеник, ѿрусеник*. Овде ќе ги вклучиме и одделните називи: *бубоѿа*, *чис(ѿ) леб*, *шауленик* и *баснарǎк*.

ѿченкарен леб (ѳериваѿи оѳ ѿченка)

Дериватите изведени од *ѿченка* за ‘леб од пченкарно брашно’ ги имаат истите фонетски разновидности како и основниот назив ‘пченка’: *(ѿ)ченкарница, ченкарка, (ѿ)ченкарник, (ѿ)ченканик, (ѿ)ченкарен / (ѿ)ченкан / (ѿ)ченкен / (ѿ)ченкин леб* и го покриваат истиот ареал: Тетовско, Скопско, Пореч е, Кичевско, Прилепско, Битолско, Гостиварско, Дебарско, Охридско, Струшко, Преспанско, Леринско и Солунско.

Со оглед на тоа што пченката е понова култура донесена од Централна Америка и ги заменува постарите житни култури во Европа, особено во предели со поостра клима, таа при својата номинација позајмува други називи (Киш 1996, 174–175). Имено, во основата на *ѿченка* е псл. **рьšeno*, од прабалтословенскиот **pišena*, од праиндоевропскиот **pis-en-om*, од **peys-* ‘меле, здроби’. Карактеристка на македонските дијалекти е замената на консонантската групата *ѿш* > *ѿч*, а во некои дијалекти добиената група *ѿч* > *ч*.

Називот *(ѿ)ченкарница* е регистриран на поголем ареал во западните македонски говори а називот *ченкарка* е регистриран на помал ареал во југозападните македонски говори (в. карта). Називот *(ѿ)ченка(р)ник* се јавува во Скопско, Кичевско, Дебарско и Леринско, некаде и како дублетна форма. Најголем ареал зафаќаат двокомпонентните називи во кои првиот дел е придавка што ја содржи информацијата за ‘пченка’: *(ѿ)ченкарен / (ѿ)ченкан / (ѿ)ченкен / (ѿ)ченкин леб*. Овие називи се јавуваат на целата територија на западното македонско наречје. (Пеев 1974: 12–16; Киш 1996: 175; Фасмер III 1987: 417; Skok II 1972: 586; Derksen 2008: 431).

ѿченичков леб (ѳериваѿи оѳ ѿченичка)

Називот *ѿченичка* е југоисточна македонска лексема и се јавува во повеќе фонетски разновидности во југоисточните и јужните македонски говори (Радовишко, Струмичко, Дојранско, Воденско, Кајларско и Костурско). Оваа лексема е од псл. *рьšenica од *рьšeno + *-ica, од пблтсл. *pišena, од пие. *pis-en-om, од *peys- ‘меле, здроби’. Првично, двоен деминутив, од -ица + -ка; сп. *водичка* со синонимот *водица*.

Најширок ареал зафаќа двокомпонентниот израз *ченичков / ченичкав / чиничков / ченичкин леб.* (Пеев 1974: 12–16; Киш 1996: 175; Фасмер III 1987: 417; Skok II 1972: 586; Derksen 2008: 431; Snoj 2016: 591)

(му)мурузен / (мо)морузен леб (ѳериваѿи оѳ мумуруз, мумуруска)

Називите за ‘леб од пченкарно брашно’ изведени од мумуруз/мумуруска се бројни (види материјал) и се среќаваат во повеќе дијалектни разновидности од фонетски и прозодиски карактер во североисточните и источните македонски говори (Скопско, Кумановско, Светиниколско, Кривопаланечко, Кратовско, Кочанско, Штипско, Велешко, Тиквешко и Мариовско).

За потеклото на оваа лексема постојат многу претпоставки. Вајганд смета дека е од буг. *моморо з, моморозка, моруза*, Младенов е на мислење дека е разноводност на *мамул* (сп. *мамалиѓа*), од ром. *mămăliga* (< итал. *melega, melica* ‘просо’), Скок смета дека е направена само замена во редупликацијата *куку-* во *кукуруз* со *муму-* (*мумуруз*), Заимов и Пеев го изведуваат од дијалектниот назив на ‘црница’, *мура, муренка* со редупликација на почетниот слог, што се врзува со лат. *mōrus* (< грч. *μόρον*), а ако се има предвид дека називите на растенијата честопати носат назив на земја од каде што се донесени, тогаш не е исклучена и веројатноста дека е од итал. *moro* < *Maurus* ‘Мавританец’, со оглед на тоа што по пренесувањето од Америка во Шпанија, пченката нашла своја втора татковина во Мавританија (Пеев 1974: 12–16; Киш 1996: 176–177; Skok II 1972: 485).

мисирен леб (ѳериваѿи оѳ мисир, мисирка)

Називите за ‘леб од пченкарно брашно’ изведени од *мисир, мисирка* се дадени во првиот пасус, а најфреквентни се во периферните југозападни, југоисточни и источни македонски говори, спорадично и во дел од централните македонски говори (в. карта).

Овие називи се изведени од лексемата *мисир* ‘пченка’, што е балкански турцизам од арапско потекло (mısır ‘пченка’, *misir buğdağı* букв. ‘египетска пченица’). Називот укажува на земјата од каде што Турците ја пренеле културата ‘пченка’ на Балканот (Пеев 1974: 12–16; Киш 1996: 177; Заимов 1957: 120; Škaljić 1966: 465).

царевен леб (ѳериваѿи оѳ царевка, царевица)

Називите за ‘леб од пченкарно брашно’ изведени од *царевка, царевица* се дадени во првиот пасус. Иако Киш (1996: 177) наведува дека „во однос на другите називи (се мисли на *ѿченка* и *мисир*, н. заб.), разновидностите *царевка* и *царевина* немаат компактен ареал“, сепак наведените деривати за ‘пченкарен леб’ што се изведени од *царевка* образуваат два поголеми ареали, едниот е во централните македонски говори, а другиот е во североисточните и источните македонски говори. Во однос на именувањето, според Киш (1996: 179) „тие, како впрочем и низа други деривати со основата *цар-, Сѿамбол-* и *Цариѓраѳ-*, се именувани така од царските усилби, оваа култура што повеќе да се одгледува...“. (Пеев 1974: 12–16; Киш 1996: 177–178; Заимов 1957: 113–126; Moszyński II 1968: 533).

ѿросеник (ѳериваѿи оѳ ѿросо)

Во неколку пунктови се среќаваат и називите за ‘леб од пченкарно брашно’ изведени од *ѿросо*: *ѿросеник* (Ново Село), *ѿрусеник* (Тремно), *ѿрусиник* (Емборе).Овие називи се изведени од псл. **proso* +**-ьnikъ*. Натамошната етимологија е нејасна. Ако старопрускиот збор *prassan* е сроден и не е позајмен (на пр. од полскиот), тогаш е можна реконструкција од пблтсл. **praśan* < пие. **prokom*, од **perḱ-* ‘шарен’, или од **pres-* ‘притисне, стиска, гмечи’, а можно е и неиндоевропско потекло. Познат е и во балтичките јазици, литв. *prosais*, латв. *prosa*. (Киш 1996: 177; БЕР V 1996: 766–767; Младенов 1941: 530; Фасмер III 1987: 378–379).


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Куманово
Кратово
Крива Паланка
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Св. Николе
Велес
Штип
Неготино
Кавадарци
Радовиш
Струмица
Берово
Делчево
Кочани
Гевгелија
Дојран
Благоевград (Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев (Неврокоп)
Санденски (Св.Врач)
Петрич
Валовиште
Драма
Серез
Кукуш
Гумендже
Ениџе-Вардар
Воден
Лагадина
Солун
Лерин
Костур
Кајлар
Негуш
Бер
Бегалница
Брегалница
Црна Р.
Вардар
Струма
Бистрица
Радика
Треска
Пчиња
Голик
Места
ЛЕГЕНДА
пченкарен леб
мумурузен леб
пченичков леб
мисирен леб
царевен леб
просеник
види материјал и коментар

1	з'алок
2	
3	з'алче
4	залок
5	залăк
6–8	з'алак
9	з'алăᵃк
10	з'алак, з'аўче
11	з'алак
12	з'алăк
13	
15	з'алак
16	
17–18	з'алак
19	залак
22	
23	з'алăк
23а	
24	з'алак
24а	з'алак, з'алче
25-33	з'алак
36	залак
37	залăк
37а	
38	залак
39	залак, залче
40–42	з'алак
43	з'алак, к'ăсај
44	залак
45	
46	залак, кăсај
47	кăсај
47а	
47б	
47в	
48–52	кăсај
53	
54	кăсај
55	
57	кăсај
58	косај
59	к'ăсăј
59а	
60–61	косај
64	кăс'аʺнца
65	кăсај
66	
67	кăсај
68	косај
69	
71	косај
72	кăс'аʺнца
73	кэсаница
74	кэсај
74а	кэсај
75	косај
76	
78	
79	кăсај
80	кăсај
81	к'єсај
81а	
82	касај
85	кăсај
86	кєсај
87	к'асај
88	касај
89	
92	
93	касај
94	
95–95а	касај
96–99	кăшај
100	кăшаф, кăшај
101	кăшај, кашај
102	кăшej
103-106	к'ăшej
107	кăшej
108	з'алок
109	кăшај
110	залак, кашај
113	к'ăшај
114	залак
115	косај
116–117	залак
118	
120–122	залак
123	залак, залафче
124	залак
125	
127–128	залак
129–130	залак, касај
131	касај
134	косај, косајче
135	залак, касај
136	касај, залак
137	касај, касајче
138	косај
141	
142–143	косај
144	касај
145–148	
149	касај
149а	
150	касај
151	к'асај
152–155	з'алак
156–157	залак
158	косај
159–162	залак
163–164	залак, залче
165	
166	залак
169	
170	залак
171	
172–177	залак
178	залак, залче
179	
180–185	залак
186	з'алак
187–190	залак
191	з'алак
192	
193	залạк
194	з'алак
197	залак, залче
198	з'алаᵃʺк
199–207	з'алăк
208	з'алạк
209	з'алăк
210	з'алак
211–213	з'алăк
214	з'алạк, з'алче
215	
216–218	з'алăк
219	з'алạк
220	з'алăᵃк
221	з'алăк
222	з'алạк
225	з'алак
226	залăк
227	з'алак
228	з'алак, з'алче
229	з'алăк
230	з'алак
232	з'алак, з'аўче
233–234	з'алак
235	з'алак / з'алăᵃк
236	
237	з'алок, з'аўче
238	з'алак, з'аўче
239	з'алче
240	з'алак
241	
242	з'алче
243	залак, з'аўче
246	з'аўак
247	
248	з'аўак
249	з'алак
250	з'аўак
253	з'алак
254	
254а	
255–262	з'алак
263–267	
267а	з'алак, з'алаче
268–270	
270а	
271–272	
274–276	
276а	
277–291	
291а	
292	
293	х'апкạ, залак
294–298	
298а	
299	
300	упка
301–306	
307	х'апка
309–310	
311	з'алук
312	
313	з'алук
313а	
314	з'алăк
315	з'алук
316	з'алче
317–319	
319а	
320	
322	
323	з'алăк
324–325	
326	з'алак
327	
328	з'алак
330–334	
336	
337	з'алạк
338–339	
340	зăл'ак
341–342	з'алак
343	з'алạк
344	кăшej
345–346	
346а	
347	к'ăше
348	кăш'ајче
348а	к'ăшăј
349	к'ăшăј
350	
352	к'ăшај
353	з'алăк
354	
355	з'алак
356	з'алак
357	залак
359–360	
361	к'ăшej
362	кăшej, з'алак
363	
365–366	
367	к'ăшej
368	к'ăшej
369	кэшек
369а	
370	
373–375	
376	кăшej
376а	
377	кăшej
377а	
380–381	
381а	
382	
383	залак, кăшej
384	
385	кăшај
386	кăшej
386а	кăшај, кăшej
387	кăшej
388	з'алак
389	к'ăшej
390	кăшej
391	кашej
391а	
392	кашej

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*залак*	3, 8, 11, 15, 17–19, 24–26, 29–33, 36, 38, 40–42, 43, 44, 46, 110, 114, 116–117, 120–122, 124, 127–130, 135–136, 152, 155–157, 159, 162, 166, 170, 172–173, 176–177, 180, 183–187, 190–191, 193–194, 208, 214, 219, 222, 239, 242, 246, 248, 250, 293, 316, 337, 343, 357, 362, 383, 388
■	*касај*	43, 46–47, 48–52, 54, 57–61, 64–65, 67–68, 71–75, 79–82, 85–88, 93, 95–96, 99–103, 106–107, 109, 110, 113, 115, 129–130, 131, 134, 135–136, 137–138, 142–144, 149–151, 158, 344, 347–349, 352, 361, 362, 367–369, 376–377, 383, 385–387, 389–392
⬟	*хаџка*	291a, 293, 297, 300, 307

Картата донесува преглед на називите за ‘залак’ на македонската дијалектна територија. Овие називи претставуваат одговор на прашањето бр. 17 од глава IX *Приго̄тување храна* од *Прашалнико̄т за собирање ма̄терија̄л за МДА* (Видоески 2000: 119).

Според ТРМЈ (II 2005: 86), лексемата *залак* се дефинира како ‘парче леб што наеднаш се става в уста, се џвака и се голта; касај’. За синонимот *касај* во ТРМЈ не е дадено толкување, туку упатува на залак (ТРМЈ II 2005: 489).

На македонската дијалектна територија се изделуваат следниве називи за ‘мало парче што се клава во уста’ со повеќе фонетски и суфиксни разновидности: *залак, касај* и *(х)а̄пка*. Картографирани се лексемите *залак*, *касај* и *(х)а̄пка*.

залак

Називот *залак* се претставува во говорите со повеќе разновидности: *з'алӑк, з'ал^{ă}к, з'алӄк, з'алок, з'алук, з'аў̆ак*, како и деминутивните форми образувани со суфиксите *-че* и *-ache*: *з'алче, з'алаче* и *з'аў̆че*. Оваа лексема има словенско потекло; сп. стсл. *ꙁалогъ* од *ꙁа-логъ*, буг. *за̀лък*, срп. *за̏ло̄гај*, хрв. *zȁlogāj*, слн. *zalogâj*. Постојат две претпоставки за развојот на лексемата *залак*. Првата е дека потекнува од псл. **zalogъ* < **za-* + **logъ*, при што: **za-* е од прабалтословенски **źō*, од праиндоевропски **ǵʰō* ‘зад, под, надвор од’, можеби прономинална инструментална форма од **gʰe*, **gʰo* и **logъ*, што е еквивалентно на **leťi* + **-ъ*; сродно со стгрч. λόχος. Втората претпоставка дека е од **za-* + **ložíti*, каузатив од **leťi* ‘легне’ и првично значи ‘предизвика да легне’. Слична формација од истиот ие. корен **legh-* ‘лежи, легне’ е гот. *lagjan*, герм. *legen* ‘положи, полага, става нешто или некого во хоризонтална, легната положба’. Во својот развој псл. лексема **zalogъ* во дел од јужнословенските јазици (македонски и бугарски) се развила во два одделни збора: *залого̄* и *залак* (БЕР I 1971: 596; ЭССЯ XVI 1990: 127–128; Фасмер II 1986: 509; Skok II 1972: 281–283; ERHJ II 2021: 584; Derksen 2008: 287–288; Snoj 2009: 845).

касај

Називот *к'асај* се претставува во говорите со повеќе фонетски и морфолошки разновидности: *к'осај, к'эсај, к'єсај, к'ашај, к'ăшај, к'ашеј, к'ăшеј, кăсаница, кэшек, ксаница, кăшајче, косар*. Лексемата *касај* е изведена од псл. **kǫsъ* + суфиксот **-ějь*. Според Фасмер (II 1986: 431), изведен од **kǫ̂sъ* ‘парче’, но според Трубачов (ЭССЯ XII 1985: 65–66) именката е изведена од глаголот **kǫsati*. Сродно со литв. ką́sti ‘гризе’ (1 sg. *kándu*), латв. *kuôst* ‘гризе’ (1sg. *kuôžu*). Можеби е сродно со стгрч. *κνώδων* ‘нож, сечило’, κνώδαλον ‘див ѕвер’, перс. Khayin (xâyidan) ‘џвака’. Според Дерксен (Derksen 2008: 243), од прабалтословенскиот **kanˀd-*, од кој може да се конструира праиндоевропски корен **k(ʷ)end-* или **k(ʷ)enHd(ʰ)-*. Според Скок (Skok II 1972: 245–246), псл. **kǫsъ* е поствербал на глаголот **kǫsati*, односно **kǫ(d)sъ* со формантот *-so-* од ие. корен **k(o)d-*. Гласот у (u) потекнува од назалот *ǫ* (сп. пол. *kęs* и *kąsa*), но псл. именка постоела и во дублетна форма **kusъ*. Дека така било и на Балканот и во Панонија, потврдува ром. *cus* и нгрч. *κούτζος*, оттаму и балканскиот назив Куцовласи = Власи без опашка = Мали Власи. (Фасмер II 1986: 431; ЭССЯ XII 1985: 65–66; Skok II 1972: 245–246; Derksen 2008: 243; Gluhak 1993: 362; ERHJ I 2016: 527–528).

(х)а̄пка

Називот *ха̄пка* (со разновидност *ӯпка*) прави мал ареал на крајниот југоисток од македонската дијалектна територија. Оваа лексема е добиена од псл. **xapiti, *xapati, *xapnǫti* ‘(за-)гризе, (з)граби’; сп.: буг. *хапя*, срп. *anamu, anumu*, слн. *hápiti, hâpati, hápniti*, слч. *chapať*, чеш. *chápati*, пол. *chapać*, рус. *хáпать*, укр. *хапáти, хапнути* блр. *хапіць, хапáць, хáпнуць*. Псл. **xap-* е превој на вдолжување од **xop-* во обликот **xopiti* ‘фати, дофати’, од ономатопејско потекло и во врска со ие. **keh$_2$p-*/**kh$_2$p-* ‘прими, земе’ (лат. *capio* ‘земе, фати’). Почетното **x-* во прасловенскиот јазик наместо очекуваното **k-*, според ERHJ, покрај метатезата **sk-* > **ks-* можеби упатува на варијанта со подвижно *-s-* (ие. **skeh$_2$p-*), а втората можност е дека **x-* настанало од почетното **kh$_2$-* во облиците со превојна празнина. (Цветановски 2023: 156; ЭССЯ VIII 1981: 18; ЕРСЈ I 2003: 177–178; Derksen 2008: 202; ERHJ I 2016: 319).


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Св. Николе
Велес
Штип
Кочани
Делчево
Радовиш
Берово
Струмица
Петрич
Неготино
Кавадарци
Брод
Кичево
Дебар
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Гевгелија
Дојран
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Валовиште
Драма
Серез
Кукуш
Гумендже
Лагадина
Воден
Ениџе-Вардар
Лерин
Костур
Кајлар
Негуш
Бер
Солун
Корча
Радика
Треска
Пчиња
Брегалница
Струмица
Места
Црна Р.
Вардар
Струма
Бистрица
Голик
ЛЕГЕНДА
залак
касај
(х)апка

1 суџ'уци
2 50–52 црева
3 куб'асици 53
4 црева 54 црева
5 кубасице 55
6 коб'асице 57 црева
8 суџ'уци, 58 суџуци
коб'асице 59–59а
9 сус'уци, 60 суџуци
куб'асице 61 кӆбаси
10 суџ'уци, 64
коб'асици 65 суџук
11 66
12 коб'асици 67 суџуци, суџук
13 68 кӑлбаси
15 кубас'ика 69
16 71 кӆбаси
17 куб'асице 72 суџуци
18 коб'асице 73 суџук
19 коб'асице, 74
суџ'уци 74а салама
22 коб'асице 75 луканци
23 кобасице, 76
кобасица 78
23а 79 л'уканци
24 коб'асице 80 луканици
24а 81 л'уканици,
25 кобас'ице л'уканец
26 колб'асици 81а
29 82 лукајнца
30 к'убаси 85 луканец,
31–32 коб'асици луканци
33 колб'асици, 86 луканци
с'уџуци 87 к'олӆбаси
36 кубасици 88 колбаси
37 кобасице 89
37а 92
38 кубасици 93 колӆбаси
39 кобасице 94
40 кубасице 95 лук'аi̯нци
41 куб'асица, 95а колӆбаси,
куб'асице лук'ајци
42–43 куб'асице 96 лук'ајнци,
44 кубасе луканици
45 99 лукаi̯нци
46 кобасици 100 колбаси,
47 црева лукаi̯нци,
47а–47в колбасици
48 жулиња 101 лукаi̯нци,
49 црева, сушени колӆбаси

102 лукаi̯нци
103 лук'аi̯нци
106 к'олбаси,
лук'аi̯нци
107 лук'аi̯нци
108 лук'аi̯ци
109 лукајнци,
суџуци
110 колбаси,
лукајн’ци
113 лук'аi̯нци
114 коўбаси
115 кӑлбас,
кӑлбаси,
крвавици
116 кобаси
117 кӑбаси
118
120 кӑбаси,
суџуци
121 колбаси
122 кӑб'аси
123 коб'аси
124 кобаси
125
127–128 колбаси
130 колбаси
131 кӑлбаси
134 кӑлбас,
кӑлбаси,
кӑлбафчиња
135 кӑ̊лӆбас
136–137 кӑлбаси
138 кӑлбас,
кӑлбаси
141
142 црева
143–144 кӑлбаси
145–148
149 кӑлбаски
149а
150 црева
151 цр'ево
нам'есено
152 к'олбаси
155 коб'асици
156 колӆбаси
157 коб'асици
158
159 кобасици

162–163 кӑбаси
164 кӑлбаси
165
166 кӑбаси
169
170 кӑ̈баси
171
172 колбаси,
суџуци
173 колбаси
176 кӑлбаси
177 кобаси
178 коб'аси
179
180 колбаси
183 колбаси
184 куб'аси
185 кӑб'аси
186 куб'аси
187 кубаси
190 коб'аси
191 куб'аси
192
193 коб'аси
194 коб'аси,
суџ'уци
197 куб'аси
198 колоб'аси
199 кӑб'аси,
кӑлб'аси
200–201 кӑлб'аси
203 кӑлб'аси
205 кӑлб'аси
206 суџ'ук
207 кӑлӑб'аси
208 кӑлб'аси
209 кӑбаси
210–211 суџ'уци
212
213 суџ'уци
214 ш'ум'ук,
ш'ум'уци
215
216 кӑб'аси
218 каб'аси
219 кӓб'аси
220–221 кӑб'аси
222 кӓб'аси
225–226 кӑб'аси
227 к'убаси

228 к'убаса
229 пун'ети црева
230 к'убаси
232 пун'ети црева
233 куб'асици
234 куб'асици
235 к'убаса/
куб'асици
236 коб'асици
237 коб'асица,
коб'асици
238 коб'асица
239 куб'асици
240 к'убаси
241
242 к'убаси
243
246 куб'асици
247
248 к'ӭвавици
249 коб'асици,
суџ'ук
250 крвав'ици
253–254
254а
255–256 кӭвав'ици
257 крвавица
260 кӭвав'ици
261 крвавици
262 шунијци
263–265
267
267а суж'уци,
суџ'уци
268–270
270а
271–272
274–276
276а
277–291
291а чуж”уци
292–296
297 лук'анки,
кӑ̈рв'ици
298
298а
299–304
305 лук'анка
306 лук'аник,
лук'аници

307 лук'анци
309–310
311 суџуци
312
313 суџ'уци
313а
314–315 кӑлб'аси
316 лук'анци
317–319
319а
320
322–323 кӑлб'аси
324–325
326 колб'аси
327
328 кал̈б'аси
330–334
336
337 кал̈аб'аси
338–339
340 кӑў̈б'аси
341 лук'анци
342 коўб'аси
343 кал̈б'аси
344 лук'анци
345–346
346а
347 лукӑн'ици
348
348а лук'анци
349 лук'анци
350
352–353 лук'анци
354
355–356 лук'анци
357 кӑбаси
(волцки,
свински)
359–360
361 лук'анци,
лукан'ици
362 лукан'ици
363
365–366
367–368 лук'анци
369 лукан'ици,
суџ'ук
369а
370
373–375

376 лукан'ици
376а
377 лукан'ици
377а
380–381
381а
382
383 л'уканци
384
385 крав'ајци,
лук'аi̯нци
386 кравајци
386а кравајци
387 лук'ајнци
388 л'ука꞉нци,
к'рва꞉i̯ци,
б'апка
389 кр'авајци
390 луканици
391 лук'аник,
лукан'ико,
лукан'ици
391а
392 лук'анци

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*колбаси*	3, 5–6, 11–12, 15–17, 19, 22–24, 26, 30–33, 36–44, 49, 61, 68, 71, 87–88, 93, 95, 95a, 100, 106, 110, 114–117, 120–124, 127–131, 134–138, 143–144, 149, 152, 155–157, 159, 162–163, 166–167, 170, 172–173, 176–178, 180, 183, 185, 187, 190, 193, 197–201, 203, 205, 207–209, 216, 218–222, 225–228, 230, 233–240, 243, 246, 249, 314–315, 317, 323, 326, 328, 330, 343, 357
▲	*луканки*	75, 80–82, 85–86, 94, 96, 101, 103, 107–109, 113, 256, 297, 305–306, 341, 347, 361–362, 367–369, 376–377, 387–388, 390–392
■	*суџуци*	1, 8–10, 58, 60, 65, 72–73, 206, 210–211, 213, 267a, 291a, 311
⬟	*црева*	4, 47, 49, 50–52, 54, 57, 142, 150, 151, 229, 232
◆	*крвавици*	248, 250, 255–256, 260–261, 385–386, 386a, 389
*	види материјал и коментар	48, 151, 214, 229, 232, 262

На картата се претставени називите за ‘колбаси’ на македонската дијалектна територија. Овие називи се добиени како одговор на прашањето бр. 47, кое гласи *Како се викаат полнетите црева со дробено свинско месо и после сушени?* од глава IX *Приготвување храна* од *Прашалникот за собирање дијалектен материјал* (Видоески, 2000: 120).

Во ТРМЈ (II 2005: 555) називот *колбас* (мн. *колбаси*) е протолкуван со значењето ‘прехранбен производ приготвен од зачинето мелено или сечкано месо наполнето во животинско црево или друг вид обвивка’, а разновидноста *колбаса* е нотирана како дијалектна форма.

Во македонските дијалекти по однос на ова прашање суштествуваат следниве називи: *колбаси, луканици, суџуџи, крвавици, црева, жулиња, шунијци, шумуџи*.

Географската дистрибуција на гореспоменативе именувања укажува на формирање на еден поголем и на два помали островски ареали каде што има самостојна употреба на називите: *колбаси, луканици* и *суџуџи,* кои всушност се со најфреквентна употреба во македонските дијалекти. Називите *црева* и *крвавици* имаат помала дистрибуција на македонската јазична територија

Односниве називи во основа го носат значењето ‘полнети црева, се мисли на животински, со дробено месо’. Разликите во именувањата се однесуваат на видот на месото и зачините кои се употребуваат при полнежот (што секако е резултат на тесните контакти на нашето население со различни култури во минатото), па така кај називот *колбаси* стои забелешка ‘полнети црева најчесто со свинско, поретко со мешано месо, се мисли на јунешко и телешко’, со лексемата *суџуџи* се именуваат ‘полнети црева од говедско или овчо месо’, кај називот *луканици* стои забелешката ‘вид колбас со лук’ (задолжителен зачин кај овој вид), именувањето *крвавици* се бележи со толкување ‘дебели колбаси со засирена крв, кои покрај месо содржат и дроб’ (со забелешка ‘има повеќе дроб, помалку месо’).

Во пунктовите каде што имаме паралелна употреба на две именувања, нотиравме забелешки од типот: *купени* односно *купечки* за *колбаси* наспрема *домашни*, односно *селски* за *луканици*, *крвавици, црева, суџуџи.*

колбаси

Именувањето *колбас* во македонските говори се јавува во фонетски и морфолошки разновидности: *к'олбаси, кąб'аси, кąląб'аси, кӑб'аси, кӑлбаси, кў̣баси, коўбаси, коб'асиџи*. Називот *колбаси* има најголема дистрибуција на македонскиот лингвистички ареал.

Се работи за општословенска лексема присутна речиси во сите поблиски и подалечни словенски јазици која, според Скок и Фасмер, можеби е и прасловенска. Имено, тргнувајќи од фонетските варијанти на оваа лексема (*-ъl* и *-lo*) во словенските јазици, сп.: буг. *кълба́са, клъба́са,* срп. и хрв. *kobasica,* словен. *klobása*, чеш. *klobása*, слов. *klbása,* пол. *kiełbasa*, глуж. *kołbasa*, длуж. *kjałbas*, рус. *колбасá,* укр. *ковбасá,* во стсл. *клъbаsа* ‘колбас’, етимолозите претполагаат првобитна општа праформа **kъlbasa*, од прасл. **kląbъ, kląba* со значење ‘нешто свиткано, завиткано’. Неможноста да се следат прасловенските форми води кон нејасна етимологија. Постои можност за позајмување на односнава лексема од турскиот јазик *külbasti* > буг. *kjulbastija* со значење ‘на жар печено месо’, што не задоволува ни фонетски ни семантички, исто како ни Бернекеровото изведување од хебрејското *kŏlbāśar* ‘месо, секое живо суштество’, како ни француското *calebasse* ‘тиква’. Други етимолози во *-asa* гледаат суфикс, а во *kolb-* основа која според Матзенауер е во прасродство со шведското *korf* ‘колбас’,

луканки

Називот *луканки* е дистрибуиран на периферијата на македонскиот јазичен ареал. Најчесто го бележиме во множинска форма во фонетски и морфолошки разновидности (*л'уканџи, лук'ајџи, л'укаі̯нџи, л'ука:і̯нџи, лук'аі̯џи, лук'анџи, лук'аę̯нџи, лукӑн'ици*).

Овој вид колбас својот назив го добил веројатно по името на областа Lūkānia (*lucanica/luganega*) која се наоѓа на западниот дел на јужна Италија. Луканката како јадење и збор се пренела во другите европски држави и јазици (Португалија – *linguiça*, Шпанија- *longaniza*, Грција – *loukanico* (Цинлески 1990: 75). Лексемата *луканки* води потекло од нгр., исто и во сргрч. *λουκάνικο* со значење ‘димен колбас’, ова од латинското *lūcānicum* ‘луканска колбас’. Односнава лексема е нотирана и во аром. *lucánic, lucáncu,*односно ром. јазик *lucáncă*, како и во алб. *llukanik*, во срп. и хрв. јазик *лукани, лукàница, лукàнка*, како и во буг. јазик *лукàнка* ‘вид дебел и сплоснат сушен колбас, кој се јаде суров’ (БЕР III 1986: 499; Филипова-Байрова 1969: 121; Аргировски 1998: 175). Според народната етимологија односново именување е во тесна врска со лукот, мирудија која неизбежно, во помали или поголеми количини се става во овој вид колбас, покрај црниот пипер, кимот и солта.

суџуџи

Именувањето ***суџуџи*** на македонската дијалектна територија е регистрирано во шеснаесет населби. Дистрибуирано е на периферијата на македонскиот јазичен ареал, онаму каде што живее муслиманско население, формирајќи мал и компактен ареал на крајниот запад зафаќајќи ги дебарските говори. Го бележиме пред сé во фонетски разновидности (сп. мн. форми: *суџуџи, суџ'уџи, сус'уџи, суж'уџи, чуж''уџи*, а во един. форма *с'уџук* и *суџ'ук*).

Суџукот е сув зачинет колбас кој се јаде на Балканот и на Блискиот Исток, како и во Средна Азија. Овој вид колбас како културна заемка од навлегува преку турскиот јазик, на што укажува и неговата географска дистрибуција на периферијата на македонскиот јазичен ареал каде што живее муслиманско население.

Се работи за балкански турцизам од терминологијата јадења, храна од тур. *sucuk, sücük* или *cücük* ‘колбас од говедско или овчо месо; говедско црево, полнето со чукано месо’. Со исто значење сп. и во: срп. и хрв. *sùdžuk,* буг. *суджук,* во ром. *sugiúc,* и во алб. јазик *suxhúk* (Skok III 1986: 357; БЕР VII 2010: 554; Škaljić 1989: 573).

крвавици

Дистрибуцијата на називот *крвавици* (во разновидностите *к'ґвавици, крвав'ици, крвав'ици, кравајци*) на македонскиот дијалектен ареал е ограничена на десет населби.

Односново именување со значење ‘колбас’ го нотираме во сите балканските јазици срп., хрв, бос. јазик *krvàvica,* во слн. *krvavnica*, во буг. *кървавúца* со значење ‘колбас од дебелите свински црева, наполнети со парчиња дроб, месо и засирена крв’ (Skok II 1972: 216–217; БЕР III 1986: 34). Процесот и составот на овој вид колбаси се различни но, насекаде заедничко во составот е засирената крв, што очигледно било мотивирачко кај ова именување, а етимолошки погледнато мотивирачкиот збор, именката *крв* ‘црвена течност што се движи во артериите и вените’ е индоевропска, балтословенска, општословенска и прасловенска лексема: сп: **krъvь, kry,* ген. *krъve* од. ие. **krū-* (Bezlaj II 1982: 92).

црева

Називот *црева* на македонскиот дијалектен ареал го бележиме во тринаесет населби. Кај овој назив мотивирачки бил процесот на обвиткување на месото со кожа, односно неговото полнење, а во домашни услови тоа се цревата од животните (дебелото или тенкото), животинските црева. Народниот говорител на поимот *црева* им дал определба и во дијалектите ги регистрираме синтагмите: *исушени црева, п̄ун'е̄т̄и црева, цр'ево нам'есно* или само *месно црево*, се разбира, со цел, да ги одделат од основното значење на лексемата *црево, црева*. Со определбата *нам'есно* односно како *цр'ево нам'есно* називов го нотиравме во населбата 151. Н. Брезница – Пореч, а како *п̄ун'е̄т̄и црева* во југоисточното наречје и тоа во две населби во Штипско (229. Долни Балван и 232. Штип).

Етимолошката анализа покажува дека се работи за општословенска лексема од прасловенскиот период (**červo*) ‘црево; месо; тело; желудник; стомак’ без утврдени индоевропски врски. Слогот *črě-* настанал по законот на метатеза на ликвидите што јасно се гледа од старопруската паралела *kērmens* ‘тело’, од основа *kēr-,* во прускиот со суфикс *-men,* во словенскиот со придавскиот суфикс *-ц̣о* (Skok I 1971: 275).


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Куманово
Кратово
Крива Паланка
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Св. Николе
Велес
Штип
Неготино
Кавадарци
Радовиш
Струмица
Берово
Делчево
Кочани
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Петрич
Дојран
Гевгелија
Валовиште
Драма
Серез
Кукуш
Гумендже
Лагадина
Воден
Ениџе-Вардар
Лерин
Негуш
Бер
Кајлар
Костур
Корча
Солун
Брод
Дебар
Струга
Радика
Треска
Пчиња
Брегалница
Црна Р.
Вардар
Струма
Места
Голик
Бистрица
ЛЕГЕНДА
колбаси
луканки
суџуци
црева
крвавици
види материјал и коментар

1	тигањичка
2	
3–4	тигањ'ици
5	тиган'ици
6	тигањ'ица
8	тигањ'ице
9	тигањи'ица
10	пиш'ии, тиган'ици
11	
12	тиган'ици
13	
15	тӑган'ице
16	
17–19	тигањ'ице
22–23	тигањ'ице
23а	
24	тиган'ице, палач'инке
24а	тиган'ици
25	б'аница, тиган'ице
26	тигањ'ици
29–32	тиган'ици
33	тиг'аници
36	тиганици, кори
37	тигањице
37а	
38	тиганици
39	тигањице
40	пр'еснаַц, т'игањце, меќице, пит'улице
41	пит'улица
42	тиганʹце, мекʹице, пит'улʹице
43	т'игајнце, пит'улице
44	питулица
45	
46	питулици
47	т'игањце, т'игаинʹце
47а	
47б	
47в	
48	питулице
49	тигањци, петулици
50	питулици
51	тигаi̯нци, тигаⁿнци, питулици
52	петулици
53	
54	петулици
55	
57	петулици, тигајнци
58	питулʹице
59	
59а	
60	аландити
61	кори
64	тигаинʹци
65	тигаi̯нци
66	
67	лʹалʹанги:
68	печено печиво
69	
71	тиганици
72	тиг'аинци
73	тиганици
74	тиганица, питулица
74а	тиганица
75	тигајнци
76	
78	
79	питули
80	тигаi̯нци, питули
81	п'итулʹа
81а	
82	питули
85	тиганица
86	петулици
87	питулʹици
88	петуличина
89	
92	
93	питулици
94	
95	питулица
95а	питулʹици
96	питулици
99	питулици, палачинки
100	петулица, палачинка
101	печиво послано; петулици; петуличе
102	петулици
103	п'итули
106	пит'улици
107	петулици; петуличе, петуличина
108	пет'улици
109	петулици, петуличина
110	питулици
113	пет'улици
114	питулици
115	тиганица, питуљки
116	питулици
117	питулици
118	
120–121	питулици
122	петул'ици, ѓозл'еме
123	питул'ици
124	питулици
125	
127	питулици
128	питулици, петулици
129–131	питулици
134–135	питулици
136	питулоци
137	тиганици, питулици, губа
138	тигајнци
141	
142	тиг'аинци, кори
143	петулици
144	тиганици
145–148	
149	питулици на тава; питулици на „питуличарка“
149а	
150	питулици
151	пит'улици; тиг'аници
152	тиг'аници
155	тиг'аници
156	кори
157	тиганици
158	коре
159	кори
162	пиш'ии, пиш'ија, пиш'иче, тиганици, пита
163	тиганици
164	тиганици, питулици
165	
166	тиганици
169	
170	мазник
171	
172	питулица
173	питулици
176	кори
177	питул'ици
178	пит'улици
179	
180	питулици
183	питул'ици
184	тег'аници
185	теган'ица
186	тиганици
187	питулици
190	питул'ица
191	питул'ици
192	
193	таַгаַн'ица
194	пиш'ij, пиш'иа, тиган'ици
197	тиган'ици, петул'ици
198	тиган'ици
199	лаַнг'иди
200	ланг'иди
201	
203	лӑнг'иди
205	лӑнг'иди
206	лӑинг'иди
207	лӑнг'иди
208	
209	мӑф'ушки
210	п'ечени кори
211	ланг'иди
212	
213	ланг'иди
214–215	
216	л'ожена б'апница
218	ланг'иди
219	пиш'иа
220	ланѓ'иди
221	ланг'иди
222	
225	ланг'иди
226	теган'ици, пиш'иа
227–228	тиган'ици
229	ланг'ити, тиган'ици
230	аѓ'упечки пиш'ији; пиш'иа
232	тиган'ица
233	теган'ици
234–235	тиган'ици
236	тиган'ица
237	теган'ица
238–240	тиган'ици
241	
242–243	тиган'ици
246	тиган'ици
247	
248	тиган'ици
249	т'иганици
250	тиган'ици
253	тиган'ици
254	
254а	
255	теган'ици
256	тиган'ици
257	теган'ица
260–262	теган'ици
263–267	
267а	мек'ици
268–270	
270а	
271–272	
274–276	
276а	
277–291	
291а	пит'ија, лаַнг'идаַ̑, питулици, крофни’
292–296	
297	ланг'иди
298	
298а	
299–306	
307	питилици
309–310	
311	лӑнг'иди
312	
313	лӑнг'иди, лук'уме
313а	
314	
315	лӑнг'иди
316	питул'ици
317–319	
319а	
320	
322	
323	питул'ици
324–325	
326	питул'ица
327	
328	питул'ица
330–334	
336	
337	питул'ици
338–339	
340	тигӑн'ици, питул'ици
341	питул'ици
342	питул'ица
343	питил'ица
344	петул'ици
345–346	
346а	
347–348	питул'ици
348а	питул'ици
349	питул'ици
350	
352–353	питул'ици
354	
355–356	питул'ици
357	питулици
359–360	
361	питулʹки
362	пит'ули
363	
365–366	
367	питулʹки
368	пит'иулкʹи на сач
369	пит'улʹки
369а	
370	
373–375	
376	пет'ули
376а	
377	пет'ули, петул'ици
377а	
380–381	
381а	
382	
383	п'итули
384	
385	питули, питулʹчина
386	питулʹчина
386а	питули, питулче, пит'улчина
387	питули
388	п'итуːлʹа
389	п'итули
390	питули
391	питуле во питулвица
391а	
392	пет'ули

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*пиштулици*	40, 41, 42–43, 44, 46, 48, 49, 50, 51, 52, 54, 57, 58, 74, 79, 80, 81, 82, 86–88, 93, 95–95a, 96, 99–101, 102–103, 106–110, 113–114, 115, 116–117, 120–121, 122, 123–124, 127–131, 134–136, 137, 143, 149, 150, 151, 164, 172–173, 177–178, 180, 183, 187, 190–191, 197, 291a, 307, 316, 323, 326, 328, 337, 340, 341–344, 347–348a, 349, 352–353, 355–357, 361–362, 367–369, 376, 377, 383, 385–386a, 387–391, 392
■	*тиганици*	1, 3–9, 10, 12, 15, 17–19, 22–23, 24–24a, 25, 26, 29–33, 36, 37, 38–39, 40, 42–43, 47, 49, 51, 57, 64–65, 71–73, 74, 74a–75, 80, 85, 115, 137, 138, 142, 144, 151, 152, 155, 157, 162, 163, 164, 166, 184–186, 193, 194, 197, 198, 226, 227–228, 229, 232–240, 242–243, 246, 248–250, 253, 255–257, 260–262, 340
▲	*лангиди*	199–200, 203, 205–207, 211, 213, 218, 220–221, 225, 229, 291a, 297, 311, 313, 315
⬭	*пишии*	10, 162, 194, 219, 226, 230
◆	*кори*	36, 61, 142, 156, 158–159, 176, 210
⬟	*мекици*	40, 42, 267a
*	види материјал и коментар	24, 25, 40, 60, 67, 68, 100, 101, 122, 137, 162, 170, 209, 216, 291a, 313

Во оваа карта се обработува прашањето 30 од IX глава од Прашалникот на македонскиот дијалектен атлас ‘тиганици, питулици’ од областа *Приго̄твување храна* (Видоески 2000: 120).

Во *Толковниоӣ речник на македонскиоӣ јазик* ‘питулица’ се дефинира како „1. Меко тесто испржено на масло; мекица, тиганица. 2. Брзо печено тесто на вршник или во тава“ (ТРМЈ IV 2008: 94), а ‘тиганица’ се дефинира како „Меко тесто испржено на масло; мекица, вид питулица“ (ТРМЈ VI 2014: 64).

Картата донесува преглед на називите за ‘угич’, на македонската дијалектна територија. Овие називи претставуваат одговор на прашањето *Како се вика овенот што ги води овците , што оди напред?* бр. 5 од глава XIII *Сточарство* од *Прашаликот за собирање материјал за МДА* (Видоески 2000: 140).

Во ТРМЈ (VI 2014: 442) лексемата *ӯгич* е толкувана како ‘овен што ги води овците, што оди напред, овен предводник’.

Во македонските дијалекти по однос на ова прашање суштествуваат следниве називи: *ӯгич, во̄дич, ќосем, коч, п̄ре̄дник, овен, браф.*

Како единечни називи кои егзистираат спорадично, во одделни пунктови, на македонската дијалектна територија ги нотиравме: *калаус, гла̄ва̄тар, звизда̄р (звизе), алчен'ик, да̄уш, мамар, јаурчија (јаурčија).*

ӯгич

Називот *ӯгич* се претставува во говорите со повеќе разновидности: *о̄гич, јӯгич, јӯ'ич, јӯгач, јӯгиуч, јӯгуч*.

Според Скок (Skok III 1973: 537) тоа е балкански назив од сточарската терминологија. Станува збор за глаголската именка *водич*, а ареалната застапеност на називот *угич*, оди во прилог на мислењето дека тој во срп., хрв., буг. и мак. јаз. е термин што е позајмен од албанскиот јазик, сп.: *ugiç* > *ogiç*, суфиксот *-ič* и алтернацијата *o/i,* упатува на мислењето дека овој збор настанал со вкрстување од псл. форми **agnьcь* + **vodičь*.

во̄дич

Називот *во̄дич* во македонските говори се среќава со повеќе разновидности: *во̄ач, во̄ич, во̄ѓа, во̄јак, вуда̄ч, во̄да̄чка, во̄да̄риа.*

Лексемата *во̄да̄ч* е балтословенски, општословенски и прасловенски назив од коренот **ved-, *vod-,* од пие. корен **wedh*- (БЕР I 1971: 170).

ќосем

Во македонските дијалекти за ‘овенот што ги води овците’ го бележиме и именувањето *ќосем* со разновидностите: *ќ'осем, ќусем, ќус'ем, ќесим, кусєм, куска, к’исемка, косем, косемица, ќосица*, како заемка од тур. јазик; сп.: тур. *kösem(en)* ‘водач на стадо, коч, козел’ (ГТРР: 567).

коч

Називот *коч* е заемка од турскиот јазик, сп.: тур. *koç, koçu* ‘овен’ и со преносно значење ‘здрав, смел, упорен/тврдоглав маж’ (БЕР II 1979: 685). Со истото значење називот се бележи и во алб. јазик *koç, koçet* (Агаи 1996: 334).

ТРМЈ (II 2005: 620) ја регистрира лексемата *коч* со толкување ‘нескопен овен’.

п̄ре̄дник *(напре̄дник)*

Во западните периферни говори, поточно во вевчанско-радошкиот говор изолиран и мал ареал формира називот *п̄ре̄дник/напре̄дник* ‘овенот што оди напред’. Истиов назив е регистриран и во срп., хрв. и во буг. јазик. Според Скок (Skok III 1973: 32) називот е од псл. **perdьn’ākъ,* образуван од псл. предлог **perdь*- што се врзува со предлогот *п̄ре̄, напре̄* со наставката *-ākъ*. Сп.: срп. и хрв. *prednjak* ’првенец, преден коњ или вол; кучешки заб‘, во буг. јаз. *п̄рѐдняк* ’првенец‘. Стандардниот македонски јазик не ја бележи оваа лексема со споменатово значење.

овен

Називот *овен* со разновидностите *овӑн, увен*, во дијалектите се употребува со значењето ‘машкото од овца’. Според Скок (Skok II 1972: 579) лексемата *овен* е индоевропска, балтословенска, општословенска и прасловенска лексема од псл. **avьnъ,* поточно од ие. **owi-n-* што е аугментатив од **owi-s,* ‘вид овца’. Овде, според Скок, значајно е изразувањето на моќта – мажјак, ие. **ovь*- со суфиксот *-ьнъ*, наспрема ж. р. *ovis* ‘овца’. Распространетоста и застапеноста на односниов назив, пред сè, во јужнословенските јазици, сп. во срп. и хрв. *о̀ван,* слн. *oven,* стпол. *owien*, се должи на доцната експанзија на именувањето *бара̀н, брав.*

Во ТРМЈ (III 2006: 442) за лексемата *овен* се забележани три значења од кои првото е: ‘вид домашно животно, мажјак на овца’.

брав

Лексемата *брав* е, исто така, општословенски и прасловенски збор **borъo,* без рефлекси во балтичката група. Семантички значи исто што и *овен*. Називот *брав* води потекло од ие. **bhorwo-s* со основно значење ’пресечено, кастрирано добиче‘, сродно со ствгер. *barug, barh,* стнорд. *bǫrgr,* гер. *Borch,* стангл. *bearh, bearg,* англ. *barrow,* гер. *Borg, Borch* ’скопена свиња‘, од ие. **bher*- : **bhor*-. Според Мачек лексемата е сродна со стинд. *bhárvati* ‘џвака, преживa’. Односниов назив го регистрираме и во другите словенски јазици, сп.: буг. *брав* ‘одделна глава ситен добиток, овен, коч’, срп. и хрв. *бра̑в* ‘овца’, дијал. ‘скопена свиња’, слн. *бра̑в* ‘добиток, ситен добиток’, рус. *бо̀ров* ‘скопен овен’, чеш. *brav* ‘(ситен) добиток’, слч. *brav* ‘свиња’, пол. *browek* ‘угоен овен’ (БЕР I 1971: 71; Skok I 1971: 202).

ТРМЈ (I 2003: 172) ја регистрира лексемата *брав* со три значења: 1. ‘овен’; 2. ‘скопен, чукан овен’ и 3. ‘општ назив за овци и кози’.


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Куманово
Кратово
Крива Паланка
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Велес
Штип
Св. Николе
Кочани
Делчево
Неготино
Кавадарци
Радовиш
Струмица
Берово
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Санданski
(Св.Врач)
Петрич
Валовиште
Драма
Серез
Дојран
Гевгелија
Струмица
Кукуш
Гумениџе
Лагадина
Ениџе-Вардар
Воден
Негуш
Лерин
Кајлар
Костур
Корча
Бер
Солун
Дебар
Брод
Радика
Треска
Пчиња
Брегалница
Црна Р.
Струма
Вардар
Голик
Места
Бистрица
Црн Дрим
ЛЕГЕНДА
угич
водич
ќосем
коч
предник
овен
браф
* види материјал и коментар

1	лис'ица	74а	л'исица	148		235	лес'ица	330–334		391	лис'ица
2		75	лисица	149	лисица	236	лис'ица	336		391а	
3–4	лис'ица	76		149а		237	лес'ица	337	лис'ица	392	лис'ица
5	лисица	78	лисица //	150	лисица	238–239	лис'ица	338			
6	лис'ица		лиса	151–152	л'исица	240	лес'ица	339	лис'ица		
8	л'исица	79–80	лисица	155	л'исица	241		340	лисицӑ		
9–13	лис'ица	81	л'исица //	156	лисица//кума	242–243	лес'ица	341	лис'ица //		
15	лис'ица		л'иса		лина	246–248	лес'ица		кума л'иса		
16		81а		157–159	лисица	249	лис'ица	342–344	лис'ица		
17–18	лис'ица	82	лисица	162	лис'ица	250	лес'ица	345–346			
19	лис'ица//	85–86	лисица	163–164	лисица	253	лес'ица	346а			
	лиса	87	л'исица	165		254		347–348	лис'ица		
22	лис'ица	88	лисица	166	лисица	254а		348а	лис'ица //		
23	лисица	89		169		255–257	лес'ица		л'иса		
23а		92		170	лисица	260–262	лес'ица	349	лис'ица		
24	лис'ица	93	лисица	171		263–265		350			
24а	лис'ица	94		172	лисица//лиса	267	лес'ица	352	лис'ица		
25	лис'ица	95	лисица	173	лисица	267а	лис'ица	353	лиш'ица		
26	лес'ица	95а	л'исица	176	лисица	268–270		354			
29–30	лес'ица	96	лисица	177	лис'ица	270а		355–356	лис'ица		
31	лес'ица	99–102	лисица	178	лес'ица	271–272		357	лисица		
32	лис'ица	103	л'исица	179		274–276		359			
33	л'исица	106	л'исица	180	лисица	276а		360			
36–37	лисица	107	лисица	183	лисица	277–291		361–362	лис'ица		
37а		108	л'исица	184–185	лис'ица	291а		363			
38–40	лисица	109	лисица	186		292–296		365	лис'ица		
41	л'исица	110	лисица//лиса		лесица	297	лиш'ица	366			
42	лисица	113	л'исица	187	лисица	298		367–368	лис'ица		
43	л'исица	114–117	лисица	190–191	лис'ица	298а		369	лесица		
44	лисица	118		192	лис'ица//лиа	299–304		369а			
45		120	лисица//лија	193–194	лис'ица	305–306	лис'ица	370			
46–47	лисица	121	лисица	197–201	лис'ица	307	лиш'ица	373–375			
47а		122–123	лис'ица	203	лиш'ица	309–310		376	лис'ица		
47б		124	лисица	205	лис'ица	311	лис'ица	376а			
47в		125		206	лиш'ица	312–313		377	лис'ица		
48–52	лисица	127–128	лисица	207–211	лис'ица	313а		377а			
53		129	лисица//лиса	212		314	лис'ица	380–381			
54	лисица	130–131	лисица	213–214	лис'ица	315	лиш'ица	381а			
55		134–135	лисица//лиса	215		316	лис'ица	382			
57–58	лисица	136	лисица//	216	лис'ица	317–319		383	л'исица //		
59			линда//лиса	218–222	лис'ица	319а			лиса		
59а		137–138	лисица//	225–226	лис'ица	320		384			
60–61	лисица		лиса	227	лес'ица	322		385–386	лисица		
64–65	лисица	141	л'исица	228	лис'ица	323	лис'ицӑ	386а	л'исица		
66		142–144	лисица	229	лес'ица	324		387	лисица		
67–68	лисица	145		230	лис'ица	325–326	лис'ица	388	л'иси:ца		
69		146		232–233	лес'ица	327		389	л'исица		
71–74	лисица	147	лисица	234		328	лис'ица	390	лисица		

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*лисица, лиса*	1, 4– 6, 8–11, 13, 15, 17–19, 22–24, 24a, 25, 32–33, 36–44, 46–47, 48–52, 54, 57–58, 60–61, 64–65, 67–68, 71–74, 74a, 75, 78–82, 85–88, 93, 95, 95a, 96, 99–103, 106–110, 113–117, 120, 121–124, 127–131, 134–135, 136, 137–138, 141–144, 147, 149, 150–152, 155, 156, 157–159, 162–164, 166, 170, 172–173, 176–177, 180, 183–185, 187, 190–191, 192, 193–194, 197–201, 205, 207– 211, 213–214, 216, 218–222, 225–226, 228, 230, 236, 238–239, 249, 267a, 293, 311, 314, 316, 323, 325–326, 328, 337, 339, 341, 342–344, 347–348, 348a, 349, 352, 355–357, 361–362, 365, 367–368, 376–377, 383, 385–386, 386a, 387–392
●	*лесица*	3, 12, 26, 29–31, 178, 186, 227, 229, 232–233, 235, 237, 240, 242–243, 246–248, 250, 253, 255–257, 260–262, 267, 276, 369
●	*лишица*	203, 206, 297, 307, 315, 353
●	*кума лиса / лина*	156, 341
●	*ли(ј)а*	120, 192
●	*линда*	136

На картата се дава преглед на називите за ‘лисица’ на македонската дијалектна територија. Овие називи претставуваат одговор на прашањето бр. 5 од глава XIV *Диви животни, лазачи, инсекти* од *Прашалникот за собирање материјал* за МДА (Видоески 2000: 143).

Според ТРМЈ (III 2006: 50) лексемата *лисица* означува „1. (зоол.) Диво, крвожедно животно од родот на кучињата, со голема рунтава опашка и со изразито издолжена муцка; Vulpes vulpes.“ Поради народните верувања во коишто на лисицата ѝ се придаваат особини како што се лукавоста и итрината, за оваа лексема се бележат и метафорички значења: „2. Лукав, итар човек. *Тој е лисица, ќе те излаже*.“

На македонската дијалектна територија единствено се забележува називот *лисица*, во повеќе фонетски и зборообразувачки варијанти.

лисица

Називот *лисица* е прасловенски и сесловенски збор (Skok II 1972: 306) којшто потекнува од псл. **lisъ*, **lisa* во основата. Во словенските јазици се забележуваат следниве називи за ова животно: буг. *лисица*, срп. *лисица*, хрв., слн. *lisica*, чеш. *liška*, слч. *líška*, пол. *lis*, рус. *лисица*, блр. *лісіца*, укр. *лисиця*. За етимологијата на овој збор има различни мислења. Според *Этимологический словарь славянских языков*, псл. **lisa* (преку фазата **leipk̂-*), заедно со литв. *lãpė*, латв. **lapsa*, лат. *vulpēs* (т.е. *vulpex*), грч. (*ϝ*)*ἀλώπηξ*, ‘лисица’, стинд. *lopāśá* ‘лисица, шакал’, но и литв. *vilpišỹs* ‘дива мачка’, длабински се реконструира во склоп на ие. корен **u̯lpeḱ-*, за којшто се претпоставува описното значење ‘лукава грабливка’ (ЭССЯ XV 1988: 139). Се забележува дека од формална гледна точка сите ие. паралели во своите основи имаат консонантска комбинација *-l-p-*, додека очевидните меѓусебни фонетски отстапувања најчесто се објаснуваат како последица на соодветни табуистички деформации. Од друга страна, се јавуваат и толкувања (ESJS VII 1997: 427) според коишто словенскиот назив за *лисица*, врз основа на зсл. форми со финално *-ш* во коренот (чеш., глуж. *liška*, слч. *líška*), се врзува за ие. корен **leip-* ‘гори, пламти’ (сп. ир. *Loise* ‘пламен’, како и чеш. *liša* глуж. *lišyca* ‘гори, пламти’), што можело да претставува мотивација за именување на ова животно според препознатливата боја на неговото крзно. Сепак, земајќи ја предвид секундарноста на ваквата мотивација во некои други ие. јазици (сп. герм. *Fuchs*, ‘лисица’, но и ‘костенлива боја на коњ’), како и задолжителноста на зсл. финално *-ш* наспроти повообичаеното општосл. *-с* (*лисица*), ова толкување се чини помалку веројатно.

На македонската дијалектна територија називот *лисица* е забележан во повеќе фонетски варијанти – *лисица*, *л'исица*, *лис'ица*, *лис'ицӑ*, *л'иси:ца*, *лишица*, *лес'ица*, *л^{е}сица*, но и зборообразувачки разновидности – *лиса* (*кума лиса*), *лис'ичка*, *лија/лиа*, *кумалина*, *линда*. Наведените зборообразувачки разновидности главно се хипокористични по потекло и во пунктовите каде што се присутни задолжително се јавуваат како вторични. Тие најчесто се бележат во западна и во југозападна Македонија, како и во неколку пунктови во северните говори. Гласот *-ш* во варијантата *лишица*, којашто е главно концентрирана во неколку пунктови во југоисточниот дел на македонската дијалектна територија, најверојатно е фонетски по потекло (сп. Пеев 1987: 133).


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Велес
Св. Николе
Кочани
Штип
Неготино
Кавадарци
Радовиш
Струмица
Берово
Делчево
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Санданski
(Св.Врач)
Петрич
Дојран
Гевгелија
Валовиште
Драма
Серез
Кукуш
Гумендже
Лагадина
Воден
Ениџе-Вардар
Лерин
Негуш
Бер
Кајлар
Костур
Корча
Струмица
Солун
Пчиња
Брегалница
Црна Р.
Вардар
Струма
Места
Радика
Трешка
Голик
Бистрица
ЛЕГЕНДА
лисица, лиса
лесица
лишица
кума лиса / лина
ли(ј)а
линда

1 невест'улка
2
3–6 невест'уљка
8–9 невест'ул’ка
10 невест'уў̆ка
11 невест'уљка
12 невест'улка
13 невест'уљка
15 н'евестул’ка
16
17–19 невест'уљка
22 невест'ул’ка
23 невест'уљка
23а
24 невест'уљка
24а нест'уљка // невест'уљка
25 невест'уља
26 невест'уљка
29 невест'ул’ка // ц'аревица
30 ц'аревица
31 невест'улка
32 невест'ул’ка
33 нев'естулка
36–37 невестуљка
37а
38–39 власица
40–41 л'асица
42 ласица
43 л'асица
44 ласица
45
46 ласица
47 невестица // ласица
47а
47б
47в
48 невестул’ка // ласица
49–51 ласица
52 цара: не:стица
53
54 ласица
55
57 царан'естица
58 лиманова невестица
59
59а

60 црвена невестица
61 невестул’ка
64 невестица // ц̆ӑрвена невестица
65 цара невестул’ка
66
67 ц̆ӑрвена невестица
68 невестул’ка
69
71 невестул’ка // невестица
72 ц̆ӑрвена невестица
73 невестица
74 невестул’ка
74а цараi̯ нев'естул’ка
75 невестул’ка
76
78 невестул’ка
79 невестул’ка (царева)
80 цар'еi̯ца // царе'улка
81 цар'еi̯ца
81а
82 невестул’ка
85 царi̯'аi̯не:стица
86 царја нестул’ка // цареi̯ца
87 црна нестул’ка // ласвица
88 стара невестул’ка
89
92
93 црвена невестул’ка
94
95 стараi̯ нев'естуљка
95а
96 невестул’ка // благамедена
99 невестица
100 невестичка // невестица

101 цар'еi̯ца // ц̆ӑрвена не'естул’ка
102 ц̆ӑрвена невестул’ка
103 ц̆ӑрц'аул’ка
106 нев'естулка // ц̆ӑрц'аулка
107 цар'еi̯ца
108
109 невестул’ка
110 царја невестул’ка
113 ц'ӑрвена н'естул’ка // цар'еi̯ца
114 невестул’ка
115 царевица // невестица// ласица
116 невестул’ка // цареа невестул’ка
117 невестул’ка
118
120 цареjца // цареа невестул’ка
121 власица
122 невест'ул’ка
123 цар'ефка
124–125
127 невестулка
128 власица
129–131 ласица
134 царе: нестулка
135 царе:а не:стулка
136 цареа неестулка
137 л’асица // неестулка // царја
138 ласица
141 царан'естица
142 царан'естица
143 ласица // цареа н'естулка

144 невестулка
145–146
147 невестулка
148
149 ласица
149а
150 ласица
151 л'асица
152 вл'асица
155 вл'асица
156 ласица // невестулка
157 власица // невестулка
158 лиманова невестица
159 невестулка
162 невест'улка
163 ц'арев к”ерка // невестулка
164 невестулка
165
166 цер'евулка // цар'евулка
169
170 ласица // невестулка
171
172–173 ласица
176 ласица // невестулка
177 смрд'ушка
178 царевич'ина ќерка // ласица
179
180 невестулка
183
184 ц̆ӑрв'улка
185 царв'улка
186 ц̆ӑрвер'ичка
187 власица
190 царева ќерка
191 ц̆ӑров'ичка
192 ц'арева ќерка
193 ц'арева к’ерка
194 ц'арева ќерка
197 ц'арева ќ'ерка
198 невест'уљка // ц'аревица
199 нивист'улка

200 нӭвест'ул’ка
201 нивӭст'ул’ка
203 нивист'ул’ка
205
206 навест'уљка
207 нӑвӑст'ул’ка
208 нӭвест'ул’ка
209 нивест'уљка
210 невест'уљка
211 поп'ова снаа // невест'ул’ка
212
213 невест'ул’ка
214 невест'уљка
215
216 невест'ул’ка
218 невест'ул’ка
219 невестул’ка
220
221–222 невест'ул’ка
225 невест'ул’ка, sв'ерка
226 невест'ул’ка
227 ц'аревичка // невест'ул’ка
228 невест'ул’ка
229 ц'аревичка
230 ц'аревичка
232 ц'аревица
233 ц'аревичка
234 ц'аревица
235 невест'ул’ка //
236–239 невест'ул’ка
240 невест'улка
241
242 невест'ул’ка
243 невест'ул’ќа
246 невест'ул’ќа
247 невест'улќа
248 невест'ул’ќа
249 невест'улка // овчар'ичка
250 невестул’ќа // офчар'ичка
253 невестул’ќа
254
254а
255 терз'иница
256 терез'инка

257 офч'арка // невест'ул’к’а
260–261 невест'уљк’а
262 невест'ул’ка
263–265
267 невест'ул’ќа
267а невест'улка
268–270
270а
271–272
274–275
276 гра̮ма̮д'уљк’а̮
276а
277–291
291а нӭвест'ул’ка̮
292–296
297 нивист'ул’ка
298
298а
299–304
305–306 нив’а̮ст'улка
307 н'евест'ул’ка
309–310
311 нӑвӑст'ул’ка // мӑнӑст'ул’ка
312–313
313а
314–315 нивист'ул’ка
317–319
319а
320
322
323 нивист'ул’ка
324
325 нивист'ул’ка
326 нивистул’ка д'ӑлга, куси н'ози, шар'ена
327
328 нивест'ул’ка
330–334
336
337 нивист'ул’ка
338
339 нивест'ул’ка
340 нивист'улкӑ
341 царва нивист'ул’ка
342 нивест'ул’ка
343 нивистул’ка // ц'арива

344 невест'ул’ка
345–346
346а
347 нивист'ул’ка
348 ц'арива нив'еста
348а ц'арива нивист'ул’ка
349 нивист'ул’ка
350
352 ц'арева невест'ул’ка
353 ц'ар’ва невеист'ул’ка
354
355 невест'ул’ка
356 невест'ул’ка // ц'ароа нев'еста
357 неестул’ка
359–360
361–362 невест'ул’ка
363
365 невест'ул’ка
366
367–369 невест'ул’ка
369а
370
373–375
376 невест'ул’ка
376а
377 невест'улка
377а
380–381
381а
382
383 н'еестуљка // ц'арцауљка
384
385 ц̆ӑрвена невестул’ка
386 нев'естул’ка
386а невестул’ка
387 нев'естул’ка
388 н'евести:лка
389 нев'естул’ка
390 невестул’ка
391 невест'ица
391а
392 невест'ул’ка

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*невестӣулка / невестӣица*	1, 3–6, 8–13, 15, 17–19, 22–24, 24а, 25–26, 29, 31–33, 36–37, 47, 48, 61, 64, 68, 71, 73–75, 78, 79, 82, 87, 88, 95, 96, 99–100, 106, 109, 114, 115, 116, 117, 122, 127, 137, 144, 147, 156, 157, 159, 162, 163, 164, 170, 176, 180, 198, 199–201, 203, 206–210, 211, 213–214, 216, 218–219, 221–222, 225, 226, 227, 228, 235, 235а, 236–240, 242–243, 246–248, 249, 250, 253, 257, 260–262, 267, 267а, 291а, 297, 305–307, 311, 314–316, 323, 325–326, 328, 337, 339–340, 342, 343, 344, 347, 349, 355, 356, 357, 361–362, 365, 367–369, 376–377, 383, 386, 386а, 387–392
●	*царевӣа невестӣулка (–ица)*	52, 57, 65, 74а, 79, 85, 86, 110, 116, 120, 134–136, 137, 141–142, 143, 235, 341, 343, 348, 348а, 352–353, 356
●	*црвена невестӣулка (–ица)*	60, 64, 67, 72, 93, 101, 102, 113, 385
●	*лиманова невестӣица*	58, 158
▲	*ласица*	40–44, 46, 47, 48, 49–51, 54, 87, 115, 129–131, 137, 138, 143, 149–151, 156, 170, 172–173, 176, 178
▲	*власица*	38–39, 121, 128, 152, 155, 157, 187
■	*царевӣца / царевӣчка*	29, 30, 80–81, 86, 101, 107, 113, 115, 120, 123, 191, 198, 227, 229–230, 232–234
■	*царевӣћерка*	163, 178, 190, 192–194, 197
*	види материјал и коментар	96, 103, 106, 166, 177, 184–186, 211, 225, 249, 250, 255–256, 257, 276, 383

На картата се дава преглед на називите на лексемата ‘ласица’ на македонската дијалектна територија. Овие називи претставуваат одговор на прашањето бр. 16 од глава XIV *Диви животни, лазачи, инсекти* од *Прашалникот за собирање дијалектен материјал* за МДА (Видоески 2000: 143).

Според ТРМЈ (III 2006: 20), лексемата *ласица* го има следното значење: „(зоол.) Вид грабливо животно од фамилијата куни со издолжено тело и долга опашка, со костенливо крзно на грбот и бело на предниот дел, што се храни со јајца или цица крв, сп. невестулка; Mustela nivalis. *Ласица влегла во кокошарникот*.“

На македонската дијалектна територија за ова животно се забележуваат називите *невестулка*, *царевица* и *ласица*, во повеќе фонетски и зборообразувачки варијанти, како и низа единечни називи (*благамеѳена*, *грамаѳуљка*, *сверка*, *овчаричка*, *попова снаа*, *смрѳушка*, *терзинка*).

невестулка

Називите коишто ја содржат основата *невест-* по својата фреквентност доминираат на македонската дијалектна територија и се појавуваат во сите источни македонски говори (целосно вклучувајќи ја и Егејска Македонија), како и во поголем дел од северните говори и западното македонско наречје. Ваквите називи за ‘ласица’ покрај за македонскиот се карактеристични и за бугарскиот јазик, а се појавуваат и во некои јужни и источни српски дијалекти (сп. на пр. *невестуљка* во Златановиќ 2008). Основата *невест-* најчесто се јавува во комбинација со два различни суфикса, *-улка*, одн. *-ица*, при што е почест дериватот образуван со првиот суфикс – *невестулка*. Исто така, и двете споменати изведенки се јавуваат како дел од композитните називи од типот *лиманова невестица*, *црвена невестулка*, *царева невестулка/невестица* (сп. долу).

Етимологијата на лексемата *невестулка* јасно се сврзува со псл. **nevěsta*, (‘невеста, млада’; за етимологија в. ЭССЯ XXV 1999: 70–76) што е во тесна врска со народните претстави за ласица како млада жена т.е. невеста, одразени во низа балкански јазици (грч. *νυφίτσα<νύμφη/νύφι* ‘невеста’, алб. *nuselalë<nuse* ‘невеста, неодамна омажена жена’, како и ром. *nevăstuică*; сп. исто така тур. *gelincik* (<*gelin* ‘невеста’) и унг. *menyét* (<*meny* ‘снаа, невеста’). Постојат претпоставки дека поврзувањето на ласицата со невестата има табуистичка заднина, особено земајќи ја предвид хтонската симболика на ова животно (Гура 1997: 201–205).

царевица

Веќе е спомнато (сп. горе) дека во низа пунктови на македонската дијалектна територија се среќаваат композитни називи за ласицата, при што доминираат оние коишто во својот прв дел ја содржат придавката *царев(а)*. Како определба, оваа придавка најчесто се јавува во комбинација со именката *невестулка/невестица*, како и во називот *царева ќерка*, застапен во неколку пунктови во долините на Вардар и Црна Река. Исто така, во низа помали ареали (Охридско, Ресенско, Прилепско, Штипско) дошло до понатамошен зборообразувачки развој на придавката *царев(а)* во соодветни изведенки од типот *царевица/царевичка/царевулка*.

Појавата на присвојната придавка *царев(а)* најверојатно е условена од потребата за одоброволување на ласицата, поради верувањата сврзани со нејзината демонска природа. Самата придавка е изведена од именката *цар*, којашто најверојатно претставува одраз на византискиот облик **сьsarjь* (сп. го и општосл. **cěsarь* (< гот. *kaisar*), и по потекло е сврзана со називот на римската владејачка титула *Caesar*, сп. Гај Јулиј Цезар (Skok I 1971: 258–259; ERHJ I 2016: 101).

ласица

Во рамките на македонската дијалектна територија називот *ласица* главно се среќава во западното македонско наречје, како и во западниот дел на северните говори. Тој претставува сесловенски назив и им е познат на сите словенски јазици, сп. буг. *ласица* (дијал.), срп. *ласица*, слн. *podlasica*, пол. *łasica*, чеш. *lasice*, слч. *lasica*, глуж. *łasyćka*, длуж. *łaska/łasyca*, рус. *ласка*, блр. *ласка/ласіца*), укр. *ласка/ласиця*.

Етимологијата на зборот *ласица* не е до крај разјаснета, ама како најверојатни се земаат две толкувања. Првото ја подразбира основата **las-*, којашто се сврзува со латв. *luõss* ‘сив, бледожолт’ и јасно упатува на бојата на животното (сп. на пр. Skok I 1971: 271, Boryś 2005: 296). Второто толкување (сп. главно Трубачёв 1962, како и ЭССЯ XIV 1987: 37–38), земајќи ги предвид табуистичките причини сврзани главно со умилкувањето, поаѓа од псл. **laska* ‘љубов, нежност’(<**laskati*), за коешто се претпоставува дека вторично било пренесено и на животното. Во таа смисла, семантичката мотивација за називот на ласицата во повеќето европски јазици, којашто е најчесто сврзана со симболиката на женските суштества (сп. горе за состојбата во балканските јазици, како и итал. *donnola*, порт. *doninha* ‘госпоѓица’, шп. *comadreja* ‘кума’, фр. *belette* ‘убавица’, данск. *brud* ‘невеста’) сепак му дава предност на второто толкување.

Во повеќе пунктови во Скопско, како и во два пункта во Прилепско-Битолскиот Регион се јавува обликот *власица*, којшто најверојатно претставува преосмислување според *влас* „коса“, поради козината на ласицата (сп. Лаброска 2017: 252, БЕР III 1986: 316).


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Велес
Св. Николе
Кочани
Штип
Радовиш
Неготино
Кавадарци
Струмица
Берово
Делчево
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Санданski
(Св.Врач)
Петрич
Валовиште
Драма
Серез
Дојран
Гевгелија
Гумендже
Кукуш
Лагадина
Воден
Ениџе-Вардар
Солун
Лерин
Негуш
Бер
Кајлар
Костур
Корча
Брод
Дебар
Радика
Треска
Пчиња
Брегалница
Црна Р.
Струма
Вардар
Места
Голик
Бистрица
ЛЕГЕНДА
невестулка, невестица
царева невестулка (-ица)
црвена невестулка (-ица)
лиманова невестица
ласица
власица
царевица, царевичка
царева ќерка
види материјал и коментар

1	
2	
3–4	трут
5	трунтељ
6	трут
8–9	б'умбар
10	б'умбар // трут
11	
12	т'унтар
13	готов'анка
15–16	
17	готов'анка
18	тр'уд
19	трут
22–23а	
24	тр̯т'ej
24а	трут
25	гларн'ик // тр̯т'ej
26	s'ynsap
29	
30	д'ундар
31	талтаб'анка
32–33	
36–37а	
38	трут
39	дембел
40–41	
42	трут
43	б'умбар
44	трнтор
45	
46	трут
47	бумбар
47а	
47б	
47в	
48–51	трут
52	тр̆ат
53	
54	трут
55	
57	трут
58	бумбар
59–59а	
60	бумбар
61	трут
64	бумбар
65	трот
66	
67	бумбар
68	тртej // дембел
69	
71	трут // бумбар
72	готовинка
73	госпошар (госпова:шар)
74–74а	мэшка пчела
75	трут // бумбарец
76	
78	бумбар
79	тр̆ртej // бумбар
80	бумбар
81–81а	
82	бумбар
85	трут
86	тєрт // трут
87	
88	бумбар
89	
92	
93	трут // арамолебец
94	
95	машт′и
95а	б'умбар
96	кобак
99	
100	трут
101	мајстор
102	трут
103	
106	
107	бӑмбар
108	трут
109	трут
110	бумбар
113	
114	трут
115	бомбар
116	бумбар
117	трут
118	
120	трут // дрдаўк′и
121	трут // бумбар
122	трут
123–124	бумбар
125	
127	бумбар
128	трут // дембел,
129	трут
130	трт
131	дембел
134	трт
135	трт
136	трут // бумбар
137	трут
138	трут
141	б'омбар
142	готован
143–144	трут
145–146	
147	трут
148	
149	домбел
149а	
150	трут
151	б'умбар
152	тр'удовак
155	
156	трут
157	тромак // тромачка
158	трут
159	тромак
162	дембел
163	трут
164–165	
166	бумбар // трут // летач
169	
170	трут
171	
172	дембелка // трут
173	дембелан
176	дембел
177–178	бумбар
179–180	
183	бумбар
184–185	трут
186	б'умбар
187	мрзец
190	трут
191–192	б'умбар
193	трут
194	б'умбар
197	тр̯т'ej
198	к'омар
199	трут
200	б'умбар
201	трут
203	б'умбар
205	б'умбаӑр
206–207	б'умбӑр
208	трут
209	б'умбӑр
210	тр'ут // б'умбар
211–212	
213	трте'ej
214	б'умбар
215	
216	демб'еле
218	б'умбар
219	тр̆р̯т'ej,
220	трут
221	готов'ан
222	
225	б'умбар // труд'ак
226	трут
227–228	дембел′
229	т'рнталец
230	тр̯т'ej
232	т'р̯нторец // готов'ан
233	трут
234	т'унтарец
235	б'умбар // готованц'иа
236	трт'ej
237	трус
238	трут
239	б'умбар // д'ембел
240	б'умбар
241–242	
243	б'умбар
246	б'амбар
247	б'умбар
248	
249	трт'ej // б'амбар
250	б'амбар
253	б'амбар
254–254а	
255	тр̯т'еа
256–257	б'умбар
260	б'умбар
261	трут
262	б'умбар
263–265	
267	б'умбар
267а	т'ӑртеи
268–270	
270а	
271–272	
274–275	
276	т'ӑртej
276а	
277–291	
291а	б'умбар̣ // гоҭоj'адник
292–296	
297	тронт
298–298а	
299–304	
305	б'умбар
307	гутув'аниц
309–310	
311	б'умбӑр
312–313	
313а	
314–316	б'умбӑр
317–319	
319а	
320	
322	
323	б'умбӑр
324	
325	б'умбар̣ // гоҭоj'адник
326	б'умбар
327	
328	трут
330–334	
336	
337–338	
339	линл'ива
340	тӑрт
341	
342	б'умбар
343–346	
346а	
347	
348	смӑрдлива пчела
348а	ґутур'ума
349	смӑрдл'ива пч'ела
350	
352–357	
359–361	
362	бумбар
363	
365	готов'ач
366–367	
368	готов'ач
369	тембел′
369а	
370	
373–376	
376а	
377–377а	
380–381а	
382–386	
386а	б'умбар
387–388	
389	трут
390	
391	б'умбар
391а	
392	

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*трӯт*	3–6, 10, 12, 18–19, 24a, 38, 42, 46, 48–51, 54, 57, 61, 65, 71, 75, 85, 86, 93, 100, 102, 108–109, 114, 117, 120, 121, 122, 128, 129, 136, 137–138, 143–144, 147, 150, 156, 158, 163, 166, 170, 172, 184–185, 190, 193, 199, 201, 208, 210, 220, 225, 226, 233, 237–238, 261, 297, 328, 389
■	*бумбар*	8–9, 10, 43, 47, 58, 64, 67, 71, 75, 79, 80, 82, 88, 95a, 107, 110, 115–116, 121, 123–124, 127, 136, 141, 151, 166, 177–178, 183, 186, 191–192, 194, 200, 203, 205–207, 209, 210, 211, 214, 218, 225, 235, 239, 240, 243, 246–247, 249, 250, 253, 256–257, 260, 262, 267, 291a, 305, 314–316, 323, 325, 326, 342, 362, 386a, 391
▲	*тр̄т, тр̄тел, тр̄нтор, тр̄нталец*	24, 25, 52, 68, 79, 86, 130, 134–135, 197, 213, 219, 229–230, 232, 236, 249, 255, 267a, 276, 340
◆	*го̄тов–*	13, 17, 72, 142, 221, 232, 235, 291a, 307, 325, 365, 368
⬭	*ѳембел*	39, 68, 128, 131, 149, 162, 172, 173, 176, 216, 227–228, 239, 369
▬	*тромак*	157, 159
⬟	*машка пчела*	74, 74a
★	*смрѳлива пчела*	348–349
*	види материјал и коментар	25, 26, 30–31, 73, 93, 95–96, 101, 120, 166, 187, 198, 339, 348a

На картата е даден преглед на називите за *трут* 'машка пчела' на македонската дијалектна територија добиени на прашањето бр. 76 (како се вели за 'пчела што не работи') од главата XIV од *Прашалникот за собирање материјал за МДА* (Видоески 2000: 146).

Во ТРМЈ (VI 2014: 131), лексемата *трут* ја среќаваме со две значења. Првичното значење: „Машка пчела што има функција само на оплодување на матицата"; и второто преносно значење: „Мрзливец, безделник, легач. 'Тој е најобичен трут, вообразен неработник'".

Во прегледот се забележува испреплетеност во употребата на два доминантни назива: *трут* и *бумбар*, првиот со своето основно значење, а вториот со вторична употреба според називот на друг вид инсект. Кај двата назива има фонетски варијанти кои не се картографираат.

Освен овие два назива, на македонската дијалектна територија се среќаваат уште неколку зборообразувачки варијанти со придавката *готов* во основата, потоа називите *тромак*, со значење 'спор, бавен', и *ѕембел* со исто значење како и *тромак*, како и два синтагматски назива *машка пчела* и *смрѕлива пчела*.

Како единечни називи се регистрирани: *арамолебец, гларн'ик, госпошар, ѕунѕар, ѓут'урма, sunsap, кобак, комар, летач, линлива, машт'и, мајстор, мрзец* и *талтабанка*.

трут

Називот *трут* доаѓа од псл. **trǫtъ*, според Скок (Skok III 1973: 516) со значење 'трут; рак; машка пчела', и со второ значење 'паразит'. Во подалечно сродство е со германската форма *drohne*, што има исто значење. Самогласката *у* во збороформата *трут* претставува континуант на носовката од заден ред **ǫ*. Во останатите словенски јазици ги среќаваме следните форми: слов. *trot*, пол. *trąd*, рус. *trutenь*, како словенска заемка во ром. *trîntor*. Во балтичките јазици се јавуваат следните збороформи: литв. *trãnas*, латв. *tranis*.

трт, тртеј, тртор, трталец

Со посебен знак се картографирани називите *трт*, *тртеј, тртор* и *трталец* кои во основата го имаат прасловенското **trǫtъ*, но во кои дошло до преклопување со рефлексот на вокалното *р* или се работи за ономатопејската основа tŕt (сп. *трте* 'дебелко' на Космет; Skok III 1973: 510).

бумбар

Називот *бумбар* со значење на *трут* е со вторична употреба според називот на друг инсект (Melolontha melolontha). Потеклото најверојатно му е ономатопејско, според интернационалната ономатопеја *bumb-* од која доаѓа и *бомба* 'муниција што зуи', потоа грч. *βόμβος* 'зуење' (Skok I 1971: 235–236).

готов-

Со придавската основа *готов-* регистрирани се следниве називи за 'машка пчела': *готов'анка, гот'овинка, г'отован, готованц'иа, гутув'аниц, готов'ач* и сложенката *гоѳој'аѳник*. Оваа основа е добиена од псл. **gotovь* чијашто етимологија не е сосем јасна. Според Сној, можеби е сродно со алб. *gati* 'подготвен, направен' или со новогр. anegateos 'нов, некористен'. Во тој случај би било изведено од ие. корен **g^{u}ah$_2$* 'стапнува, оди се движи' и со првично значење 'подготвен за на пат' (Snoj 2009: 184).

ѕембел, тембел

Лексемата *ѕембел* во неколку македонски говори се употребува за 'човек на кој не му се работи, мрза', оттаму и неговата употреба за именување на *трут*. Инаку, станува збор за турцизам од персиско потекло *tenbel* 'бавен човек, мрза', којшто се јавува во употреба во повеќе балкански јазици (Скок I 1971: 390). Со семантиката на *мрзливост* се јавуваат и двата единечни називи: *мрзец* (Витолиште 187) и *линлива* (пчела; Сараќиново 339).

тромак

Називот *тромак* е добиен од придавката *тром/тромав* со значење 'што се движи или што работи бавно, без волја. *Дремлив и тромав старец*' (TPMJ VI 2014: 121–122). Во однос на потеклото на лексемата, Скок ја смета за фонетски недоволно прифатлива тезата за поврзаноста со стирс. *tromm* 'тежок' од ие. **trudsmo-s*, понизок превоен степен од ие. **treud-* 'стиска, турка, притиска', а ја фаворизира тезата за поврзаноста со глаголот *trti* < *tьrmъ*, парт. през. пас., како *лаком, питом* и сл. (Skok III 1973: 506).

машка/смрѕлива пчела

Основната именка *пчела* во овие двокомпонентни именувања е по потекло од псл. **bъčela / *bьčela*. Ја има и во другите словенски јазици, а се поврзува со глаголот *bučati*. Сној го поврзува овој назив со ие. корен **b^{h}eį* што се јавува во лит. *bite*, ствгерм. *bini*, герм. *Biene*, англ. *bee* и др. (Snoj 2009: 81).

ѕунѕар

Називот *ѕунѕар* го поврзуваме со лексемата *ѕунѕа* која ја среќаваме во Срем и на Косово со значење 'мошне дебело, цврсто, но и тромо женско дете' (Skok III 1973: 457). Според БЕР (I 1971: 447), првичното значење е 'дебел, надуен човек' и притоа се поврзува со литв. *dundulis* 'надуен; дебел, мешлест човек'. Можеме да заклучиме дека називот *ѕунѕар* целосно одговара на изгледот и однесувањето на трутот, односно како што е познато трутот е поголем и подебел од останатите пчели, а неговото движење е побавно.

ѓутурума

Називот *ѓутурума* (Липинци 348а) доаѓа од придавката *kötürüm* која претставува балкански турцизам од областа на телесните недостатоци. Изворно потекнува од арапскиот јазик, а во турскиот јазик се употребува со првично значење 'сакат, неподвижен, парализиран', но и со фигуративно значење 'неактивен, парализиран' (TPC 2007: 367).

кобак

Називот *кобак* (Пештани 96) покажува интересен развоен пат. Неговото потекло го поврзуваме со турскиот збор *kav* со значење 'трат' – вид габа прикрепена за стеблото на дрвото; паразит, лат. fomes fomentarius. За именување на оваа габа во дијалектите се употребува формата *трат*/*трут* што всушност претставува хомоним со називот *трут* 'машка пчела'. Станува збор за заедничко потекло на двата назива од псл. **trǫtъ*, '1. машка пчела; 2. паразит', при што имаме различен развој на носовката од заден ред **ǫ*. Турскиот збор *kav* доаѓа од старотурското *ḳāv* со значење 1. кора на дрво; 2. кожа од змија, а е во тесно сродство со старотурскиот збор *ḳāp* 'торба, обвивка, школка' (nişanyan sözlük) (TPC 2007: 324).


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Св. Николе
Велес
Штип
Кочани
Делчево
Радовиш
Берово
Струмица
Неготино
Кавадарци
Гевгелија
Дојран
Валовиште
Струмица
Петрич
Разлог
Банско
Благоевград
(Г.Џумаја)
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Санадански
(Св.Врач)
Гумендже
Кукуш
Лагадина
Ениџе-Вардар
Воден
Лерин
Костур
Кајлар
Негуш
Бер
Солун
Дебар
Брод
Радика
Треска
Пчиња
Брегалница
Црна Р.
Вардар
Струма
Места
Гоцик
Бистрица
Црн Дрим
Драма
Серез
ЛЕГЕНДА
трут
бумбар
трт, тртеј, трнтор, трнталец
готов-
дембел
тромак
машка пчела
смрдлива пчела
види материјал и коментар

1 пар'инки
2
3 љ'упки
4
5 љуспа
6
8 л'ӓска
9 љ'уски
10 л'успи
11 љ'ушпа
12 л'успа
13 љ'ушпа
15 п'арке
16
17 л'ӓска
18 љ'успа
19 љушпе //љуске
22–23
23а
24
24а п'аринка // л'ушпа
25–26 пар'инка
29–31 пар'инка
32 л'ушки
33 л'ушпа
36 паринка
37 паринке
37а
38 лушпа
39 л'ушпа
40 паре = (паринки)
41 л'ушпа
42 паринка
43 л'упушка
44 л'ушпа рибина
45
46 л'ушпа
47 паринка
47а
47б
47в
48 паричиња
49 струшки
50 л'ушпа
51 л'ушпа
52 л'ушпа
53
54 лушпа
55
57 л'ушпи
58 л'ушпа
59
59а
60 пари
61 шашл'упка
64 париӭпари // паричиња
65 парки
66
67 пара // л'ушпа
68 л'ушпа
69
71 кр̯лушки
72 седефка
73 пара
74 л'ушпа
74а л'успа // л'ушпа
75 парул'ки // шкрапул'ки
76
78 л'ушпа
79–80 парул'ка
81 к'орупка
81а
82 паринка // парул'ки
85 л'ушпи // шкралупки // кӑрл'ушки
86 шкрал'упка
87 л'ушпи
88 парул'ки
89
92
93 л'ушпа
94
95 риб'оӭнќи //шкраљупќи
95а л'упќи
96 л'ушпи
99 чкрал'упка
100 шкрал'упка // шкрӑл'упка
101 стружинка
102 стругл'онка
103 стр'углинка
106 стр'углинки
107 струглинка
108 стр'углинки
109 струготинки // рибоинки // скӑрлушки
110 скрал'уш // л'ушпа
113 п'улоӭ
114 л'ушпи
115 лушпа
116 гушлинка
117 л'ушпа // шл'упка
118
120 гушлинк'и
121 скралуш
122 шл'упка
123 гушл'ина
124 гушлинка
125
127 шлупки
128 корупка
129 лушпа
130 парички
131 корупки
134
135 лушпи // рибини лушпи
136 лушпа
137 л'ушпа
138 л'ушпи
141
142 л'ушпа
143 скрлушки
144 лушпи
145–146
147 паринка//лушпа
148
149 паринка
149а
150 паринка
151 п'арунки
152 л'ушпа
155 л'ушпа
156 лушпа
157–158
159 шкралуп
162 скрлушка // лушпа
163–164 паринка
165
166 паринка
169
170 паринка
171
172 моминки // паринки
173 паринка
176 паринки
177 пар'ичка
178 кор'упка
179
180 скрауш
183 кострyш
184–185 пар'инка
186 шл'упка
187 струшки
190 л'ушпа
191 шл'упка
192 стр'ушки
193 луспа
194 шл'упка
197
198–201 шл'упка
203 стругут'ини
205 шл'упка
206 стр̯г'ачки, шл'упки
207 стрӑг'унка
208 шл'упка
209 љ'ушпи
210 струпки
211 л'успа
212
213 луспа
214 л'ушпа
215
216 стрг'ал'ки
218 љ'успа
219–220 л'успа
221 шл'упка
222 шл'упка
225 шл'упка
226 л'ушпа
227–228 пар'инка
229
230 пар'инки
232–234 пар'инка
235 л'упка // пар'инка
236
237 кр̯л'ушка // л'ушпа
238 л'ушпи
239 л'упка
240 л'успа
241
242–243 л'упки
246–247
248 л'упка
249 л'успа
250 л'успи
253–254
254а
255 л'успа // л'устра
256 лис
257 пл'ускач
260 л'упка
261–262 л'успа
263–265
267 л'ушпа
267а љ'ушпа
268–270
270а
271–272
274–275
276 љ'успа̨
276а
277–283
284 угр'ипкӑ
285–291
291а
292
293 л'уш'пи
294–296
297 скӑрдуш'ини
298
298а
299–304
305 кул'уфка // л'успа
306 л'ушпа
307 струг'отини
309–310
311 стӑрг'ачки // лушпи
312
313 стӑргут'ина
313а
314 стӑргут'ина
315 стӑргут'ини
316 скӑрлуш'ина
317–319
319а
320
322
323 скӑрлуш'ина
324
325 скрлуш'ини
326 скорл'уши
327
328 скр̯лош'ини
330–334
336
337 шкурл'упки
338
339 скр̯лош'ини
340 шл'упки
341 шл'упка
342 скорл'уши
343–344 л'успа
345–346
346а
347
348 шл'упка
348а шл'упка
349 шл'упка
350
352 гушл'ат'ини
353 гушлет'ини
354
355 гушл'ини
356 пар'инка
357 шл'упки
359–360
361 кор'упки // л'успи
362 љушпи // перја // крилја
363
365 л'успа // л'епра
366 строг'ул'а
367
368 л'успа // лепра
369 пар'ушка
369а
370
373–375
376 пар'ул'ка
376а
377 луспи
377а
380–381
381а
382
383 п'аруљка
384
385 рибоӭнки
386 пострушки
386а рибонки
387 стр'углинки
388 стр'углиːнки
389 п'аринка // л'успа // струшки
390 струшки // постругинки
391 лусп'ина
391а
392 л'успа

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*лушпа*	3, 5, 9–13, 18–19, 24а, 32–33, 38–39, 41, 43–44, 46, 50–52, 54, 57–58, 67, 68, 74, 74а, 78, 85, 87, 93, 95а, 96, 110, 114–115, 117, 129, 135–138, 142, 144, 147, 152, 155–156, 162, 190, 193, 209, 211, 213–214, 218–220, 226, 235, 237, 238–240, 242–243, 248–250, 255–256, 260–262, 267, 267а, 276, 293, 305, 306, 311, 343–344, 361, 362, 365, 368, 377, 389, 391–392
●	*шлупка*	61, 117, 122, 127, 186, 191, 194, 198–201, 205, 208, 221–222, 225, 340–341, 348, 348а, 349, 357
●	*(с)крлушка*	71, 85, 109, 110, 121, 143, 162, 180, 237, 316, 323, 325–326, 328, 337, 339, 342
▬	*паринка, пара*	1, 15, 24а, 25–26, 29–31, 36–37, 40, 42, 47–48, 60, 64–65, 67, 73, 75, 79–80, 82, 88, 130, 147, 149–151, 163–164, 166, 170, 172, 173, 176–177, 184–185, 227–228, 230, 232–234, 235, 356, 369, 376, 383, 389
⬬	*струшка, струготина*	49, 101–103, 106–108, 109, 192, 203, 206–207, 210, 216, 307, 311, 313–315, 366, 386, 387–388, 389, 390
▲	*гушлина*	116, 120, 123–124, 352–353, 355
■	*корупка*	81, 128, 131, 178, 361
◆	*рибонка*	95, 109, 385, 386а
*	види материјал и коментар	8, 17, 72, 75, 85, 86, 95, 99–100, 113, 159, 172, 183, 257, 284, 297, 305, 362, 368

На картата се дава преглед на називите добиени како одговор на прашањето бр. 5 од Глава бр. XV од *Прашалникот за собирање материјал за македонскиот дијалектен атлас* од Б. Видоески, а прашањето гласи: како се вика ‘тоа што се лупи од кожата на рибата кога се готви’ (Видоески 2000: 147). Се работи за лексемата *крлушки*, која во *Толковниот речник на македонскиот јазик* е толкувана на следниов начин: „крлушка (обично мн.) крлушки ж. 1. Тврди рожести плочки што го штитат телото на некои ’рбетници (риби, гуштери, змии и сл.) *Рибата ѓи наостри крлушките.* 2. Направа за лулање; лулашка, нишалка“ (ТРМЈ II 2005: 645-646). Бидејќи, според мене, второто значење дадено во ТРМЈ се поврзува со лексемата *крлешка*, а не со *крлушка*, се работи за лексема со едно значење, односно со тесно семантичко поле, специјализирана за опис на дел од телото на некои видови животни. Во нашиот материјал се работи само за дел од телото на рибите (лат. *Pisces*), а не и на другите ’рбетници што имаат крлушки.

На картата се картографирани лексичките разновидности на називот: *лушпа, шлупка, крлушка, паринка, струшка, корупка, рибонка* и *гушлина*.

Како единечни називи се регистрирани следниве: *л'ăска, седефка, шкрапул’ки, шкрал’уп(ка), чкрал’упка, п'улоj, моминки, коструш, пл"ускач, угр'ипкă, скăрдуш'ини, кул'уфка, перја, крилја, лепра* (гр.).

лушпа / шлупка

Лексемата *лушпа* е од прасловенското *luskä со значење ‘лушпа, плева, обвивка’ со паралели во другите словенски јазици, но и во литванскиот и летонскиот. Добиена е од индоевропската база *leu̯H- ‘одделува, отстранува’ (Snoj 2009: 369). Според Скок во формата *лушпа* имаме превој *lou и формант -si (Skok II 1972: 189). Етимолошки овде спаѓа и метатезираното *шлупка*, коешто се сретнува во повеќе фонетски варијанти на јужниот / југозападниот дел на македонската дијалектна територија (види карта). Оваа лексема ја регистрираме и во албанскиот јазик во формата luspë (https://fjalori.shkenca.org/).

(с)крлушка / скрлушина

Називот *крлушка* може да се поврзе со црковнословенското *čreljuštьnja*, со значење ‘жабри’. Етимолошки се изведува од прасловенскиот корен (*(s)kr- (s)kъr(g)-) од индоевропското **sqeroi +-lo + -(a)*. Во формите *kreje, krljušt* во српски и хрватски има губење на подвижното S- (Skok II 1972: 189), како и во македонската стандардна форма *крлушка*. Поинаку е во формите *скрлушка, скрлушина, шкрапул’ки, шкрал’уп(ка), чкрал’упка,* регистрирани на македонската дијалектна територија со чување на почетниот консонант С-, односно изменет во Ш- или Ч- (види материјал). Скок смета дека најверојатно се работи за изведенка од иста основа со лексемата *крило* (добиена од **skridlo*; Skok II 1972: 195), лексема којашто ја сретнавме како назив за *крлушка* во пунктот Тиолишта (362), Костурско, каде што паралелно се јавуваат три назива: *љушпи, перја, крилја*.

струшка / струготина

Називот *струшка* е од сесловенскиот и прасловенскиот корен **strug-*, (*strugati, stružem* (impf.) / *strugnuti, strugnem* (pf)); од индоевропскиот корен *streug- (Skok III 1973: 349). Овде спаѓа, според нас, и називот *коструш* забележан во пунктот Дуње (183), Мариовско, како и називот *струготина* регистриран во селото Негован (307), Солунско.

корупка

Називот *корупка* е од словенско потекло. Добиен е од сесловенското и прасловенското **kora* со значење 1. ‘кожа, кортекс’ и 2. ‘обвивка’ Од лексемата *кора* најверојатно е најпрво добиена формата *коруба* ‘кора од лубеница’ (Космет) со реткиот суфикс -uha, а потоа и деминутивот *корубка* ‘лушпа од јајце’ (сп. Skok II 1972: 151). Во некои словенски јазици е регистрирана форма со непостојано S- на почетокот: *skora*, а оттаму и други изведенки: *скорка* (вид тиква), *скарци* (дрвца на воденичкото тркало што ја налеваат водата), *скорњача* (желка), *скорни* (вид чизми). Сите овие лексеми можат да се поврзат со индоевропскиот корен *(s)qer- ‘сече, реже’ со превојот *sqor- (Skok II 1972: 151).

паринка / пара / парулка

Потеклото на називот *пара,* со зборообразувачките варијанти *паринка* и *парулка,* а во еден пункт и *паричка* (Никодин 177)*,* е карактеристичен за централна Македонија и за дел од западна, а се поврзува со турскиот назив *пари* (турски *para* < персиски *pāre*; сп. Otašević 2014: 164). Истава лексема е регистрирана и во албанскиот со значење како овде споменатово pare peshku (https://fjalori.shkenca.org/).

рибонка

Лексемата *рибонка* можеме да ја поврземе со глаголот *ribati* со значење 'струга, ренда' кој претставува стара германска заемка од ствгерм. *riben*, герм. *reiben* (сп. Скок III 1973: 137). Оваа лексема е регистрирана само во неколку пункта од охридско-преспанскиот регион.

гушлина

Лексемата *гушлина* најверојатно е по потекло од зборот *гуша*, балканизам со значење 'преден дел од вратот, и вид болест' кој претставува заемка од романскиот/ароманскиот јазик (gušă < lat.geusiae; БЕР I 1971: 297). Регистрирана е само во неколку пункта во битолско-леринскиот регион.


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Кумановo
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Велес
Штип
Св. Николе
Кочани
Делчево
Неготино
Кавадарци
Струмица
Радовиш
Берово
Гевгелија
Дојран
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Петрич
Валовиште
Драма
Серез
Кукуш
Гумендже
Лагадина
Ениџе-Вардар
Воден
Лерин
Костур
Кајлар
Негуш
Бер
Солун
Лебар
Брод
Дебар
Радика
Трешка
Пчиња
Брегалница
Струмица
Места
Струма
Вардар
Црна Р.
Црн Дрим
Бистрица
Голик
Црна р.
Крива р.
ЛЕГЕНДА
лушпа
шлупка
(с)крлушка
паринка, пара
струшка, струготина
гушлина
корупка
рибонка
* види материјал и коментар

1 пупуњ'ок //
жунод'ӷвица
2
3 жљ'ука
4 шљуња
5 кљуод'рвӑц
6 пупуњ'ок
8 кл’ундӷво
9 к’укавӑ[а]ц
10 клук'арац
//кљукодр'ӑвац /
кљ'укарац
11
12 кл’укарец //
пуп'уњак
13 кљ'унӣдрви
15 кл’ундрво //
пуп'уњак
16
17 кљ'укдӷво //
пуп'уњак
18 кљ'ундрво //
пуп'уњак
19 пуп'уњак //
кљукод'рвац
22 кл’ундӷво //
пуп'уњак
23 жљуна
23а
24 кљундӷво //
пуп'уњак
24а кљукод'ӷвец
25 кљ'ундрво
26 кљ'ундӷво //
п'упуњак
29 кл’укарец //
пуп'уњак
30 кл’укод'ӷвец //
пуп'унец
31 клукод'ӷвец //
пуп'уњак
32 клукод'ӷвац //
пуп'уњац
33 клук'одӷвец //
п'упуњак
36 кл’укодрвац
37 кљукодрвӑц
37а
38 клукадрвец
39 кл’укодрвац
40 кл’ук'од[ӑ]ӷвӑц
41 кл’ук'одӷфка
42 клукодрфка //
клукодрвец
43 кл’ук'одӑрвец
44 кл’укајдрфка
45
46 кл’укудрфка
47 кл[ъ]укајдрфка
47а
47б
47в
48 кл’укајдрво
49 пупунец
50 кл’каjдӷрво
51 кл’укајдӑрво
52 кл’укајдӷрво
53
54 клукајдӷрво
55
57 пупунец
58 кл’окалек
59
59а
60 ќокален
61 пупунец
64 чукалек
65 ќокален
66
67 ќокал’ка
68 кл’укарен //
кл’укар
69
71 клукајдрвец
72 ќокален
73 кл’укачка
74 кл’ук'ајдɔрвец
74а ќукапик (алб.)
75 кл’укодɔрвец
76
78 кл’укалец
79–80 кл’укарен
81 кл”укарен
81а
82 клукарен
85 кл’укодӑрвец
86 кл’укарен
87 кл’укарец
88 кл’увкаранка
89
92
93 кл’укарец
94
95 кљукарец
95а кл’укарец
96 кл’укарец
99 пупунец
(кукудрвец)
100 кл’укарец
101 кл’укарец
102 кл’укарец
103 кл”укарец //
п'упунец
106 кл'акарец
107 Кл’укарец
108 кл”укарец //
кл”укарка
109 кл’укарец
110 кл’уфкарец
113 кл”окарец
114 к’лукарец
115 кљукодравец//к
љукодрвец//пуп
унец
116 кл’укодрвец
117 кл”укудрвец
118
120 кл’укодрвец //
дупидрвец
121 клукајдрвец //
клокодрвец
122 кл’укач
123 кл’укодрвец
124 клук'одрвец
125
127 чукајдрво
128 чукајдрвец
129 чукајдрвец
130 чуфкало
131 пупунец
//јурапца
134 ќосарец //
пупунец
//кленорец
135 ќуфкало //
клукалец
136 чуфкалица
137 кл’укаец //
клуколец
138 југајца
141 ч'укачка
142 југајца //
к'укуле
143 клукодрвец
144 клукојдрвец
145–146
147 пупунец
148
149 чк'ӑлфкало
149а
150 трторешка
151 п'упунец //
чкол'овранец
152 колк'ајдӷвец
//п'упунец
155 кук'ајдӷвец //
п'упунец
156 клукодрвец
157 кокодраец
158 к’окален
159 клукодрвец
162 клукуд'рвец
163 клукодарец
164 клукодрвец
165
166 клук'удрвец
169
170 клукударец
171
172 клукајдрвец //
клукајдрво
173 дупидрвец
176 клукодрвец
177 кукуд'рвец
178 клукодрвец
179
180 дупидрвец
183 клифк'ала
184 клук'акдрво
185 клӑкод'рвец
186 детле//детеў//
кокод'рвец
187 чукајдрвец
190 кл”укодрвец
191 д'етол //
кл’укод'ӷвец
192 детелиќ
193 детле
194 клукод'ӷвец
197 клӑкӑд'рвец
198 кл’укод'рвец
199 д[ӑ]рв'ар
200 д'етле
201 пуп'униц
203 кл”укодӑрвӑц
205 кл’укодр[ӣ]фце
206 мрӑфк'ар
207
208 кл’укод'рве[ӑ]ц
209 п'упӑнец
210 чук
211 кл’укад'рвец
212
213 д'етӑл
214 д'етел
215
216 кл’укод'рвец
218 д'етеле
219 кл’укод[ӣ]ӷвец
220 кл’укод'рвец //
п'упунец
221 кл’укод[ӣ]ӷвец
222 кл’укад'рвец
225 кл’укод'ӷвец
226 кл’укод'ӷвец
227 кл’укад'рвец
228 кр'укалец (
кл’укарец)
229 кл”укарец //
пуп'унец
230 кл”укарец
232–234 кл”укарец
235 клукод'ӷвец //
кл”укарец
236 кл’укод'рвец //
пуп'уњак
237–239 кл”укарец
240 кл’укод'ӷвец
241
242 кл’укод'ӷвец
243 ј'уговица
246 кл’укод'рвец
247 д'етел//
ј'уговица
248 ј'увица //
кукод'рвец
249 кл”укавец //
пупун'ок
250 д'етел
253 кл'укод'рвец
254
254а
255 кл’укод'ӷвец
256 ч'окл’анец
257 чофчоб'орец
260 кл’укод'ӷвец
261 д'етел′ //
кл′укод'ӷвец //
пуп'унец
262 д'етел
263–265
267 пуп'унец
267а кӑлв'ач
268–270
270а
271–275
276 кӑлв'ач
276а
277–291
291а кӑл’в'ач′//
кӑд'ӑнкӑ
292–296
297 п'упун //
ч’уч”ок
298
298а
299–306
307 кл”укӑриц
309–310
311 кл”укǫвиц //
кӑлв'ач
312
313 а'учкӑк'ан
(турц.)
313а
314–316 кӑлв'ач
317–320
322
323 мӑмушк'арник
324
325 д'етле //
пуп'униц //
клукуд'рвиц
326–327
327
328 д'етал
330–334
336
337 д'етал
338
339 клукод'рвиц
340 пӑп'униц
341 кукуд'ӑрвиц
342
343 д'етаў
344 чукајд'рвец
345–346
346а
347 кл’укуд'ӑрвец
348 скриф'анче
348а кук
349 д'упи д'ӑрво
350
352 клифкод'ӑрец
353–354
355 кл”укач
356 кл’укод'рвец
357 дрводелец
359
360
361 чукајд'рвец
362 кукуд[ӑ]ӷвец
363
365 пуп'авец
366
367 пуп'алец
368 пуп'авец
369 диклица
369а
370
373–375
376 пуп'унец
376а
377 пуп'унец
377а
380–381
381а
382
383 кл'ипало
384
385 кл’укарец
386 клукајдрвец
386а кл’укарец
387 п'упунец
388 п'упу꞉нец
389 кл”укарец
390 пупунец
391 бирб'илка
391а
392 пуп'авец

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*клукаjдрвец*	5, 11, 19, 24а, 30, 31, 32, 33, 36–39, 40, 41–44, 46–48, 50–52, 54, 71, 74–75, 85, 115, 116–117, 120, 121, 123–124, 143–144, 152, 155, 156–157, 159, 162–163, 164, 166, 170, 172, 176–178, 184–185, 186, 190, 191, 194, 197–198, 203, 205, 208, 211, 216, 219, 220, 221–222, 225–227, 235, 236, 240, 242, 246, 248, 253, 255, 260, 261, 325, 339, 341, 347, 352, 356, 362, 386
●	*клукарец, клукарен, клукач*	9–10, 11, 12, 29, 58, 68, 73, 78–82, 86–87, 93, 95, 95а, 96, 100–102, 103, 106–110, 113–114, 122, 135, 137, 228, 229, 230, 232–233, 234, 237, 238–239, 249, 307, 311, 355, 385, 386а, 389
●	*колвач, колфкало, клифкало*	88, 149, 183, 267а, 276, 291а, 311, 314–316
●	*клунdрво*	8, 13, 15, 17, 18, 22, 24, 25, 26
▲	*џӣџунец / џӣџунок*	1, 6, 12, 15, 17, 18, 19, 22, 24, 26, 29, 30, 31, 32, 33, 40, 49, 57, 61, 99, 103, 115, 131, 134, 147, 151, 152, 155, 201, 209, 220, 229, 236, 249, 261, 267, 297, 325, 340, 365, 367–368, 376–377, 387– 388, 390, 392
◆	*dеӣел*	186, 191, 192–193, 200, 213–214, 218, 247, 248, 250, 261, 262, 325, 328, 337, 343
■	*чукаjdрвец*	127–129, 187, 344, 361, 391
■	*чук, чукачка*	64, 130, 136, 141, 210
⬭	*dуӣиdрвец*	120, 173, 180, 349
⬭	*dрвец, dрвоdелец*	199, 357
▬	*ќокален, ќокалка*	60, 65, 67, 72, 158
⬟	*јуӡовица*	131, 138, 142, 243, 247
★	*жљуна*	3–4, 23
*	види материјал и коментар	1, 74а, 134, 135, 150, 151, 206, 256, 291а, 297, 313, 323, 348, 369, 383, 391

На картата се претставени називите на лексемата ‘клукајдрвец’ на македонската дијалектна територија. Овие називи даваат одговор на прашањето бр. 39 од глава XVI *Птици* од *Прашалникот за собирање дијалектен материјал* за МДА (Видоески 2000: 149).

Според TPMJ (II 2005: 536), лексемата *клукајдрвец* означува „(зоол.) Шумска птица со долг и остар клун; Dendrocopus. *Во шумата најдоа отвори што ги прави клукајдрвецот на стеблата од дрвата*.“

На македонската дијалектна територија за ова животно најчесто се среќаваат називите *клукајдрвец*, *пупунец*, *детел*, *чукајдрвец*, *колвач*, *југовица*, *ќокален*, како и низа единечни називи (*аучкакан*, *бирбилка*, *жуноѕрвица*, *каданка*, *кленорец*, *клипало*, *мамушкарник*, *мрафкар*, *скрифанче*, *тртторешка*, *ќосарец*, *ќукапик*, *ќуфкало*, *чколовранец*, *чокланец*, *чофчоборец*, *чучок*).

клукајдрвец

Зборот *клукајдрвец* претставува најфреквентен и, со помали исклучоци, најзастапен назив на ова животно на македонската дијалектна територија. Во зборообразувачка смисла, станува збор за т.н. императива сложенка, составена од императив на глаголот *клука* и именката *дрво*, за којашто се наоѓаат соодветни паралели во дел од словенските јазици (сп. и грч. *δρυοκολάπτης*, образувано на истиот начин).

Во случај на глаголот *клука* (< псл. **kl’ukati*, ЭССЯ X 1983: 56–57), најверојатно се работи за изведенка од псл. основа **kl’uk-* (>*клукало* ‘алка за чукање на капија’ (PMJ I 1961: 334), сп. и *клуч*), којашто потекнува од ист ие. корен како и глаголот *колве* (ЭССЯ X 1983: 57, ERHJ I 2016: 454; сп. подолу). Именката *дрво* ‘повеќегодишно растение со корен, стебло и гранки’ претставува сесловенски збор и доаѓа од псл. **dervo*, а врз основа на низа ие. паралели (литв. *dervà*, латв. *drava* ‘бор’, стгр. *δρῦς*, алб. *dru*, англ. *tree* ‘дрво’) се врзува со ие. корен **deru-* (Derksen 2008: 99; ЭССЯ IV 1977: 212).

Покрај називот *клукајдрвец*, во повеќе говори од глаголот *клука* се образуваат и соодветни изведенки – *клукарец*, *клукарен* и *клукач*, чиишто жаришта се наоѓаат на југозапад и североисток на македонската дијалектна територија.

колвач

Називите *колвач*, одн. *колфкало*/*клифкало* карактеристични се за дијалектите во Пиринска Македонија и во источниот дел на Егејска Македонија, но во помал број случаи се среќаваат и во неколку говори од западното наречје (Кичевско, Прилепско, Струшко).

Сите овие називи во својата основа го содржат глаголот *колве*, којшто е сврзан со псл. **klьvati*, **kl’ujǫ* (сп. буг. *кълва*, срп. *кљувати*, слн. *kljuvati*, рус. *клевать*, пол. *kłuć (się)* итн.) и преку балтиските паралели – литв. *kliáuti* ‘запне, се закачи, се фати’ и латв. *kļaut* ‘зафаќа, опфаќа’ – се сведува на ие. **klēu̯-* ‘крив, се закачува, се фаќа’ (сп. лат. *clavus* ‘шајка, клинец’, но и пл. **kl’uпъ*> мак. *клун* (сп. го дијалектниот назив *клунѕрво* во Кумановско). За истата ие. основа, со напомена дека се работи за понатамошна етапа во нејзиниот развој, се врзува и глаголот *клука* (сп. горе).

пупунец

Зборот *пупунец* спаѓа во еден од најзастапените називи за ‘клукајдрвец’ на македонската дијалектна територија, на којашто главно се јавува во две зборообразувачки варијанти – *пупунец* и *пупунок*. Првата варијанта на називот во поголема мера е присутна во западните говори (со посебна концентрација во костурско-преспанскиот регион), додека втората варијанта главно се врзува за североисточниот дел на територијата.

Иако лексемата *пупунец* најглавно се користи за означување „птица со црно-бела опашка и крилја (*Upupa epops*)” (Мургоски 2011: 1082), поради низа физички сличности (боите, клунот, кикиришката) често доаѓа до нејзината употреба во значење ‘клукајдрвец’ (*Dendrocopos*). Називот очигледно има ономатопејско потекло – подражавање на звукот на птицата – и за него се наоѓаат паралели во низа балкански (сп. ром. *pupăză*, алб. *pupëza*, срп. *пупавац*) и, пошироко, во ие. јазици. (сп. литв. *pupútis*, лат. *upupa*, англ. *hoopoe* итн.), а се претполага ие. форма **hₜepop* (сп. Јанкулоски 2019; ЛАМД 2020: *клукајдрвец*).

детел

Еден од називите за ‘клукајдрвец’ претставува и зборот *детел*, којшто е застапен главно во два ареала во рамките на македонската дијалектна територија: во меѓуречието на Црна Река и Вардар, како и во говорите на линијата Кочани – Берово – Струмица.

Во случај на лексемата *детел* се работи за сесловенски збор (сп. буг. *дятел* (диј.), срп. *д(ј)етао*, хрв. *djetao*, слн. *detel*, пол. *dzięcioł*, длуж. *źeśelc* (диј.), глуж. *dźećel*, чеш. *datel*, слч. *d’atel’*, рус. *дятел*, блр. *дзяцел*, укр. *дятел*), којшто најверојатно потекнува од псл. **dętelъ*. Се претпоставува дека се работи за сложенка образувана од пие. основа **dьlb-*/**delb-* ‘длаби’ (сп. станг. *delfan*, ‘копа, погребува’, ствгерм. *bi-telban* ‘закопува’, исто така и лат. *dolāre* ‘длаби’) и една од варијантите на суфиксот **-tel-* (сп. *петел*, *жител*), при што подоцна дошло до соодветни гласовни упростувања од типот **delb-tel-* > **del-tel-* >**den-tel-* > **dę-tel-*, во буквална смисла ‘оној што длаби, длабач’ (сп. ЭССЯ V 1978: 28; SP III 1979: 103; Skok I 1971: 413–414).

чукајдрвец

Називот *чукајдрвец* е присутен во дел од говорите на западното наречје (Прилепско-Битолски Регион) и претставува сложенка од глаголот *чука* и именката *дрво* (за истиот зборообразувачки модел, сп. *клукајдрвец*).

Етимологијата на глаголот *чука* не е сосема јасна, иако е најверојатна претпоставката дека тој има ономатопејско потекло (ЭССЯ IV 1977: 131–132, ERHJ I 2016: 137). Обидите (ERHJ I 2016: 137) глаголот *чука* да биде објаснет како деноминал од именката *чук* ‘чекан’ се помалку веројатни, со оглед на тоа дека во неколку пунктови во западна Македонија токму таа лексема (*чук*) има значење ‘клукајдрвец’, што речиси сигурно претставува резултат на процесот на девербализација (сп. ја во таа смисла и лексемата *чукачка*).

ќокален/ќокалка

Во неколку пунктови во Дебарско и околината со значење ‘клукајдрвец’ се среќава лексемата *ќокален*, одн. *ќокалка*. Земајќи го предвид непосредниот долг контакт со албанскиот јазик во тој ареал, потеклото на зборот се врзува за алб. *çok* ‘чекан, клукало, алка за тропање’ (FSHM 1996: 122).


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Куманово
Крива Паланка
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Кочани
Св. Николе
Велес
Штип
Радовиш
Берово
Делчево
Струмица
Неготино
Кавадарци
Кичево
Брод
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Гевгелија
Дојран
Валовиште
Разлог
Банско
Гоце Делчев (Неврокоп)
Санданski (Св.Врач)
Петрич
Серез
Драма
Кукуш
Лагадина
Гумендже
Ениџе-Вардар
Воден
Лерин
Костур
Кајлар
Негуш
Бер
Солун
Благоевград (Г.Џумаја)
Радика
Треска
Пчиња
Брегалница
Црна Р.
Вардар
Струма
Места
Голик
Бистрица
ЛЕГЕНДА
клукајдрвец
клукарец, клукарен, клукач
колвач, колфкало, клифкало
клундрво
пупунец / пупунок
детел
чукајдрвец
чук, чукачка
дупидрвец
дрвец, дрводелец
ќокален, ќокалка
југовица
жљуна
види материјал

1	ул’	58	цвеќе // цветк’е	122	кикир'иска	190–192	кикир'еска	299–304		363	
2				123	кикир'еска	193	кекер'еска	305	калп'ак	365	греб'енец
3	уљка	59–59а		124	кикириска	194	кик'ереска	306		366	
4–5	уљ	60–61	цвеќе	125		197	кик'ереска	307	крес	367	гребен'ец
6	уљ // уљка	64–65	цвеќе	127	кикиритка	198	гр'еска	309–310		368	греб'енец
8–9	уљ	66		128–129	кикиришка	199	гр'еска // гр'ебӑн	311	гр'ебин	369	гребен'ец
10–11	гр'ебен	67–68	цвеќе	130	кикирига			312		369а	
12	п'етле	69		131	фуфул	200	кӌкар'еска	313	гр'ебӑн	370	
13	хух'уљ	71	цвеќе	134	фуфул	201	кр'еска	313а		373–375	
15	вув'ул’	72	к'апул’	135	кикиритка	203	гр'еска	314	гр'ебин	376	греб'енец
16		73	ќапул’	136	фуфул // киска	205	гр'еска	315	гр'ебин // кӑнӑр'еска	376а	
17	вув'уљ	74	букул’			206–207	гр'ебӑн			377	греб'енец
18	гр'ебен	74а	булиќ	137–138	фуфул’	208	гр'еска	316	гр'ебен	377а	
19	уљ	75	цвеќе	141–142	ф'уфул’	209	гр'ебӑн	317–319		380–381	
22	уљ	76		143	фуфул	210–211	гр'ебен	319а		381а	п'етал // п'етол
23	гребен	78–79	цвеќе	144	фрфул	212		320			
23а		80	кикиричка	145–146		213	гр'ебен	322		382	
24	гр'ебен	81	к'икачка	147	фудул	214	гр'ебењ	323	кр'еска	383	гребен
24а	гр'ебӑн,	81а		148		215		324		384	
25–26	гр'ебен	82	кикиришка	149	ќуфул	216	гр'ебен	325	кр'еска // кикир'итка	385	гребенец
29		85	китка	149а		218–219	гр'ебен			386	гребен
30–32	гр'ебен	86	ќика	150	фрфул	220–221	гр'еска	326	кӑткадике // кӑрке	386а	гребенец
33	кикир'ика	87	к’итка	151	ф'уфул	222	гр'епка			387	гребен
36	кикиришка	88	ќирка	152	гр'иво	225	гр'епка	327		388	п'етєнец
37	гребенӑц	89		155	гр'ебен	226	гребен	328	кр'еска	389	кик'иритка // гр'ебенец
37а		92		156	кикиришка	227	гр'еска	330–334			
38	кикиришка	93	ќитка	157	кикирушка	228–230	гр'ебен	336		390	гребен
39	вувул	94		158	цвеќе	232–240	гр'ебен	337	кр'еска	391	греб'енец
40–43	ул’	95–95а	ќитка	159	гребењ	241–242		338		391а	
44	ул’ // фрфул’	96	уул’	162–163	гребен	243	гр'ебен	339	кр'еска	392	гребалец
		99	ќитка	164	гребењ	246–250	гр'ебен	340	кр'ескӑ		
45		100	китка // к’итка	165		253–254а		341	гр'ебин		
46	фуфул’			166	гребен	255–257	гр'ебен	342	кр'єске		
47	фуфул’ (ль)	101	гребенец	169		260–262	гр'ебен	343	кр'еска		
47а		102	гребен	170	кикиритка	263–265		344	греб'енец		
47б		103	п'етенец	171		267–267а	гребен	345–346			
47в		106	п'етенец	172	вувул	268–270		346а			
48	чешел’	107	гребен	173	кикурушка	270а		347–348	гр'ебен		
49	фуфул’	108	гр'ебенец	176	кикирига	271–272		348а	гр'ебен		
50	гребен	109–110	гребен	177–178	кикир'итка	274–275		349	гр'ебен		
51	фуфул’	113	гр'ебенец	179		276	гр'ебенец	350			
52	китка // гребен	114	кикиришка	180	киткиритка	276а		352	гр'ебен		
		115–116	кикиритка	183	кикир'иска	277–291		353	гребин		
53		117	к'иќирига	184	кукул // гребењ	291а	гр'ебєн’	354			
54	фуфул’ька	118				292–296		355–357	гр'ебен		
55		120	к’ик’ирига	185	к'укул	297	гр'ебин	359–360			
57	уул’	121	кикиритка	186–187	кикир'еска	298–298а		361–362	гр'ебен		

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
	гребен	10–11, 18, 23–24, 24а, 25–26, 30–32, 37, 50, 101–102, 107, 109–110, 155, 159, 162–164, 166, 198, 199, 203, 205–211, 213–214, 216, 218, 220–222, 225–230, 232–239, 240, 243, 246–250, 255–257, 260–262, 267, 267а, 291а, 297, 311, 313–314, 315, 316, 341, 347–348, 348а, 349, 352–353, 355–357, 361–362, 369, 383, 385–386, 386а, 387, 390–391
	кикиришка	33, 36, 38, 80, 82, 114–117, 120–124, 127–130, 135, 156–157, 170, 173, 176–178, 180, 183, 186–187, 190–194, 197, 200, 389
	фуфул	1, 3–6, 8–9, 13, 15, 17, 19, 22, 39–43, 44, 46–47, 49, 51, 54, 57, 96, 131, 134, 136, 137–138, 141–144, 147, 149–151, 172, 184, 185
	цвеќе	58, 60–61, 64–65, 67–68, 71, 75–76, 79, 158
	креска	201, 307, 323, 325, 328, 337, 339–340, 342–343
	кишка	52, 85, 87, 93, 95, 95а, 99–100
*	видиматеријал и коментар	48, 72–74, 74а, 81, 86, 88, 152, 305

Картата дава преглед на називите за ‘кикиришка’ на македонскиот дијалектен ареал. Овие називи се добиени како одговор на прашањето бр. 4, кое гласи *Како се вика црвениот и назабен израсток на главата на петелот*? од глава XVI од *Прашалникот за собирање материјал за македонскиот дијалектен атлас* (Видоески 2000: 148).

Со лексемата *кикиришка* во ТРМЈ (II 2005: 511) се именува ‘месест, црвен и назабен израсток на глава на кокошка, петел мисирка и сл.’

На македонската дијалектна територија за ‘кикиришка’ суштествуваат следниве лексички разновидности (во фонетски и морфолошки разновидности): *кикиришка/ кикиритка*, *гр'ебен, ф'уфул/л’, китка, цвеќе, капул’, булиќ, калп'ак.*

кикиришка

Називот *кикиришка*, општоприфатен назив во македонскиот стандарден јазик, во македонските говори се бележи во голем број фонетски и зборообразувачки разновидности *(кикирушка, кикириґа, к’ик’ириґа, кикиричка, кикир'ика, кикириска, кикир'иска, кикиритка, кикир'итка*). Формира компактен ареал, зафаќајќи ги централните говори.

ТРМЈ (II 2005: 511) ја нотира и лексичката разновидност *кикиритка* чие второ значење не упатува на значењето на лексемата *кикиришка*.

Станува збор за прасловенска и општословенска лексема изведена од прасловенската ономатопеја **kykati* ‘крика, испушта силен глас’; со исто или слично значење лексемава е регистрирана речиси во сите словенски јазици: во слн. *kikati, kikam* (impf.) ‘да се биде рапав во гласот’, а *kika* ‘рапавост’, прид. *kikav* ‘рапав’, во срп. и хрв. *kikotati se* ‘се кикоти; се смее’, во рус. *кúкать, кúчу* ‘испушта силен глас, крика – за птици’, во укр. *kykati* ‘гласот, викањето кај кукавицата, кукање’, оттука и кикирика – за гласот кај петелот, ова изведено од ономатопејата *kikirikati, kikirik,* во лат. *cuccurru, cucurrie* (Фасмер II 1986: 231; Bezlaj II 1982: 31).

ґр'ебен

Називот *ґр'ебен* низ дијалектите регистриран во голем број фонетски и зборообразувачки разновидности (*ґр'ебен, ґр'ебѧн’, ґр'ебењ, ґребенец, ґреб'енец, ґр'ебăн, ґр'ебенăц, ґр'ебин, ґр'епка*) со својата дистрибуција образува два арели.

Односнава лексема е застапена во поблиските и подалечните словенски јазици, со повеќе значења како: ‘уред со запци за чешлање на коса, брада/чешел; уред за влачење волна; планински срт’; но и со значење ‘црвен назабен израсток на главата на петелот’ во словенечкиот, српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик. И овде станува збор за прасловенска и општословенска лексема: прасл. **greby, grebene* од *grebsti, grebem,* лат. *pecten, pektā*, ова произведено од прасл. **greby*, **greben-e* со зн. ‘чеша, гребе’; а според Славски, со наставка *-ень* добиената форма **grebenь* означува ‘предмет со запци за чешлање на коса, брада, односно чешел; предмет за влачење волна; но и планински срт’. Сп.: срп. и хрв. *ґребен,* слн. *grebėn*, рус. *гре́бень, гре́бня*, укр. *гребінь*, чеш. *hřeben*, слч. *hrebeň*, пол. *grzebień*, длуж. *grjebjeń* (БЕР I 1971: 277; Bezlaj I 1977: 173).

Во стандардниот македонски јазик во употреба се две лексеми за именувањето *ґребен* (ТРМЈ I 2003: 375): *ґрбен*[1] со три значења: 1. Горен дел од планина, рид од планина и сл. 2. Крпа во вода. 3. Највисоко место меѓу плешките кај животните, најистакнати пршлени; и *ґребен*[2] ‘алатка со железни запци за чешлање, влачење на волна, лен и сл. ’

ф'уфул

Лексичката разновидност *ф'уфул/л’* на македонскиот дијалектен ареал ја нотиравме во голем број фонолошки и зборообразувачки разновидности (*ф'уфул, ф'уфул’, ф'уфул’ька, фрфул, ф'уѳул, вувул вув'ул’, ќуфул, ул’, уул’, уль, уька, и к'укул*).

Нејзина дистрибуција бележиме во северните македонски говори.

Кај ова именување основниот мотив е карактерната особина, ‘дрзок, горд, своеглав’ – особини со кои всушност се карактеризира и петелот. Станува збор за балкански турцизам од арапско потекло, во тур. *fuduli* < арап. *fudūliyy* ‘оној кој неповикан решава туѓи проблеми; оној што е наметлив, арогантен’ (Skok I 1971: 535).

ТРМЈ (VI 2014: 273) го нотира називот *фуфул* со толкување ’кикиришка на петел‘, а нотирани се и формите *уле*, за маж, *улка*, за жена, со назнаката разговорно и со значење ‘луд човек/жена, некој што е со помрачен ум’ (ТРМЈ VI 2014: 174; 176).

кр'еска

Називот *кр'еска* (во фонетските варијации *кр'ескă, кр'єске*) го регистрираме во десет населби во јужните македонски говори. Според забелешките на информаторите називов го означува ‘гребенот на главата на петелот’, а не гласот што го испушта петелот.

Нема јасна етимологија за односнава лексема иако се доведува во врска со прасловенската форма **krasъ* со значење ‘буди’, ова од ие. **kres-*, **krek-* со истото значење, во стсл. *vъskresiti, vъskresѫ* ‘се буди, оживува’, од *hres* ‘темпераментен, разигран’. Во слн. јазик нотирана е лексемата *kreša* ‘вика, извикува’ и *krešen* ‘темпераментен, моќен’, во чеш. *krišiti* ‘буди, прави драма со викање’, во пол. дијал. *kresicz* ‘разбудува, буди’, во срп. *kresta* со значење меѓу другите и ‘гребен на петел’, и во буг. јазик. *креста* со истото значење (Bezlaj II 1982: 91).

Во стандардниот македонски јазик лексемата *креска* се употребува со две значења: 1. За птици – испушта остар, висок и рапав глас. и 2. Вика со висок, пискав или засипнат глас (ТРМЈ II 2005: 636).

ќитка

Именувањето *ќитка* (во фонолошки разновидности *китка, к’итка*) се јавува во седум населби на македонската дијалектна територија и формира мал изолиран ареал.

Лексемата *китка* во ТРМЈ (II: 518–519) е нотирана со 7 значења, од кои првото е ‘неколку стракови цвеќе заедно; букет’, а седмото со назнака дијалектизам со значење ‘цвет’.

Се работи за несигурна етимологија на односнава лексема, веројатно добиена по пат на аналогија од прасл. *kyt-ъkā* од **kitā* со основно зн. ‘украс, китка; грозд; вејјка со листови’. Вообичаено се изведува од ие. **kūp-tā-* и се поврзува со рус. *чуб* ‘украс во коса’. Лексемата е присутна и во другите поблиски и подалечни словенски јазици: срп. и хрв. *кȉтка* ‘китена женска шапка’, во рус. дијал. *ки́тка* ‘сноп сено’, во книж. рус. со зн. ‘реса (на врба и сл.)’, блр. *кі́тка* ‘сноп (на пр. од сено)’, чеш. *kytka* ‘цвет; букет; китка’, слч. *kytka* ‘букет; китка; сноп (на пр. од лен)’, дем. форма *kytka* од *kita* ‘вид бела шапка со украс од перја; сноп на пр. од сено; снопче лен’, глуж. *kitka* ‘грозд, китка, парче од коса, кадрица, локна’ (БЕР II 1979: 396; Фасмер III 1987: 349).

цв'еќе

Лексичката разновидност *цв'еќе* со која се именува ‘кикиришката на петелот’ формира компактен ареал во Дебарско каде е дистрибуиран во 9 населби.

ТРМЈ (VI 2014: 304–305) називот *цвеќе* го бележи со пет толкувања меѓу кои и: ‘растение со лисја и цвет’, ‘украс што личи на цвеќе’, но и со преносно значење ‘нешто што се одликува со неспоредлива, исклучителна убавина’.

Спорадично на македонскиот јазичен ареал се дистрибуирани и други називи со кои се именува ‘кикиришката на петелот’. Сп.: *ќ'апул’, б'улиќ, б'укул*’, *калп'ак*, *ќика/к'икачка /ќирка, ґриво, ч'ешел’* .


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Кумановo
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Велес
Штип
Св. Николе
Кочани
Делчево
Неготино
Кавадарци
Радовиш
Струмица
Берово
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Петрич
Валовиште
Драма
Серез
Дојран
Гевгелија
Гумендже
Кукуш
Лагадина
Ениџе-Вардар
Воден
Лерин
Костур
Кајлар
Негуш
Бер
Солун
Лебар
Брод
Црн Дрим
Радика
Треска
Пчиња
Брегалница
Црна Р.
Вардар
Струма
Места
Голик
Бистрица
ЛЕГЕНДА
гребен
кикиришка
фуфул
цвеќе
креска
китка
види материјал
и коментар

1–2	ј'абука
3	
4	ј'абука
5	јабука
6	ј'абука
8–13	ј'абука
15	ј'абука
16	
17–19	ј'абука
22–23	ј'абука
23а	
24	ј'абука
24а	ј'абука
25–26	ј'абука
29–30	ј'абука
31–33	ј'абука
36–37	јабука
37а	
38–40	јабука
41	ј'абука
42	јабука
43	ј'абука
44	јабука
45	
46	јабука
47	јаболко
47а	
47б	
47в	
48	јаболко
49–52	јабулко
53	
54	јабулко
55	
57	јабӑлко
58	јабалко
59	ј'ӑбǫлка
59а	
60	јабулко
61	јабǫ̆лко
64	јабоӑлко
65	јаболко
66	
67	јабǫуᵃко
68	јабӑлко
69	
71	јабǫ̆лко
72	јаболка
73	
74	јабǫлко, ј'аболко
74а	јабǫлко
75	јаболко
76	
78–80	јаболко
81	ј'абǫлко
81а	
82	јаболко
85–88	јаболко
89	
92	
93	јабоǫ̆лко
94	
95	јабоǫ̆лко, мајушка
95а	јабоǫ̆лко
96	јаболко
99–100	јаболко
101–102	јабоǫ̆лко
103	ј'абоко
106	ј'абоко
107	јабоǫ̆лко
108	ј'абоǫ̆лко
109–110	јабоǫ̆лко
113	ј'абоǫ̆лко
114	јаболкница, јаболко
115	јабӑлко
116–117	јабоко
118	
120–121	јабоко
122	јаб'ӑко
123	јаб'око
124	јабоко
125	
127–128	јабоко
129	јаболко
130	јабоко
131	јабӑлко
134	јабӑлко, јабӑлкǫ̆
135	јабӑлко
136	јабӑлко, јабӑлкǫ̆
137–138	јабӑлко
141	ј'абӑǫ̆лко
142–144	јабӑлко
145–146	
147	јаболко
148	
149	јабӑлко
149а	
150	јаболко
151	ј'аболко
152	ј'абука, ј'аболко
155	ј'аболко
156	јабоǫ̆лка
157	јаболка
158	јабаᵒлко
159	јабука
162	ј'абӑко
163	јабоко
164	јабӑлко
165	
166	јабӑлко, јабӑкǫ̆
169	
170	јабӑлко
171	
172	јаболко
173	јабоко
176	јабӑлко
177–178	јабӑко
179	
180	јабоко
183	јаболко
184	јабӑко
185	јабӑка
186	
187	јабӑко
190	јаб'ӑчка
191	јаǫ̆б'ӑко
192	јаб'ӑка
193	јабӑка
194	јаǫ̆б'ӑка
197–198	јаб'ӑка
199	јаǫ̆б'ука
200	јаб'ӑлка
201	јаǫ̆ӑб'улка
203	јӑб'улка
205–206	ј'абулка
207	јаǫ̆б'улка
208–210	ј'абука
211	ј'абука, ј'абулка
212	круша
213	ј'абука
214–215	
216	ј'абука
218	ј'абака
219–222	ј'абука
225	ј'абука
226	јабука
227–230	ј'абука
232–235	ј'абука
235а	ј'абука
236–240	ј'абука
241	
242	ј'абука
243	
246–248	ј'абака
249	ј'абӑка
250	ј'абака
253	ј'абака
254	
254а	
255–256	ј'абака
257	ј'абӑка
260–262	ј'абака
263–265	
267	ј'абака
267а	ј'абӑлка
268	ў'абӑлка
269	ў'абука
270	ў'абӑка
270а	
271	ў'абука
272	
274	ў'абӑлка
275	ў'абука
276	ј'абукǫ̆, ў'абӑлка
276а	ў'абука
277–278	ў'абука
279	
280	ў'абука
281	
282–284	ў'абӑлка
285	
286	ў'абӑлка
287–291	
291а	
292–296	
297	ј'абӑлка
298	
298а	
299–304	
305	ј'аблӑка, 'аблако
306	ј'аблӑка, 'аблака
307	ӑб'ӑлка
309–310	
311	јаǫ̆б'улка
312	
313	ј'абулка
313а	
314–315	јӑб'улка
316	ј'абӑлка
317–319	
319а	
320	
322	
323	аб'ӑлка
324–325	
326	јаб'ӑлко
327	
328	јаб'ӑǫ̆лко
330	јаǫ̆б'ӑлкǫ̆
331–334	
336–338	
339	аб'ӑǫ̆лкǫ̆
340	ӑб'оў̆ку, ӑб'оў̆кӑ
341	јаб'олко
342	
343	јаб'аǫ̆лко
344	јабӑлко
345–346	
346а	
347	ӑб'ӑлко
348	ǫ̆ӑб'ӑлко
348а	ӑб'ӑлко
349	ӑб'ӑлко
350	
352	јаб'ӑлко
353–354	
355–357	јаб'ӑко
357	јаб'ӑко
359	јаб'лко
360	
361	л'апка
362	лапка
363	
365	л'апка
366	
367	л'апка
368	лапка
369	л'апка
369а	
370	
373–375	
376	л'апка
376а	
377	лапка
377а	
380–381	
381	
381а	
382	
383	јаболко
384	
385–386	јаболко
386а	ј'аболко
387	јаболко
388	ј'абǫлко
389–390	јаболко
391	л'апка
391а	
392	лапка

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*јаболко*	1–2, 4–6, 8–13, 15, 17–19, 22–23, 24, 24a, 25–26, 29–33, 36–37, 38–44, 46–47, 48–52, 54, 57–59, 60–61, 64–65, 67–68, 71–72, 74, 74a, 75, 78–81, 82, 85–88, 93, 95, 95a, 96, 99–103, 106–110, 113–117, 120–124, 127–131, 134–138, 141–144, 147, 149, 150–152, 155–159, 162–164, 166, 170, 172–173, 176–178, 180, 183–185, 187, 190–194, 197–201, 203, 205–211, 213, 216, 218–222, 225–230, 232–235, 235a, 236–240, 242, 246–250, 253, 255–257, 260–262, 267, 267a, 268–270, 271, 274–276, 276a, 277–278, 280, 282–284, 286, 297, 305–307, 311, 313, 314–316, 323, 326, 328, 330, 339–341, 343–344, 347–348, 348a, 349, 352, 355–357, 359, 383, 385–386, 386a, 387–390
●	*лайка*	361–362, 365, 367–369, 376, 377, 391–392
*	види материјал и коментар	95

На картата се претставени македонските дијалектни називи за ‘јаболко’, коишто се опфатени со прашањето бр. 34 ‘плодот од јаболкница’ од глава XVII, посветена на растителниот свет, од *Прашалникоѿ за собирање на маѳеријал за Макеѳонскиоѿ ѳијалекѿен аѿлас* (Видоески 2000: 153).*

Според ТРМЈ (II 2005: 415), под лексемата *јаболко* стои квалификацијата *боѿанички* и примарно се дефинира како ‘плод од јаболкница’.

На македонската дијалектна територија се јавуваат неколку типови називи за ‘јаболко’. Најфреквентниот е *јаболко,* а по него фонетската разновидност *лаїка*, додека *мајаушка* и *круша* се единични називи.

јаболко

Називот *јаболко* се јавува речиси на целата македонска дијалектна територија и се реализира во повеќе фонетски варијации *јаболко, јаблко, јабӑлко, јабӑко, јабалко, јабулко, јабоко* и други. Во повеќето говори *јаболко/ јаболка* има две значења ‘јаболков плод’ и ‘јаболково дрво’, единствено во некои централни и западни говори дериватите од *јаболко* имаат значење на ‘јаболково дрво – *јаболкница*’.

Лексемата *јаболко* е општословенска, според рус. *яблоко*, укр. *яблуко*, пол. *jabłko*, чеш./слч. *jablko*, луж. *jabłuko*, срп./хрв. *jabuka*, буг. *áблъко*. Прасловенската форма се реконструира како **áblo; *áblsъ*, додека формите со суфискот **-kъ* (*áblъko, áblъko, áblъkъ*, ЭССЯ I 1974: 44–47), претставуваат деминутивни образувања. Семантички истозначни називи се среќаваат и во балтичките јазици, а врз основа на паралелите во другите индоевропски јазици, стисл. *epli*, ствгерм. *apful*, велш. *afal* итн., се претпоставува праиндоевропска форма **h₂éb-ōl* (Derksen 2015: 25–26; Skok I 1971: 742–743; SP 1 1974: 146; Фасмер IV 1987: 539).

лаїка

Како варијанта на *јаболко* на еден ареал на македонската дијалектна територија, во костурско-корчанските говори се јавува и формата *лаїка*. Оваа лексема била присутна и во тајниот sидарски јазик, земена како заемка од костурските говори.

Називот *лаїка* е добиен со испаѓање на вокалот меѓу консонантите, обезвучување на *б* и метатеза од формата *аблъка* (БЕР III 1986: 313). Народната етимологија го поврзува со зборот *лаїа* ‘лакомо јаде’.

мајаушка

Називот *мајаушка* е забележан во едно населено место во дијалектниот материјал, собиран за потребите на МДА, и тоа во Рамне, Охридско.

Мајаушка спаѓа во називи коишто укажуваат на надворешната или внатрешната особина на јаболкото (од типот на *красаїка, ѳрвенак* и сл). Лексемата во македонските говори навлега со посредство на турскиот јазик, од *mayhoş* кое потекнува од персиското *теухоš* со значење ‘киселкаст’, споредиу и срп. *мајош* ‘киселкав’ и буг. *мајхош* ‘слатко-киселкав’ (Škaljić 1966: 443; Haverić, Šehović 2017: 234).

круша

Како назив за ‘јаболко’ во Смолари – Струмичко се среќава единичниот назив *круша*, додека, пак, со значење ‘круша’ постои двосложен назив *круша оїашкарка*.

Називот *круша* е општословенски, според и рус./блр./укр. *груша*, пол. *grusza, gruszka*, чеш./слч. *hruška*, глуж. *krušwa*, длуж. *kšuška*, слн. *hruška*, срп./хрв. *kruška*, буг. *круша.* Прасловенската форма е **gruša,* а според Трубачев (ЭССЯ VII 1980: 156) претставува изведенка со суф. **-j-a* од **grušiti (*krušiti)* со паралели во балтичките јазици – стпрус. *crausy* ‘крушово дрво’, *crausios* мн. ‘круши (плодови)’, латв. *grauše* ‘круша’ итн. Се третира како назив од праевропскиот супстрат, како стар балтословенско-германски назив или како стара заемка со непознат извор, можеби курдски со аварско посредување на што упатува и прататковината на дрвото круша како култура – Кавказ или Средна Азија (Skok II 1972: 215; Snoj 2016: 241).

* Називите за *јаболко* во македонските дијалекти детално ги анализира Киш (1996: 15–19).


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Куманово
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Кичево
Дебар
Струга
Охрид
Ресен
Битола
Прилеп
Неготино
Кавадарци
Велес
Штип
Св. Николе
Кочани
Радовиш
Струмица
Берово
Делчево
Благоевград
(Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Петрич
Валовиште
Драма
Серез
Дојран
Гевгелија
Струмица
Струмица
Кукуш
Лагадина
Гумендже
Ениџе-Вардар
Воден
Лерин
Кајлар
Негуш
Бер
Солун
Крива р.
Пчиња
Брегалница
Црна Р.
Вардар
Струма
Места
Голик
Бистрица
Треска
Радика
Црн Дрим
ЛЕГЕНДА
јаболко
лапка
* види материјал и коментар

1	гра, сочиво	81a		158	гра	254a		305–306	боп, фас'ул’	376	фасул’
2		82	граф	159	грав	255–257	боп	307	фӑс'ул’	376a	
3–6	гра	85–87	граф	162–164	гра	260–262	боп	309–310		377	фасул’
8	грав	88	гра	165		263	фас'ул’	311	фас'ул’	377a	
9–10	гра	89		166	гра	264	боп, фас'ул’	312		380–381	
11		92		169		265		313	фас'ул’	381a	
12–13	гра	93	граф	170	грав^{ф}	267	боп	313a		382	
15	гра	94		171		267a	боп	314	фас'ул’	383	гра
16		95	грав	172	грав	268–270	боп	315–316	фӑс'ул’	384	
17–18	гра	95a	граф	173	граф	270a	боп	317–319		385	граф, гра
19	гра, боб	96	гра, граф	176	грав$^{(ф)}$	271–272	боп	319a		386	грав
22–23	гра	99–100	граф	177	гра꞉	274–275	боп	320		386a	граф, фасул’
23a		101	грав	178–179	граф	276	куст'уретӑ	322		387	грав
24	гра	102–103	граф	180		276a	боп	323	фӑс'ул’	388–390	граф
24a	гра	106	гра	183–187	гра	277	вас'ул’	324		391	гра
25–26	гра	107	граф	190	гра	278	боп	325	б^{ў}оп	391a	
29–33	гра	108	гра	191	гр'а꞉	279	фас'ул’	326	боп	392	фас'ул’ки
36–37	гра	109–110	граф	192–194	гра	280	боп	327			
37a		113	грав	197	гра	281		328	боп		
38–42	гра	114	граф	198	грах	282	боп	330	фо̣с'уль		
43	граф	115	грах	199	боп	283	фас'ул’	331–334			
44	гра	116–117	гра	200	боп	284	фас'ул’, вас'ул’	336			
45		118		201	фӑ^{ӑ}с'ул’	285	вӑс'ул’	337	фас'ул’, боп		
46	гра	120	гра꞉	203	фӑс'ул’	286–287		338			
47	сочио	121	граф	205	фас'ул’	288	вас'ул’	339–340	боп		
47a		122	боп	206–208	фӑс'ул’	289	фас'ул’	341–344	боп		
47b		123	гра	209	фӑс'уль	290	фас'ул′	345–346			
47v		124	граф	210	фас'уль	291	вас'ул’, фас'ул’	346a			
48–54	сочио	125		211	фас'ул’	291a		347–348	боп		
55		127–128	граф	212		292	вас'ул’, фас'ул’	348a	боп		
57	сочио	129	грав	213–214	боп	293–294	фас'ул’	349	боп		
58	гра	130	граф	215		295		350			
59		131		216	фас'ул’	296	грав	352–353	боп		
59a		134–137	граф	218	боп, грах	297	ендӑр вӑс'ул’	354			
60–61	граф	138	граф, сочио	219–222	боп	298	вас'ул’, фас'ул’	355–356	боп		
64	грав^{ф}	141	с'очио	225–226	боп	298a	вас'ул’, фас'ул’	357	граф, гра		
65	граф	142	сочио	227–230	гра	299	фас'ул’	359–360			
66		143–144	граф	232–234	гра	300–301		361–362	фасул’		
67–68	граф	145–146		235	боп	302	фас'ул’	363			
69		147	граф	236–238	гра	303	пап'уда	365	фасул’, боп		
71–74	граф	148		239	гра^{x}, боп	304		366			
74a	граф	149	граф	240	боп			367–369	ф'асул’		
75	граф	149a		241				369a			
76		150–151	граф	242–243	боп			370			
78–80	граф	152	грав	246–250	боп			373–375			
81	граф, сочjо	155–156	граф	253	боп						
		157	грав	254							

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*ґрав*	1, 3–6, 8–10, 12–13, 15, 17–18, 19, 22–24, 24a, 25–26, 29–33, 36–46, 58, 60, 61, 64–65, 67–68, 71–74, 74a, 75, 78–80, 81, 82, 85–88, 93, 95, 95a, 96, 99–103, 106–110, 113–117, 120–121, 123–124, 127–130, 134–137, 138, 143–144, 147, 149–152, 155–159, 162–164, 166, 170, 172–173, 176–179, 183–187, 190–194, 197–198, 218, 227–230, 232–234, 236–238, 239, 296, 357, 383, 385–386, 386a, 387–391
▲	*фасол*	201, 203, 206–210, 263, 277, 284–285, 288, 290, 291–292, 297, 298, 298a, 305, 306, 307, 311, 313–316, 323, 330, 337, 361–362, 365, 368, 376–377, 386a, 392
■	*боб*	19, 122, 199–200, 213–214, 218, 219–222, 225–226, 235, 239, 240, 242–243, 246–250, 253, 255–257, 260–261, 262, 264, 267, 267a, 268–270, 270a, 271–272, 274–275, 276a, 278, 280, 282, 305, 306, 325–326, 328, 337, 339–344, 347–348, 348a, 349, 352–353, 355–356, 365
⬟	*сочиво*	1, 47–54, 57, 81, 138, 141–142
*	види материјал и коментар	276, 297, 303

Картата донесува преглед на називите за ‘грав’ (*Phaseolus*) на македонската дијалектна територија. Овие називи претставуваат одговор на прашањето бр. 178 ‘грав, фасул, боб, сочиво’ од глава XVII *Растителности* од *Прашалникот за собирање материјал* за МДА (Видоески 2000: 158).*

Според ТРМЈ (I 2003: 367), лексемата *грав* примарно се дефинира како ‘едногодишно зрнесто растение со плодови во мешунки што се користат за исхрана’.

На македонската дијалектна територија се изделуваат следниве називи за ‘грав’ во повеќе фонетски варијации: *грав, фасул, боб, сочиво, папуџа, кустурета.*

грав

Називот *грав* се претставува во говорите со повеќе фонетски разновидности: *граф, грах, гра, гра*. Овој назив е најфреквентен на македонската дијалектна територија, особено во северните и во западните македонски говори, а се појавува и во источните.

Лексемата *грав* во македонскиот ја континуира прасловенската форма **gòrxъ,* која има балтословенско и индоевропско потекло. Балтословенската основа е **gorš-*, а континуанти се јавуваат и во другите словенски јазици, како и во литванскиот и латвискиот (Derksen 2008: 179). Махек (Machek 1968: 182) претполага праевропско потекло, додека други етимолози го споредуваат со латинскиот назив на грашок *Pisum* и му даваат почетна семантика ‘нешто што се трие, а потоа се јаде’. Овој назив како културен термин го позајмиле Грците, Албанците и Турците (Skok I 1971: 604–605; Фасмер I 1986: 297; БЕР IV 1995: 275; Rejzek 2015: 235).

боб

Називот *боб* е означен како дијалектен збор во толковните речници на македонскиот јазик. Забележан е и во фонетската варијанта *боп*. Карактеристичен е за источните говори, а се јавува и на југоисточниот и на југозападниот ареал.

Постарото значење на називот *боб* било ‘бакла’ (*Vicia faba*) како во латинскиот и во прускиот еквивалент. Семантичката промена лесно се реализирала зашто некогаш баклата од Авганистан, од каде што, се претполага, потекнува оваа култура, имала поситни зрна, за разлика од баклата од северна Африка со јадри зрна. Дијалектното значење на ‘грав’ е регистрирано во повеќе словенски јазици (освен во мак., и во рус., буг., срп., хрв., слн., слч., глуж., длуж.). Називот *боб* доаѓа од прасловенското **bobъ*, коешто се поврзува со праиндоевропската форма **bʰabʰo-, *bʰabʰah₂-* (Rejzek 2015: 90). Како назив на култура го позајмиле Романците, Албанците и Унгарците (Skok I 1971: 176–177; БЕР I 1971: 59–60).

фасул

Називот *фасул* е дијалектизам на македонските говори, забележан во неколку дијалектни разновидности: *фасу́л’, фӑсу́л’, васу́л’, вӑсу́л’,* во еден пункт е регистриран сложениот назив *ењдӑр вӑсу́л’.* Застапен е на југоисточниот и на југозападниот македонски дијалектен ареал.

Формата *фасул* се смета за балкански грцизам од латинско потекло, познат уште во српскиот (*пасуљ*), хрватскиот (*pasulj*), бугарскиот (*фасул*), албанскиот (*fasole*) и ароманскиот (*fă̆súle*), грч. *φάσηλος* > нгрч. *φασούλι*, лат. *phaseolus* (Skok I 1971: 126–127; Аргировски 1998: 279). Овој назив има поширок европски ареал – се среќава не само во балканските, ами и во повеќе словенски и европски јазици (чеш., слч., слн., пол., рус., герм., итал., шп., порт., унг.).

сочиво

Називот *сочиво* е означен како дијалектизам во толковните речници на македонскиот јазик, претставен само со значењето ‘леќа’.† Овој назив има значење на ‘грав’ на еден мал ареал од северните и западните говори, а забележан е во неколку разновидности: *сочиво, сочио* и *сочјо*.

Називот *сочиво* е општословенски, сп. рус. *сочиво* ‘сок од семе’, срп. *сочиво* ‘леќа, вариво’, доаѓа од псл. **sačiva* ‘нешто сварено, зготвено, т.е. мешункасти растенија кои не се јадат сурови’, изведено од псл. глагол **sačiti* ‘готви; направи нешто течно, мокро итн.’, чија индоевропска основа се претполага **sm̥ekṷe/o-* ‘да биде влажен, течен’ (Snoj 2016: 589; БЕР VII 2010: 378; Skok III 1973: 302; Фасмер III 1987: 731).

папуџа

Лексемата *папуџа* не е регистрирана во толковните речници на македонскиот јазик. На картата се јавува само во едно населено место како назив чиј референт е ‘грав’.

Називот претставува заемка во македонските говори од грчки, сп. новогрчки *παπούδα* ‘вид вариво’. Според Аргировски (1998: 205) изведено е од *πάππος* ‘семе’, образувано со суф. *-ουδα.* Во ароманскиот јазик, пак, се јавува форма *bubótă* со значење ‘вид колач од пченкарно брашно’.

кустурета

Кустурета како назив за ‘грав’ е регистриран само во еден пункт во Пиринска Македонија (Банско 276).

За потеклото на овој назив претполагаме дека се работи за изведенка од *кост,* односно од псл. **kastь*, сродно со лат. *costa* ‘ребро’. Од прасловенската форма на јужнословенскиот ареал среќаваме деривати со семантика ‘тврдо зрно’, на пр. *костилка* (БЕР II 1979: 666–667).

---

* Оваа појава е подетално опишана кај Киш (1996: 123–126).

† Ова значење не му одговара на изворниот и на дијалектниот материјал за МДА.


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Кумановo
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Велес
Св. Николе
Штип
Кочани
Делчево
Радовиш
Берово
Струмица
Петрич
Неготино
Кавадарци
Прилеп
Битола
Ресен
Охрид
Струга
Кичево
Дебар
Брод
Гевгелија
Дојран
Валовиште
Разлог
Банско
Благоевград
(Г.Џумаја)
Гоце Делчев
(Неврокоп)
Сандански
(Св.Врач)
Лагадина
Гумендже
Кукуш
Ениџе-Вардар
Воден
Лерин
Костур
Кајлар
Негуш
Бер
Солун
Серез
Драма
Струмица
Радика
Треска
Пчиња
Брегалница
Црна Р.
Вардар
Голик
Места
Бистрица
Црн Дрим
ЛЕГЕНДА
грав
фасол
боб
сочиво
* види материјал и коментар

1 л’ил”ач
2
3 љ'иљач
4–6 јоргов'ан
8 јоргов'ан
9 л'ил’ак
10 јоргов'ан, аргов'ан
11
12 оргов’ан
13 јоргов'ан
15 ј'оргован
16
17
18–19 јоргов'ан
22 оргов'ан
23 јергов'ан
23а
24 јоргов'ан
24а јоргов'ан
25 јоргов'ан
26 љ'иљак
29
30 л'илјак
31–32
33 аргован
36 арг'ован
37 слабиња
37а
38 аргован
39 јаргован
40 слабинка
41 сл'абинка
42 слабинка
43 сл'абинка
44 слабинка
45
46–47 слабинка
47а
47б
47в
48–52 слабинка
53
54 слабинка
55
57 аргоан
58 аргован
59
59а
60 аргоан
61 аргован
64–65 оргоан
66
67 оргоан
68 јоргован
69
71 јоргован
72 оргоан
73 ǫргуан
74 јоргован
74а јоргован
75 јоргован
76
78 јоргован
79 ӑргофан
80–81 арган
81а
82 оргоан
85 аргафан
86 арган
87 аргафил’
88 арган
89
92
93 јоргован
94
95 аргафен
95а аргафил’
96 аргафан
99 аргафан
100 аргафан, јоргован, лил’јӑк
101 јоргоан
102 јоргован
103 ј'оргован
106 ј'орган, ј'оргаван
107 аргаван
108
109 арга꞉н
110 аргоан
113 ј'оргован
114 аргафан
115 јоргован
116 јоргаван
117 аргаван
118
120
121 аргоан
122 арг'аван
123 јорг'оан
124 аргоан
125
127 јоргǫан
128 орго꞉ан
129 јорго꞉н
130 орго꞉н
131 оргоан
134–135 орго꞉н
136 слобика
137
138 јергоан
141 ј'оргоан
142 слабинка
143 јоргован
144 орго꞉ан
145–146
147 јоргоан
148
149 слабинка
149а
150 слабеника
151 слаб'еника
152 оргован
155–157 аргован
158 аргаван
159
162 јоргован
163–164 лил’јак
165–166
169–171
172–173 јоргоан
176 јоргован
177–178 лилјак
179
180 ј'орго꞉н
183–186
187 лилјак
190 лил’јак, орг'ован
191 л'ил’ак
192–193
194 ј'оргован
197–198
199 л'илјак
200 јоргов'ан
201 аргӑв'ан
203 л'ил’ак
205–206 аргǫв'ан
207 аргӑв'ан
208
209 ӑргӑв'ан
210 оргов'ан
211 аргав'ан
212
213 аргав'ан
214 л'илек
215
216 аргов'ан
218 л'ил’јак
219 оргов'ан
220 аргав'ан, арваг'ан
221 л'ил’ǫак, ергов'ан
222 оргов'ан
225 л'ијл’ак
226 оргов'ан
227–228 л'илјак
229 рогов'ан
230 оргов'ан
232 л'ил’јак
233 л'ил’ак
234 л'ил’јак
235 л'ил’јак, 235а л'ил’ак
236 рогов'ан
237 л’'ил’ак
238–240 л’'ил’јак
241
242 л’'ил’јак
243 л'ил’јак
246 л'ил’јак
247 л'илјак
248 л'ил’јак
249 л'илјак
250 л'ил’јак
253 л'ил’јак
254
254а
255–256 л'иљак
257 л'илјак
260 л'иљак
261–262 л'иљак
263–265
267 л'ил’јак
267а
268–270
270а
271–272
274–276
276а
277–291
291а
292–293
294 ругув'ан
295–298
298а
299–306
307 л'илјӑк
309–310
311 аргув'ан
312
313 ǫргув'ан
313а
314
315 аргув'ан
316 аргов'ан
317–319
319а
320
322
323 ǫргӑв'ан
324
325 ургув'ан
326 аргав'ан
327
328 аргав'ан
330–334
336
337 јǫргǫв'ан
338
339 ǫргав'ан
340 ӑргӑв'ан
341 ӑргǫв'ан
342 аргав'ан
343 рӑгав'ан
344 јоргован, велигд'енско цутје
345–346
346а
347 ӑргӑв'ан
348 аргӑв'ан
348а ӑргӑв'ан
349 ӑргӑв'ан
350
352–353 аргав'ан
354
355–356 арг'аван
357 ј'оргован
359–360
361 аргав'ан
362 аргов'ан, ергав'ан
363
365 велигд'енско ц'утје
366–369
369а
370
373–376
376а
377
377а
380–381
381а
382
383 в’еливденско цвеќе
384
385 јоргован, јорга꞉н
386
386а
387
388 ј'орго꞉ван
389 ј'оргован
390
391 јорг'аван
391а
392

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
●	*јорг̄ован*	4–6, 8, 10–13, 15, 18–19, 22–23, 24, 24a, 25, 33, 36, 38–39, 57–58, 60–61, 64–65, 67–68, 71–74a, 75, 78–81, 82, 85–88, 93, 93–95a, 96, 99, 100, 101–103, 106–110, 113–117, 121–124, 127–131, 134–135, 138, 141, 143–144, 147, 152, 155–158, 162, 172–173, 176, 180, 190, 194, 200–201, 205–207, 209–211, 213, 216, 219–220, 221, 222, 226, 229–230, 236, 294, 311, 313, 315–316, 323, 325–326, 328, 337, 339–344, 347–348a, 349, 352–353, 355–357, 361–362, 385, 388–389, 391
⬟	*лиљак*	1–2, 9, 26, 30, 100, 163–164, 170, 177–178, 187, 191, 199, 203, 214, 218, 221, 225, 227–228, 232–235, 237–240, 242–243, 246–250, 253, 255–257, 260–262, 267, 307
■	*слабинка*	37, 40–44, 46–47, 48–52, 54, 136, 142, 149, 150–151
▲	*велиг̄денско цвеќе*	365, 383

Во оваа карта се обработува прашањето 203 од XVII глава од Прашалникот на македонскиот дијалектен атлас ‘јоргован, слабинка’ од областа *Расшшелносш* (Видоески 2000: 158).

Во *Толковниош речник на македонскиош јазик* ‘јоргован’ се дефинира како ‘вид грмушесто растение со гроздести, виолетови, розови или бели мирисливи цветови: Syringa vulgaris’ (ТРМЈ II 2005: 436).

На македонската дијалектна територија се изделуваат следните називи за ‘јоргован’ во повеќе фонетски варијанти: *јорѓован*, *лилјак*, *слабинка* и *велиѓденско цвеќе*.

јорѓован

Лексемата *јорѓован* со своите педесетина дијалектни разновидности има најширок ареал. Изолексемата *јорѓован* е карактеристична за централните и западните говори; во источниот и преодниот тиквешко-мариовски регион дистрибуцијата на нејзиното појавување отстапува пред лексемите *лилјак* и *лилјаче*.

Називот *јорѓован* е балкански турцизам. Се среќава во повеќе балкански јазици: српскиот, хрватскиот (ергован, хергован, јергован, јоргован, јаргован), романскиот (jorgovan, ergovan, orgoăn, argavan, argăvan, argovan), ароманскиот (argaván, argăvan, arguvan, gĭurgĭván) и албанскиот јазик (jorgavan); сп. уште унгарски orgona, orgonafa и словачки orgován.

Лексемата *јорѓован* е влезена во балканските јазици од турскиот јазик, каде што е заемка од персиско потекло (тур. erguvan 1. Јудино дрво, Cercis siliquastrum, 2. црвен, пурпурен, перс. arğuwān < асир. argamannu ‘црвен пурпур’) (Skok I 1971: 783; Škaljić 1966: 373).

лилјак

Изоглосата на *лилјак* и *лилјаче* завршува на линијата Карабуниште – Извор – Тројаци – Старавина. Дијалектните разновидности на *лилјак* и *лилјаче* прават два компактни ареала: ареалот *лилјаче* во повардарскиот дел и ареалот *лилјак*, по широчина поголем, кој ја опфаќа дијалектната територија источно од линијата Кнежје – Богословец – Љуботен – Конче – Фурка.

Лексемите *јорѓован* и *лилјак* се карактеристични за Балканскиот Полуостров. Се забележува дека ареалот на *јорѓован* го опфаќа западниот дел, на *лилјак* – источниот, и дека нивните изоглоси на македонската територија имаат речиси иста карактеристика. Според ареалната слика, изоглосата на *лилјак* навлегла во ареалот на лексемата *јорѓован*, којашто претходно била донесена и се смета за постара. Другите називи на ‘јоргован’ (*слабинка*, *велиѓденско цвеќе*) имаат предимно локален карактер и потекнуваат од јазичната периферија.

Овој балкански и европски турцизам (тур. leylak ‘јоргован’) има персиско потекло (пер. līläg > арап. līlak). (Skok II 1972: 337) Називот има паралели во повеќе балкански јазици: ср. хр. љиљак, буг. люляк, диј. лиљак(а), лилек(а), ром. liliac, диј. ililiac, liulac, liliac nemţesc, аром. lilá, грч. λιλα и алб. lilak. Овој турцизам е регистриран и во повеќе европски јазици: пол. lilak, англ. lilac, шп. lila, порт. lilás, фр. lilas.

слабинка

Лексемата *слабинка* е дијалектизам на некои западни и северни говори. Карактеристична е за полошките говори, од каде што изоглосата преминува и во Порече, Кичевско и Скопско.

Аналогни лексеми со значење ‘јоргован’ или на некое друго ботаничко значење, не се забележени во соседните словенски јазици. Во ароманскиот јазик среќаваме еден назив од непознато потекло, според Т. Папахаџи, а со ботаничко значење; *slap*, пл. *slaki* ‘клека (ром. јер)’, кој би можел да има словенско потекло ако се асоцира со мак. фитоним *слаб бор* ‘кривуљ, клек’ од разлошко и со изведенките регистрирани во српскиот/ хрватскиот јазик *слабица* и *слабиш* ‘слаба кошница со малку пчели’.

Потеклото на овој назив, според БЕР, се поврзува со прасловенското **slābinā*, кое пак семантички се поврзува со сродното лит. *pa-slēpenes* ‘слабини’ (БЕР VI 2002: 828).

велиѓденско цвеќе

Од југозападните говори е називот *велиѓденско цвеќе*. Регистриран е во две дијалектни разновидности: *велиѓденско цушје* (Хрупишта – Леринско) и *веливденско цвеќе* (Ошчима – Леринско).

Номинацијата на називот *велиѓденско цвеќе* се објаснува со времето кога цути јоргованот. Мотивот време на цутењето не е редок при номинацијата на ботаничките називи, особено на називите на цвеќиња.


Србија
(Косово)
Бугарија
Албанија
Грција
Крива Паланка
Кумановo
Кратово
Скопје
Тетово
Гостивар
Св. Николе
Велес
Штип
Кочани
Делчево
Радовиш
Берово
Неготино
Кавадарци
Струмица
Кичево
Брод
Прилеп
Битола
Ресен
Охрид
Струга
Дебар
Корча
Костур
Лерин
Воден
Негуш
Кајлар
Бер
Гевгелија
Дојран
Струмица
Петрич
Благоевград (Г.Џумаја)
Разлог
Банско
Гоце Делчев (Неврокоп)
Сандански (Св.Врач)
Места
Валовиште
Драма
Серез
Струма
Кукуш
Гумендже
Лагадина
Ениџе-Вардар
Солун
Голик
Вардар
Црна Р.
Брегалница
Пчиња
Треска
Радика
Црн Дрим
Бистрица
Крива р.
ЛЕГЕНДА
јоргован
лилјак
слабинка
велигденско цвеќе

1–2	пам'ук
3	
4–6	пам'ук
8	буб'аќ / п'амук
9	буб'аќ /
10	пам'ук
11	пам'ук / буб'аќ
12	буб'аќ
13	пам'ук
15	буб'аќ / пам'ук
16	
17–19	пам'ук
22–23	пам'ук
23а	
24	пам'ук
24а	б'убаќ
25	пам'ук / б'убаќ
26	буб'аќ
29	буб'аќ
30–31	б'убаќ
32	б'убаќ / п'амук
33	б'убаќ
36–37	памук / бубаќ
37а	
38–39	бубаќ
40	б'убаќ
41	п'амук
42	п'амбук
43	б'убаќ / п'амбук
44	п'амбук
45	
46–47	п'амбук
47а	
47б	
47в	
48–52	п'амбук
53	
54	п'амбук
55	
57–58	п'амбук
59	
59а	
60	п'амбук
61	бобоќ
64–65	памбук
66	
67	памбук
68	бобаќ
69	
71	памбук / бобаќ
72–74	памбук
74а	памбук
75	памук
76	
78–80	памбук
81	п'ампук
81а	
82	памук
85–88	памбук
89	
92	
93	памбук
94	
95	памбук
95а	памбук
96	памбук
99–102	памбук
103	п'амбук
106	п'амбук
107	памбук
108	п'амбук
109–110	памбук
113–116	памбук
117	бабаќ / памбук
118	
120	бабак
121	бубаќ
122	бубек
123	бубаќ
124	памбук / бубаќ
125	
127–131	бубаќ
134–136	памбук
137	памбук / бубаќ
138	памбук
141–143	памбук
144	бубаќ
145–146	
147	памбук / бубаќ
148	
149	бубаќ
149а	
150	бубаќ
151	п'амбук
152	б'убаќ / п'амук
155–157	б'убаќ
158	памбук
159	памук
162–164	бубаќ
165	
166	бубаќ
169	
170	бубаќ
171	
172–173	бубаќ
176	бубаќ
177	б'убаќ
178	бубаќ
179	
180	бубајќ
183–185	бубаќ
186	бубаќ / бубак
187	бубеќ
190	бубаќ
191	б'убиќ
192	б'убаќ
193	бубаќ
194	б'убаќ
197	б'убаќ
198	б'убак
199–201	буб'аќ
203	буб'аќ
205	буб'аќ
206–207	буб'ајк
208	буб'аќ / пам'ук
209	буб'аќ
210–211	пам'ук / буб'аќ
212	
213–214	буб'аќ
215	
216	буб'ајк
218	пам'ук
219	буб'аќ / пам'ук
220–222	буб'аќ
225	буб'аќ
226	буб'аќ / пам'ук
227	буб'аќ
228	пам'ук / буб'аќ
229–230	буб'аќ
232–234	буб'аќ
235	пам'ук / буб'аќ
236	буб'аќ
237	пам'ук
238–239	буб'аќ
240	памук
241	
242–243	пам'ук
246–250	пам'ук
253	пам'ук
254	
254а	
255–257	пам'ук
260–261	пам'ук
262	буб'аќ / памук
263–265	
267	пам'ук
267а	пам'ук
268–270	
270а	
271–272	
274–275	
276	пам'ук
276а	
277–290	
291	буб'аӈк
291а	
292–293	буб'аӈк
294	буб'аќ
295–296	
297	памб'ук / буб'аќ
298	буб'аӈк
298а	буб'ак
299	буб'аӈк
300–301	
302	буб'ак
303–306	
307	буб'аќ
309–310	
311	буб'ајк
312	
313	буб'ајк
313а	
314	буб'ајќ
315	буб'аќ
316	буб'ајќ
317–319	
319а	
320	
322	
323	буб'аќ
324	
325–326	буб'аќ
327	
328	буб'аќ
330	буб'аќ
331–334	
336	
337	буб'ајќ
338	
339–340	буб'аќ
341	б'ӑбик
342	буб'аќ
343	бо̨б'аќ
344	бубек / бубаќ
345–346	
346а	
347	памук / б'ӑбек
348	б'ӑбек / бӑбӑќерно платно
348а	б'ӑбек
349	б'обек
350	
352	б'ӑбеќ
353	б'ӑбик
354	
355–356	б'абек
357	п'амбук / памбучно платно
359–360	
361	б'ӑмбук
362	п'амбук
363	
365	п'амбук, п'амбуко
366	
367	п'амбук
368	памбук
369	п'омбук
369а	
370	
373–375	
376	п'амбук
376а	
377	памбук
377а	
380–381	
381а	
382	
383	памбук
384	
385–386	памбук
386а	памбук
387	бӑбок
388–389	п'амбук
390	памбук
391	вамваќ / вамваќо
391а	
392	п'амбук

Знак од легендата	Назив	Број на пункт
	п̄амук	1–2, 4–6, 8, 10, 11, 13, 15, 17–19, 22–24, 25, 32, 36, 37, 41–42, 43, 44, 46–52, 54, 57–58, 60, 64–65, 67, 71, 72–74, 74a, 75, 78–81, 82, 85–88, 93, 95, 95a, 96, 99–103, 106–110, 113–116, 117, 124, 134–136, 137, 138, 141–143, 147, 151, 152, 158–159, 208, 210, 211, 218, 219, 226, 228, 235, 237, 240, 242–243, 246–250, 253, 255–257, 260–261, 262, 267, 267a, 276, 297, 347, 357, 361–362, 365, 367–369, 376–377, 383, 385–386, 386a, 388–390, 392
	бубаќ	8, 9, 11, 12, 15, 24a, 25, 26, 29–31, 32, 33, 36, 37, 38–40, 43, 61, 68, 71, 117, 120–123, 124, 127–131, 137, 144, 147, 149, 150, 152, 155–157, 162–164, 166, 170, 172–173, 176–178, 180, 183–187, 190–194, 197–201, 203, 205–207, 208, 209, 210, 211, 213–214, 216, 219, 220–222, 225, 226, 227, 228, 229–230, 232–234, 235, 236, 238–239, 262, 291–294, 297, 298, 298a, 299, 302, 307, 311, 313–316, 323, 325–326, 328, 330, 337, 339–344, 347, 348, 348a, 349, 352, 353, 355–356, 387, 391

На картата се претставени македонските дијалектни називи за ‘памук’, коишто се опфатени со прашањето бр. 242 од глава XVII, посветена на растителниот свет, од *Прашалникоѿ за собирање на маѿеријал за Макеδонскиоѿ δијалекѿен аѿлас* (Видоески 2000: 160).*

Според ТРМЈ (VI 2014: 22), лексемата *памук* се дефинира како ‘едногодишно растение чијшто плод се користи за изработка на текстилно влакно’.

Како референти за културата памук на македонската дијалектна територија се јавуваат две општи варијанти – *памук* и *бубаќ*. Овие форми, етимолошки имаат исто потекло, но различен пат од аспект на нивното импортирање во македонските говори. Затоа, во продолжение во коментарот и на картата ги претставуваме како два одделни назива.

памук

На македонската дијалектна територија, овој назив се јавува во разновидностите: *памук* и *памбук*. Формата *памук* се среќава во северните говори и во дел од источните македонски говори – Кривопаланечко, Кумановско, Скопско, Кочанско, Малешевско, Делчево, Струмичко, поретко во Радовишко и Штипско, а во помала мера е застапена и во некои западни периферни говори. Формата *памбук* е карактеристична за западната периферија, се јавува во Гостиварско, Дебарско, Струшко, Преспанско, Мала Преспа, Охридско, Костурско, како и во Битолско и Кичевско, но и во северозападните говори.

Називот *памук* се смета за балкански турцизам. Всушност, називот има персиско потекло, а навлегол со посредство на османскиот турски во јужнословенските, но и во други балкански несловенски јазици – алб. *pambuk*. Турскиот назив е *pamuk, panbuk*, а персиската форма *panbak, panbe* ‘памук, вата’ (Haverić, Šehović 2017: 252; БЕР V 1996: 35–36; Skok I 1971: 235). Памукот се смета за една од најстарите култури во стариот Египет. Во однос на ширењето на оваа култура на Медитеранот – заслугите примарно им се припишуваат на Арапите.

бубаќ

Називите од типот на *бубаќ* се застапени во поголем број фонетски разновидности: *бубаќ, бубајк, бубак, бубиќ, бабаќ, бабек, бäбик, бäмбук, бобаќ* итн. Најфреквентна е варијантата *бубаќ*, која се јавува во пунктовите во Овче Поле, Скопско, Велешко, Тетовско, Поречје, Демирхисарско, Кичевско, Битолско, Прилепско, Мариово, Тиквешко, Гевгелиско, Дојранско, Валовишко, Солунско, Струмичко, Штипско, Радовишко, а наместа, поретко, и во некои од североисточните говори. Ваквите називи се карактеристични за јужните македонски говори (со исклучок на југозападните), како и за говорите во централниот дел на Македонија. Продираат до северните македонски говори.

